Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 240, 15 октомври 2019 година

октомври 2019 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во звање насловен доцент во наставно-научната област Хидрологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Финансиски менаџмент и финансии на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област Претприемништво, Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 40

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област Видови на инструменти - Кларинет на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 59

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент во сите звања за наставно-научната област Физикална медицина со принципи на рехабилитација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 67

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник за наставно-стручно звање лектор за научната област Туркологија на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 73

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област Наука за книжевност и наука за јазик 64004 Англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 77

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Институции на Европска унија” (Скрипта) од доц. д-р Ана Никодиновска-Крстевска, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 87

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Институции на Европската унија” (Практикум) од доц. д-р Ана Никодиновска-Крстевска, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 90

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот со наслов „Педијатрија со нега” од проф. д-р Елизабета Зисовска, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 92

**РЕЦЕНЗИЈА** на докторска дисертација под наслов „Еколошки и социо-економски аспекти за управување на опасен отпад на локално ниво” изработена од м-р Агрон Алили, пријавена на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 96

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Практикум по облигационо право”од доцент д-р Марија Амповска, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 102

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Облигационо право – општ дел” (скрипта) од доцент д-р Марија Амповска, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип ........ 106

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 109

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од наставно - научниот совет на единицата ........ 111

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева
Главен и одговорен уредник: проф. д-р Блажо Боев
Уредници: доц. д-р Кирил Барбареев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Марија Манева
Печати: Печатница „2- Август“ - Штип
**ISSN: 1857- 8497**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИДРОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1702-124/17 од 1.7.2019 година донесена на седмата седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 27.6.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во звање *насловен доцент* во наставно-научната област *хидрологија* на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

– **д-р Војо Мирчовски,** редовен професор за наставно-научна област хидрологија/ хидрогеологија, Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, **претседател**;
– **д-р Веселин Драгишиќ**, редовен професор за наставно-научна област хидрогеологија, Рударско-геолошки факултет при Универзитет во Белград - **член**;
– **д-р Иван Радевски**, вонреден професор за наставно-научна област хидрологија, Природно-математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, **член**.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Нова Македонија” на 7.6.2019 година.

Пријавата внимателно ја разгледавме и утврдивме дека кандидатот д-р Златко Илијовски, врз основа на распишаниот Конкурс, уредно, навремено и во комплет ги има доставено следниве документи:

1. Диплома за завршено соодветно образование за одбранет докторски труд еден примерок оригинал и три копии заверени на нотар, 2. дипломи за завршен прв и втор циклус студии, копии заверени на нотар, 3. уверение за положени испити на прв и втор циклус студии, 4. кратка биографија во четири примероци, 5. список на објавени научни и стручни трудови, 6. по еден примерок од објавени трудови во последните пет години, 7. потврда дека се служи со еден странски јазик, 8. препорака од двајца професори, 9. препорака од претходен работодавач, 10. примерок од магистерски и докторски труд и 11. уверение за државјанство.

Сите барани документи во целост ги исполнуваат бараните услови од огласот, како и Законот за високо образование.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за природни и технички науки да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Златко Илијовски** е роден во с. Кутретино, Демир Хисар, во 1966 година, каде што го завршува основното образование со одличен успех. Во 1985 год. го завршува средното геолошко училиште во Пробиштип со одличен успех. Дипломира на Рударско-геолошкиот факултет во Штип во 1991 год. На истиот факултет магистрира во 2005 година.

Во декември 2013 година ја одбранува докторската дисертација со наслов „Методологија на изработка на карти на ранливост на подземни водни ресурси” на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, Градежен факултет – Скопје, со што се стекнува со право на академски степен доктор на технички науки.

Од 1992 година до денес е редовно вработен во Градежен институт „Македонија” во Завод геотехника, сектор Хидрогеологија, од кога активно е вклучен во сите фази на истражување, проектирање и изведување на голем број проекти од областа на хидрогеологијата, инженерската геологија, геотехниката и заштитата на животната средина.

Во 2015 година е избран за научен работник во научно подрачје применета геологија, научна област хидрологија/хидрогеологија, во приватниот научноистражувачки институт Институт за истражување во областа на животна средина, градежништво и енергетика ИЕГЕ, каде што до денес се занимава со научноистражувачка работа од областа хидрогеологија.

Како автор и коавтор има објавено преку 30 труда на меѓународни и национални собири.

Низ својата 27-годишна кариера учествува во изработка на преку 170 стручни елаборати, проекти, студии од областа на хидрогеологијата, геотехниката и заштита на животната средина. Член е на Македонското геолошко друштво и на Друштвото за геотехника на Македонија.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни и други остварувања на кандидатот до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

***<u>Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент</u>***

1. Доктор на науки од соодветната научна област (кандидатот д-р Златко Илијовски има завршено трет циклус студии од научноистражувачко подрачје хидрологија/хидрогеологија).
2. Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно (кандидатот има просечен успех од 8,25 на прв циклус, 9,57 на втор циклус).
3. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации, научни собири со меѓународен научен одбор, кандидатот во последните пет години.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Конгрес/симпозиум | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Илијовски З., Макешовска М., Јокановиќ П. (2018): | Hidrogeological characteristics of the carbonate complexes in Republic of Macedonia | *KARST 2018 Expect the Unexpected, Proceedings of the International Symposium* | *Trebinje Bosnia and Hercegovina June 2018* |
| 2 | Илијовски З. Михајловски С. Макешовска М. (2018): | Дополнително водоснабдување на градот Гевгелија со подземни води од алувијалните седименти на р. Вардар | 10 Меѓународна конференција Води и отпад - реалност и предизвици 2018 Зборник на трудови | *Охрид Април 2018.* |
| 3 | Илијовски З. Милановски М. Димов Н., (2017) | “Hydrogeological zoning of the teritory of sity of Skopje and possibilities for use of the grounwater for technical needs” | *SUB URBAN 2017 Planing and Management WEEK. Book of abstracts* | *Bukurest Romania. mart 2017* |
| 4 | Илијовски З (2016): | Изработка на ажурирана хидрогеолошка карта на. Македонија 1:300 000 | *Трет конгрес на геолози на Р. Македонија* | *Струга Октомври 2016* |
| 5 | Илијовски З. (2016): | Методологија израде карата рањивости подземних вода (метода MVCRS) | *XV Српски симпозијум о хидрогеологији* | *Копаоник Септември 2016* |
| 6 | Илијовски З. (2014): | Методологија на изработка на карти на ранливост на подземните води | *IV симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија* | *Струга јуни 2014.* |

**Краток приказ на резултатите прикажани во шесте референтни трудови од последни пет години**

**1.** Илијовски З., Макешовска М., Јокановиќ П. (2018): Hidrogeological characteristics of the carbonate complexes in Pepublic of Macedonia. *KARST 2018 Expect the Unexpected. Proceedings of the International Symposium. Trebinje Bosnia and Hercegovina.*

Во овој труд се прикажани резултати од обемни регионални и детални хидрогеолошки истражувања на карбонатните комплекси во Македонија.

Република Македонија се карактеризира со доста сложени геолошко-тектонски карактеристики на теренот. Од аспект на резерви на подземни води, покрај алувијалните неврзани литолошки формации, најголемо значење имаат карбонатните комплекси. Карбонатните комплекси во Македонија се изградени од најразлични видови карпи. Главно се застапени прекамбриски мермери, палеозојски мермеризирани варовници и мезозојски варовници. Скоро во сите нив е развиена карстно-пукнатинска порозност и формирани се т.н. карстно-пукнатински тип на издани со различна хидрогеолошки и хидродинамички карактеристики. Во ваквите карбонатни комплекси се јавуваат извори најчесто со издашност 10 – 100 l/s, но честа е појавата на карстни извори, т.н. карстни врела со издашност повеќе од 100 l/s, па и повеќе од 1000 l/s. Регистрирани се околу 40 извори со издашност поголема од 100 l/s. Вкупната површина на ваквиот тип на издани на територијата на Р. Македонија изнесува околу 2 620 $km^2$, што претставува 10,2% од територијата на државата. Забележлива е нерамномерност во просторната распространетост. Вкупната просечна издашност на извори од овој тип на издани е околу 25 $m^3$/s.

**2**.Илијовски З. Михајловски С. Макешовска М. (2018): Дополнително водоснабдување на градот Гевгелија со подземни води од алувијалните седименти на р. Вардар. 10. Меѓународна конференција Води и отпад - реалност и предизвици 2018 Зборник на трудови. Охрид.

Во овој труд се прикажани и анализирани резултатите од обемни хидрогеолошки истражувања во алувијалните седименти на река Вардар за потреби на обезбедување на 200л/сек дополнителни количини на вода за водоснабдување на градот Гевгелија. Прикажан е меторолошки пристап во истражувањата, како и дефинирање на експлоатациони водозафати за експлоатација на подземна вода.

**3.**Илијовски З. Милановски М. Димов Н., (2017): Hydrogeological zoning of the teritory of sity of Skopje and possibilities for use of the grounwater for technical needs. *SUB URBAN 2017 Planing and Management WEEK. Book of abstracts. Bukurest Romania.*

Во овој труд се прикажани резултати од обемни хидрогеолошки истражувања на пошироката територија на градот Скопје. Со детална анализа и систематска обработка на тие податоци е изработена хидрогеолошка карта на градот Скопје во размер 1:25000. На оваа карта е прикажана хидрогеолошка реонизација на теренот по типови на издани, ниво на подземна вода, издашност на бунари и други хидрогеолошки параметри.

**4.**Илијовски З. (2016): Изработка на ажурирана хидрогеолошка карта на. Македонија 1300 000. *Трет конгрес на геолози на Р. Македонија, Струга.*

Во овој труд е прикажана изработка на хидрогеолошка карта на Р. Македонија во размер 1:300000. За изработка на оваа карта користени се голем број на расположиви податоци од извршени хидрогеолошки истражувања во изминативе 25 години на територијата на Р. Македонија. Врз основа на таа документација е изработена ажурирана хидрогеолошка карта на Р. Македонија и истата е одпечатена во размер 1:300000.

На изработената карта вообичаено е прикажана хидрогеолошка реонизација на теренот по типови на издани со нивните основни хидрогеолошки карактеристики. Прикажани се најзначајните водни појави и водни објекти.

Презентиран е изворот на податоци односно расположива документација која е користена за изработка на картата, прикажани се резерви на подземни води, користење на подземните води и квалитетот на подземните води.

**5.** Илијовски З. (2016): Методологија израде карата рањивости подземних вода (метода MVCRS). *XV Српски симпозиум о хидрогеологији, Копаоник.*

Во овој труд е прикажана примена на ново развиената методологија (MVCRS – Multiparameter Vulnerability Class Rating System) за изработка на карти на ранливост низ

конкретен пример за изработена карта на ранливост на Македонија во размер 1:300000. Ова е прва изработена карта од ваков тип за просторот на Република Македонија.

6. Илијовски З. (2014): Методологија на изработка на карти на ранливост на подземните води. *IV симпозиум на друштвото за Геотехника на Македонија, Струга.*

Во овој труд се анализирани и прикажани истражувањата и развојот на посебна методологија за изработка на карти на ранливост на подземните води од загадување. Истата се заснова на принципите на некои од постоечките методологии за изработка на карти на ранливост. Концептот на новата методологија лежи во изборот на бројот на параметри, дефинирање на квантитативни критериуми и систем за рејтинг и проценка за секој параметар, именуван како „Повеќепараметарски систем за рејтинг на класата на ранливост“ (MVCRS – Multiparameter Vulnerability Class Rating System).

Основата на новоразвиената методологија делумно се базира на општопознатата DRASTIC методологија за изработка на карти на ранливост на подземните води.

**НАУЧНИ СТРУЧНИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ**

***Научноистражувачка дејност***

Научноистражувачката дејност кандидатот ја потврдува пред сѐ со изработката на својата магистерска и докторска дисертација во областа на применетата геологија, геотехниката и хидрогеологијата со самостојна изработка и публикување (во земјава и во странство). Покрај тоа, за особено истакнување е фактот што до денес како автор објавил 25 научни труда од областите на геотехниката и хидрогеологијата.

Дел од резултатите од своите истражувања кои се анализирани во докторската дисертација ги има ставено на верификација пред меѓународната научна јавност преку публикувани трудови, а особено треба да се истакне дека резултатите од анализите во неговата докторска дисертација кандидатот ги објавил во специјално монографско издание кое е достапно на научната и стручната јавност.

Еднакво значајно е што кандидатот континуирано учествува на поголем број значајни меѓународни собири од областа на геотехниката и хидрогеологијата, како и на голем број на технички обуки и семинари на кои континуирано презентира свои трудови.

Како научен соработник вработен во приватниот научноистражувачки институт ИЕГЕ од 2015 г. до денес е вклучен во реализација на повеќе научноистражувачки проекти во областа на води и животна средина.

Моментално е координатор на работите на Градежен институт Македонија на два меѓународни проекти финансирани од програмата EIT Raw material во кои Градежен институт Македонија е партнер.

**Објавени трудови на семинари конгреси и симпозиуми со меѓународни рецензиони одбори:**

1. Илијовски З., Макешовска М., Јокановиќ П. (2018): Hidrogeological characteristics of the carbonate complexes in Pepublic of Macedonia. Symposium KARST 2018 – Expect the Unexpected, Требиње Босна и Херцеговина.
2. Илијовски З. Михајловски С. Макешовска М. (2018): Дополнително водоснабдување на градот Гевгелија со подземни води од алувијалните седименти на р. Вардар. 10. Меѓународна конференција „Води и отпад – реалност и предизвици“, 2018, Зборник на трудови. АДКОМ, Охрид.
3. Илијовски З. Милановски М. Димов Н., (2017): “Hydrogeological zoning of the teritory of sity of Skopje and possibilities for use of the grounwater for technical needs”. *SUB URBAN 2017 Planing and Management WEEK. Book of abstracts. Bukurest Romania.*
4. Илијовски З (2016): Изработка на ажурирана хидрогеолошка карта на Р. Македонија 1300 000. Трет конгрес на геолози на Р. Македонија, Струга.
5. Илијовски З. (2016): Методологија израде карата рањивости подземних вода (метода MVCRS). XV Српски симпозиум о хидрогеологији, Копаоник.
6. Илијовски З. (2014): Методологија на изработка на карти на ранливост на подземните води. IV симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија, Зборник на трудови. Струга.
7. Илијовски З. (2002): Осврт на подземните води во Прилепско, како потенција-лни

изворишта за дополнување на водоснабдителниот систем на градот Прилеп. Тркалезна маса Водоснабдувањето на Прилеп денес и во иднина. Фонд за води. Прилеп.
8. Илијовски З., Јовановски М., Велевски А. (2004): Методологија на инженерскогеолошко моделирање на преградното место за брана „Света Петка". Зборник на трудови, Прв национален конгрес за брани, Охрид.
9. Илијовски З., Јовановски М., Велевски А. (2005): Геотехничко моделирање терена бране „Света Петка" применом геотехничких и геофизичких метода. Зборник радова са научно-стручног саветовања „Геотехнички аспекти грађевинарства", Копаоник.
10. Илијовски З., Димов М. (2006): Методологија на хидрогеолошки истражувања на ПЈС во јагленовото лежиште „Суводол" - Битола. II симпозиум на Друштвото за геотехника на Македонија. Зборник на трудови. Охрид.
11. Илијовски З., Петроски Д., Стојановски С. (2007): Израда инјекционе завесе узводног загата бране „Света Петка" на реци Треска. Зборник радова са научно-стручног саветовања „Геотехнички аспекти грађевинарства", Соко Бања.
12. Илијовски З., Јовановски М., И. Пешевски (2008): Осврт кон методологија на изработка на карти на повредливост на подземни водни ресурси. Прв конгрес на геолозите на Република Македонија, Охрид.
13. Илијовски З., Пешовска С., Николовска Д, (2010): Карта на повредливост на подземните води ресурси на Република Македонија. III симпозиум на друштвото за Геотехника на Македонија, Струга.
14. Илијовски З., и други,(2010): Методологија на доистражување во јагленовото наоѓалиште Мариово, како основа за изработка на главен рударски проект за отварање и експлоатација. Советување ЗЕМАК, Охрид.
15. Илијовски З., и други (2011): Резултати од изведените истражувања и испитувања во јагленовото наоѓалиште Мариово. Советување ЗЕМАК, Неготино.
16. Zlatko Ilijoski, Igor Peshevski, Cvetanka Popovska, Milorad Jovanovski (2011): Aproach in preparation of groundwater vulnerability maps in Republic of Macedonia. Technical Progress in Sanitary Engeneering. Gdansk university of Tehnology Publishers.
17. Илијовски З.,Милановски М. (2012): Хидрогеолошка реонизација на подрачјето на град Скопје и можности за искористување на подземната вода за наводнување на зелени површини. Втор конгрес на геолози на Република Македонија, Крушево.
18. Z. Ilijovski, Z. Kacevski, M. Jovanovski, (2013): Groundwater pollution risk in the Republic of Macedonia. Thirteenth international symposium on Water management and Hydraulic engenering. Book of Abstracts. Bratislava Slovakia.
19. Љупче Кулаков, Зоран Ѓорѓиевски Златко Илијовски 2012: Појава формирање и санација на свлечишта во урбани средини на територијата на Општина Штип. Втор конгрес на геолозите на Република Македонија, Крушево.
20. Илијовски З. (2015): „Методологија за проучување на ранливоста на подземните води", стручна монографија, Скопје.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Златко Илијовски низ својот 27-годишен работен стаж извршува голем број активности од поширок стучен интерес интерес. Тој е особено активен како член на Македонско друштво за геотехника и Македонското геолошко друштво.

Континуирано е вклучен во стручно-апликативната работа на Заводот за геотехника при Градежниот институт Македонија. Неговите клучни професионални квалификации се во области од геотехниката и хидрогеологијата: хидрогеолошки истражувања за експлоатација и заштита на подземни води, проектирање на бунари за експлоатација на подземни води, истражувања за заштита на животната средина, изработка на елаборати за заштитни зони на изворишта, проценка на влијанието на објектите при заштита на животната средина со посебен осврт на проценка на загадување од технолошките процеси во индустриските капацитети врз подземните води, геолошки и хидрогеолошки истражувања на јагленови наоѓалишта, проектирање, ревизии, надзор.

Како самостоен проектант или соработник учествува во изработката на повеќе од 170 стручни трудови (елаборати, експертизи, извештаи, проекти, рецензии) од обласа на

геологија, геотехника, хидрогеологија, учествува во изработката на техничка документација за капитални објекти од типот на брани, патишта, рудници, хидројаловишта, гасоводи, фундаментални хидрогеолошки истражувања, регионални хидрогеолошки истражувања на подземните води во Македонија итн.

Од многуте проекти вреди да се истакне дека кандидатот активно учествува во теренските истражувања за изработка на Основни хидрогеолошки карти на Македонија 1:100000 и е автор на карти и толкувачи за неколку листови. Во 2002 година е теренски истражувач и дел од проектантскиот тим за проектот „Спас на Дојранско Езеро". Истражувач и координатор е на тимот за изработка на елаборати за заштитните зони на изворот Рашче, како и бунарскиот систем Нерези - Лепенец од кој со вода за пиење се снабдува градот Скопје. Изработувач е на проектот за изработка на Еко-хидрогеолошка карта на Македонија, Студија за подземни води на Македонија, Методологија за определување на минимално ниво на подземни води и многу други елаборати и студии за потребите на државата и приватни компании. Хидрогеолошки истражни работи за водоснабдување на Тетово, Охрид, Ресен, Прилеп, Куманово, Гевгелија, Неготино и др. градови, населени места и други потрошувачи. Со тоа, тој пред стручната јавност се здобил со високо реноме.

Кандидатот активно учествува во организација и подготовка на зборници на трудови од одржани: Прв, Втор и трет конгрес на геолозите на Р.Македонија во 2008 2012, 2016 год. и Четврти симпозиум на Друштвото за геотехника Струга, 2014 год. и други, а редовно е вклучен во организација и менторирање на студенти кои се испраќаат на практична настава во Градежниот институт „Македонија".

Повеќе пати во функција на повикан предавач одржал стручни предавања на Градежниот факултет, Природно математички факултет, МИТ Универзитет, ИЕГЕ, Државен универзитет во Тетово и др.

Од 2017 година па до денес е директор на Центарот за развој и истражување при Градежниот институт Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на гореизнесеното и врз база на целокупната досегашна активност на кандидатот д-р Златко Илијовски може да се констатира дека тој поседува квалитети и способности во научноистражувачката, апликативната дејност и наставно-образовната работа. Располага со неопходни вештини потребни за успешна реализација на наставно-образовната и истражувачката работа и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски.

Кандидатот д-р Златко Илијовски ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научното звање насловен доцент во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисијата едногласно и со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да го усвои позитивниот извештај за избор на кандидатот **д-р Златко Илијовски** во звањето **насловен доцент** во наставно-научната област хидрологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Војо Мирчовски, редовен професор, претседател, с.р.**

**Д-р Веселин Драгишиќ, редовен професор, член, с.р.**

**Д-р Иван Радевски, вонреден професор член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. број** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности (НИ)** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1** | Монографија или научна книга | 1 | 10 | | | **10** |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир.<br>Во земјава: бр. 2, 4, 6, 7, 8, 10, 12, 13, 14, 15, 17 и 19, од прегледот. Во странство: бр. 1, 3, 5, 9, 11, 16, и 18, од прегледот | 12 | 2 | 7 | 3 | **45** |
| **3.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | **8** |
| **4.** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | **4** |
| **5.** | Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал | 4 | 1 | | | **4** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **71** |
| **Ред. број** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | (Во документацијата е доставен преглед со 158 наслови на елаборати, студии, експертизи, извештаи, проекти и сл. од кои за бодирање се издвоени само позначајните) | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1.** | Елаборати и експертизи | 32 | 2 | | | **64** |
| **2.** | Изготвување на извештаи од анализи | 30 | 0,1 | | | **3** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **67** |
| **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | | **138** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА**
**ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ**
**ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ И ФИНАНСИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2102-265/3 од 23.09.2019 година донесена на 209-та седница на наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржана на 23.09.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област **Финансиски менаџмент и Финансии** на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Лајм“ на 06.09.2019 година и во предвидениот рок се пријави доц. д-р Татјана Бошков, доктор на економски науки.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Д-р Татјана Бошков** е родена на 04 февруари 1986 година во Гевгелија, денес со постојано место на живеење во Скопје.

Основното како и средното образование го завршува со континуиран одличен успех, во средното училиште “Јосиф Јосифовски” - Гевгелија, во 2004 год. Истата година се запишува, како редовен студент, на Економскиот факултет – Прилеп, на насоката *Маркетинг менаџмент* каде дипломира во 2008 година со средна оцена 9,42. Како најдобар студент во генерацијата, од почетокот, па сѐ до крајот на студиите е корисник на стипендијата за талентирани студенти на Министерството за образование и наука, како и на стипендија од Економскиот факултет - Прилеп.

По дипломирањето продолжува на двегодишните постдипломски студии *Меѓународна економија и бизнис* на Економскиот факултет во Прилеп и, во предвидениот рок, ги положува испитите со просечна оценка 9.7. На 28 јуни 2010 година успешно го брани магистерскиот труд, ***“Олеснување на трговијата и ефектите врз развојот на бизнисот во Р. Македонија”,*** изработен под менторство на проф. д-р Славица Роческа.

Во почетокот на 2011 година поднесена е пријава за изработка на докторска дисертација на тема ***“Влијанието на девизниот курс врз надворешно-трговската размена во мала и отворена економија – Република Македонија”***, под менторство на проф.д-р Глигор Бишев. На 19.06.2014 година се стекнува со научен степен Доктор на економски науки.

Кандидатот Бошков уште како студент во четврта година на додипломски студии е станува демонстратор на Економски факултет – Прилеп, “Св.Климент Охридски” – Битола, се до 2009 година, покривајќи вежби по група предмети од областа на финансиите и менаџментот. Следната академска 2010/2011 Бошков е вработена како помлад асистент на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот “Гоце Делчев” – Штип. Како резултат на тоа активно учествува во реализација на активностите на катедрите Бизнис логистика и Туризам.

Во 2015 година, Бошков е избрана во доцент од областа финансиски менаџмент и е предавач на прв и втор циклус студии по предмети од финансиска дисциплина.

Д-р Татјана Бошков има одлични познавања на англискиот, францускиот, грчкиот и италијанскиот јазик, како и добро познавање на компјутерската литература.

За нејзината научно-истражувачка дејност говорат над 100 објавени трудови во релевантни списанија, повеќе од 14 книги и учебни помагала во земјата и странство. Бошков има голема стручно-апликативна и организациско-развојна дејност преку учество во бројни научни проекти

во земјава и странство, проекти поврзани со локалните заедници, учество во истражувачкиот клуб на Народната банка на РС Македонија. Дополнително, своите вештини и експертиза во областа на финансиите во изминатиот период ги надоградува во банкарскиот сектор (НБРСМ и Шпаркасе Банка). Актуелно е раководител на втор циклус студии при Факултетот за туризам и бизнис логистика, а од април 2019 е избрана за член на Сенатот при Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип.

Од 2017 година е Ротари член во најстариот формиран клуб – Ротару клуб Скопје, учествувајќи на меѓународни собири и активности предвидени во мисијата на Клубот.

***Законски условикои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

1. **Доцент од научната област во која се избира (се наведува кога и каде е избран за доцент);**

Со Одлука бр. 2102-207/8 на 03.04.2015 година, д-р Бошков е избрана за **доцент** на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научната област финансиски менаџмент, донесена на 131–та седница на наставно-научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика. Рефератот од Рецензентската комисија е објавен во Универзитетскиот билтен на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип бр. 143 од 16.03.2015 година.

2. **Објавени најмалку пет научно истражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години**

| **а) Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Год ини на излегување на списанието** |
| 1. | **Boskov, Tatjana** | *Virtual Banking and Financial Inclusion* | Research Journal of Finance and Accounting, 10 (13). pp. 39-43. ISSN 2222-1697 / 2222-2847 e (EBSCO data base) | Од 2010 |
| 2. | **Boskov, Tatjana** | *Egypt Currency Crisis: Analysis of the Causes* | IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 11 (1). pp. 1-9. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)(EBSCO data base) | Од 2009 |
| 3. | **Boskov, Tatjana** | *Level Of Deepening Financial Infrastructure, Fintech Companies and Financial Inclusion: Theory and Evidence.* | IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (4). pp. 23-31. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online) (EBSCO data base) | Од 2009 |
| 4. | **Boskov, Tatjana** | *Mexican Currency Crisis: Overview and Lessons* | IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (4). pp. 83-90. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online) (EBSCO data base) | Од 2009 |
| 5. | **Boskov, Tatjana** | *Venezuela Currency Crisis: Analysis Of The Causes* | IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (4). pp. 119-125. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online) (EBSCO data base) | Од 2009 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | **Boskov, Tatjana** | *Economic and Political Implications of Credit Euroization: The Case of Macedonia* | IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (3). pp. 34-41. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online) (EBSCO data base) | Од 2009 |
| 7. | Bishev, Gligor and **Boskov, Tatjana** | *Are exchange rate exposure and hedging important for firm performances? Evidence for Macedonian SMEs.* | International Journal of Information, Business and Management, 8 (4). pp. 34-46. ISSN 2076-9202(EBSCO data base) | Од 2009 |
| 8. | Bishev, Gligor and **Boskov, Tatjana** | *Principles of managing currency risks by Macedonian companies* | IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 8 (3). pp. 28-42. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online) (EBSCO data base) | Од 2009 |
| 9. | Bishev, Gligor and **Boskov, Tatjana** | *Export-led growth in SEE6 – Facts and recommandations: The case of Republic of Macedonia.* | Economic Development, Journal of the Institute of Economics - Skopje, 17 (3). pp. 277-306. ISSN 1857-7741 (on line) UDK -338(EBSCO data base) | Од 1999 |
| **б) или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години** | | | | |
| 1. | **Boskov, Tatjana** | *Creating Successful Management through Risk Exposure Detection and Access to Finance of the Company* | Calitatea - acces la success Quality - Access to Success, 18 (156). pp. 116-118. ISSN 1582-2559 (Web of Science IF: 0.245) http://www.scimagojr.com/journalsearch.php?q=17700156709&tip=sid&clean=0 Web of Science™ Core Collection - Emerging Sources Citation Index (ESCI), SCOPUS, EBSCO, PROQUEST and listed in CABELL'S Whitelist | Од 2008 |
| 2. | **Boskov, Tatjana** and Drakulevski, Ljubomir | *Strategic and Finance Management – Determining Factors for the Success of the Companies in the Business World* | Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success), 18 (157). pp. 119-123. ISSN 1582-2559 (Web of Science IF: 0.245) http://www.scimagojr.com/journalsearch.php?q=17700156709&tip=sid&clean=0 Web of Science™ Core Collection - Emerging Sources Citation Index (ESCI), SCOPUS, EBSCO, PROQUEST and listed in CABELL'S Whitelist | Од 2008 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | **Boskov, Tatjana** and Drakulevski, Ljubomir | *Addresing the Role of Risk Management and Digital Finance Technology on Financial Inclusion* | Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success), 18 (161). pp. 113-115. ISSN 1582-2559 (Web of Science IF: 0.245) http://www.scimagojr.com/journalsearch.php?q=17700156709&tip=sid&clean=0 Web of Science™ Core Collection - Emerging Sources Citation Index ( ESCI), SCOPUS, EBSCO, PROQUEST and listed in CABELL'S Whitelist | Од 2008 |
| 4. | **Boskov, T.,** Zezova,A., Serafimova,M. | *Career Management and New Organization Perspectives* | Calitatea - acces la succes (Quality - Access to Success), 19 (165). pp. 110-113. ISSN 1582-2559(Web of Science IF: 0.245) http://www.scimagojr.com/journalsearch.php?q=17700156709&tip=sid&clean=0 Web of Science™ Core Collection - Emerging Sources Citation Index (ESCI), SCOPUS, EBSCO, PROQUEST and listed in CABELL'S Whitelist | Од 2008 |
| 5. | **Boskov,т.,** Temelkov,Z. Zezova, A. | *Euroisation in the Western Balkans: The Evidence for Macedonian Economy* | Mediterranean Journal of Social Sciences-MJSS, 8 (2). pp. 307-316. ISSN 2039-9340(Print) / 2039-2117(Online) (Web of Science IF: 0.139) https://www.scimagojr.com/journalsearch.php?q=Journal+of+Social+Sciences&tip=jou http://www.resurchify.com/all_ranking_details_2.php?id=23068 https://content.sciendo.com/view/journals/mjss/mjss-overview.xml Scopus, Sciendo De Gruyter, EBSCO | Од 2010 |
| 6. | **Boskov, T.,** Bishev,G., Radjenovic, Z, Zezova, A. | *An Empirical Research on the Correlation between Human Capital and Career Success: Serbian and Macedonian Banking Sector* | Mediterranean Journal of Social Sciences, 8 (1). pp. 279-284. ISSN 2039-2117 (online) ISSN 2039-9340 (print)(Web of Science IF: 0.139) https://www.scimagojr.com/journalsearch.php?q=Journal+of+Social+Sciences&tip=jou http://www.resurchify.com/all_ranking_details_2.php?id=23068 https://content.sciendo.com/view/journals/mjss/mjss-overview.xml Scopus, Sciendo De Gruyter, EBSCO | Од 2010 |
| 7. | Bishev, Gligor and **Boskov,Tatjana** | *Arguments for and against retaining exchange rate regime: an empirical analysis for Republic of Macedonia* | Asian Economic and Financial Review, 5 (8). pp. 1004-1013. ISSN 2305-2147https://www.scopus.com/sourceid/21100894743 | Од 2011 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8. | **Boskov, Tatjana** and Bishev, Gligor | *Impact of exchange rate in the run-up to EU accession: An empirical analysis of Republic of Macedonia* | Asian Economic and Financial Review, 5 (12). pp. 1282-1297. ISSN 2222-6737/2305-2147https://www.scopus.com/sourceid/21100894743 | Од 2011 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Доцент д-р Бошков била ментор на голем број дипломски трудови со што дава свој допринос во стручното и научното усовршување на студентите. За успешноста во реализацијата на наставно-образовната дејност потврда е и позитивната оцена од самоевалуацијата. Нејзино подрачје на истражување се меѓународните финансии, девизната политика, монетарната економија, платниот промет во земјата и странство, финансискиот менаџмент.

По изборот на доцент, за потребите на наставата, д-р Бошков има издадено позитивно рецензирани скрипти и практикуми, и тоа:

**Бошков Т**. (2019). ***Платен промет*** – е- скрипта, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип (ISBN 978-608-244-629-5).

Усвојувањето на електронските средства на плаќање може да има значајни придобивки во однос на ефикасноста и безбедноста во платниот промет, корисниците на владините исплати, даночните обврзници и други слични странки. Степенот до кој таквите бенефити се со веројатност да се материјализираат во пракса ќе зависи од достапноста на доволен број платни инструменти и нивното справување со специфични потреби, како и постоењето јасен платен систем за да се процесуираат придружните исплати - безбедно и ефикасно. Знаењата од овој предмет претставуваат основа за оние студенти кои очекуваат да најдат работни места поврзани со банкарското работење, меѓународните инвестиции, меѓународното банкарство, мултинационалните деловни активности, меѓународната трговија. Скриптата по овој предмет треба да придонесе студентите да се запознаат со значењето на националниот платен систем, платежните инструменти, улогата на Централната банка во платниот промет, банките како носители во платниот промет и меѓународното финансиско окружување, да ја разберат оваа проблематика, како и да го осознаат значењето на погодна платежна инфраструктура која може да помогне да се реализира целосниот потенцијал на електронските плаќања за подобрена безбедност и ефикасност. Таквата инфраструктура не само што треба да биде достапна, таа треба да се користи така што многу даватели на платежни услуги, даночни обврзници и корисници на државни исплати ќе имаат корист од таков систем.

**Бошков Т**. (2017) ***Меѓународни финансии*** – е- скрипта, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип (ISBN 978-608-244-380-5).

Меѓународните финансии се значајна активност во секоја национална економија. Проблематиката на меѓународните финансии е определена од изборот на политиката на девизен курс која, пак, зависи од нивото на развиеноста на националната економија и од степенот на отвореноста спрема странските влијанија. Теоретската и практичната елаборација ќе им помогне на читателите не само да ја разберат суштината на меѓународните финансии и нивната важност за една економија, туку и да можат да ги дијагностицираат и решаваат евентуалните промени во истата. Читателите ќе се стекнат со предизвикот да научат да ги решаваат проблемите со краткорочното меѓународно финансирање, како и тоа кои се критериумите за краткорочно меѓународно финансирање, пазарната ефикасност и присутноста на шпекулативните меури, како се финансира со портфолио на валути. Со обработката на споменатите теми, овој текст прави значаен чекор за потемелно запознавање со проблематиката на меѓународните финансии (објаснувајќи ги причинско- последичните врски од нивните промени преку примери и пресметувања) но и за надминување на рутинското гледање на меѓународните финансии.

**Бошков Т**. (2016) ***Меѓународни финансии*** – е-практикум, Универзитет "Гоце Делчев" – Штип (ISBN 978-608-244-306-5).

Меѓународните финансии се значајна активност во секоја национална економија. Практикумот од оваа проблематиката треба да придонесе читателите да се запознаат со значењето на меѓународните финансии и меѓународното финансиско окружување, да ја разбираат проблематиката на однесувањето на девизните курсеви, да го совладаат управувањето со ризиците на девизните курсеви и управувањето со долгорочни и краткорочни средства и извори, сето ова преку задачи и понудени решенија на проблемите кои постојат во реалноста. Покрај тоа, се дава осврт и на влијанието на економската политика врз девизните курсеви, меѓународната размена и меѓународен паритет на цените и каматните стапки, како и побарувачката за валутни депозити, пазарот на странски депозити, очекуваните повратоци за Еуро депозит, улогата на каматните стапки врз валутни депозити.

Научноистражувачката дејност на кандидатката д-р Татјана Бошков може да се оцени преку бројните трудови објавени во Scopus, Web of Science, трудови објавени во меѓународни научни публикации, стручни (научно-популарни списанија), како и во зборници од научни конференции одржани во земјава и во странство. Во продолжение следи листа на научноистражувачките трудови на кандидатката, за периодот од изборот на доцент до датумот на објавениот конкурс, наведени хронолошки:

**I. Трудови**

1 **Boskov, Tatjana (2019)** *Virtual Banking and Financial Inclusion*. Research Journal of Finance and Accounting, 10 (13). pp. 39-43. ISSN 2222-1697 / 2222-2847 e

2 Drakulevski, Ljubomir and **Boskov, Tatjana (2019)** *Circular Economy: Potential and Challenges*. IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 11 (2). pp. 45-52. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)

3 Drakulevski, Ljubomir and **Boskov, Tatjana (2019)** *New Framework For Job Creation: Circular Economy Activities*. IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 11 (2). pp. 53-61. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)

4 **Boskov, Tatjana (2019)** *Egypt Currency Crisis: Analysis of the Causes*. IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 11 (1). pp. 1-9. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)

5 **Boskov, Tatjana** and Drakulevski, Ljubomir **(2019)** *The Role of Strategic Management In SMEs International Business Up-Grading*. IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 11 (1). pp. 34-43. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)

6 **Boskov, Tatjana** and Magdinceva Sopova, Marija **(2019)** *Strategic Management And Level Of Company's Export Competitiveness Under Economic Uncertainty.* IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 11 (1). pp. 51-61. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)

7 Josheski, Dushko and **Boskov, Tatjana (2019)** *Optimal taxation in theory*. Public Economics: Taxation, Subsidies, & Revenue eJournal Vol 14, Issue 42, June 19, 2019 , 14 (42).

8 Temelkov, Zoran and **Boskov, Tatjana** and Zezova, Aleksandra **(2018)** *Alternative financing sources supporting SMEs growth*. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor (52). pp. 230-236. ISSN 2367-5721

9 **Boskov, Tatjana** and Radjenovic, Zarko and Davcev, Ljupco **(2018)** *Digital Innovations In The World Of Finance*. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor, 5 (52). pp. 139-144. ISSN 2367-5721

10 **Boskov, Tatjana** and Radjenovic, Zarko and Davcev, Ljupco **(2018)** *National Payment Systems Development in Balkan Countries*. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor, 5 (52). pp. 237-241. ISSN 2367-5721

11 **Boskov, Tatjana** and Radjenovic, Zarko and Davcev, Ljupco **(2018)** *The Role of the Central Bank in the National Payment System: Evidence for Macedonia*. SocioBrains, International

scientific refereed online journal with impact factor, 5 (52). pp. 145-152. ISSN 2367-5721
12 **Boskov, Tatjana** and Drakulevski, Ljubomir **(2018)** *Global Development Trend In Managing: Do Financial Strategies Offer Hopes Recovery?* IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (4). pp. 13-22. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)
13 **Boskov, Tatjana (2018)** *Level Of Deepening Financial Infrastructure, Fintech Companies and Financial Inclusion: Theory and Evidence*. IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (4). pp. 23-31. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)
14 **Boskov, Tatjana (2018)** *Mexican Currency Crisis: Overview and Lessons*. IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (4). pp. 83-90. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)
15 **Boskov, Tatjana (2018)** *Venezuela Currency Crisis: Analysis Of The Causes*. IJIBM International Journal of Information, Business and Management, 10 (4). pp. 119-125. ISSN 2076-9202 (Print)/2218-046X (Online)
16 **Boskov, Tatjana** and Fejzullai, Lulzim and Fejzullai, Elona **(2018)** *Factors Determining the International Tourism Business: An Economic Approach*. SocioBrains, International scientific refereed online journal with impact factor, 5 (48). pp. 61-66. ISSN 2367-5721
Стратешкото размислување е важно за испитување на сите пазари кои се релевантни за основната дејност на интерес. Исто така, неопходно е да се анализираат релевантните сили што создаваат нови пазари како идентификација на барањата на деловната стратегија. За тоа, се користат елементи за управување, модели на управување како упатства за менаџерска активност во деловниот свет за зголемување на конкурентските предности на фирмата. Компаниите го потврдуваат тоа интегрирано управување, односно моделот ќе резултира со драматични придобивки. На овој начин, размислувањето за стратегијата и овозможува на компанијата да ги утврди своите цели, да ги произведува главните политики и планови за постигнување на тие цели, како што се дефинира опсегот на бизнис компанијата каде работи и позитивно влијае на деловните перформанси. Ова е претходна цел за компаниите во донесување добри одлуки за пристап до финансии.

Евалуација на труд број 39: ***"Euroisation in the Western Balkans: The Evidence for Macedonian Economy"***

Економската несигурност, како и негативнотото искуство во минатото во земјите во развој предизвикува намалена желба за чување на заштеди во домашната валута или за реализирање на трансакции во домашната валута. Па така, евроизацијата е проблем кој се појавува кај земјите во транзиција во Европа, посебно во земјите кои имаат воспоставено фиксен девизен курс. Присуството и важноста на странските валути посебно доаѓаат до израз кај земјите од Западен Балкан. Во таа насока, трудот ги прикажува причините поради

кои постои висок степен на евроизација во Македонија. Како една од поважните причини за степенот на евроизација се посочува искуството со пропаѓањето на одредени банки и штедилници во минатото, надворешните и внатрешните економски шокови, негативното искуство од инфлација, како и трансферите од странство (дознаки) кои се реализираат во странска валута.

Евалуација на труд број 40: ***"Human Capital and Its Impact on the Career Success: Serbian and Macedonian Banking Sector"***

Разбирањето на влијанието на човечкиот капитал за постигнување успех во кариерата е неопходно за секоја индивидуа во турбулентно време на пазарот на трудот. Во сегашната ера на технологијата и глобализацијата владеат општи принципи за напредок на „економијата на знаење". Значи, секој поединец на пазарот на трудот, ако тој/таа сака да изгради своја кариера, треба да работи на постојано подобрување на човечкиот капитал. Ова помага за нивно признавање на се поконкурентниот пазар на трудот, кој со својата исклучителна динамика, практично ги елиминира „слабите играчи", заради нивната неспособност да се прилагодат на современите трендови и потребите на персоналот. Кога зборуваме за емпириско истражување и потврда на фактот дека човечкиот капитал влијае на кариерата успех, овој труд претставува статистичка анализа на спомenатите категории на корелација, заснована на 474 вработени, во српскиот и македонскиот банкарски сектор. Анализи како што се тест chi-square test, Mann-Whitney U, Kolmogorov-Smirnov тест и линеарна регресија, го докажуваат значењето на влијанието на развојот на човечкиот капитал на вработените за успех во кариерата, гледано преку различни хиерархиски позиции во одреден сектор.

Евалуација на труд број 41: "***Creating Successful Management through Risk Exposure Detection and Access to Finance of the Company"***

Домашната индустрија со користење на знаењето, развојот на иновации и надградба на капацитетот на малите и средни претпријатија, може да ги превземе потребните промени за своето производство и зголемување на извозните перформанси. Сето ова може да придонесе за одржливост на економскиот раст и економската интеграција, особено на малите и отворените економии. Користејќи економетриски пресметки, овој труд се фокусира на придонесот за развој на финансиски стратегии кои може да помогнат во зајакнувањето на МСП секторот на начин да се забележат бенефициите. Треба да се спроведат добри стратегии како на пример зголемување на атрактивноста на земјите во транзиција и земјите во развој за странските инвеститори што ќе го подобрат капацитетот на компаниите.

Евалуација на труд број 42: ***"EU Convergence, Structural Adjustments and Growth: Is SEE6 Catching Up?"***

Овој труд ги анализира земјите членки кои станаа дел од ЕУ во последната декада како и земјите од Западен Балкан кој претендираат да бидат дел од овој економски блок. Главниот предизвик за овие земји е да се справат со големи и потенцијални нестабилни приливи на капитал и да ја постигнат потребната номинална конвергенција. Несомнено, членството во ЕУ од ЈИЕ6 бара приближување на македонската економија со онаа на ЕУ во реални услови, што укажува на приход по глава на жител и економска структура, и во номинална смисла, што значи конвергенција на цените, инфлацијата и каматните стапки.

Евалуација на труд број 43: "***An Empirical Research on the Correlation between Human Capital and Career Success: Serbian and Macedonian Banking Sector"***

Во трудот се утврдува дека управувањето со човечките ресурсите во банкарскиот сектор мора да применува стратешки програми за планирање на човечки ресурси со што се потенцира основното значење на дизајнирањето ефективна политика за вработување преку активна политика за наградување. Исто така, банките треба да вклучуваат поактивни обуки за развој на вработените. Овој труд применува анализа на српскиот и македонскиот банкарски сектор со помош на Chi-square test, Mann-Whitney U, Kolmogorov-Smirnov Z тест и линеарна регресија.

Евалуација на труд број 44: ***"Settlement of the Debt Crisis In A Member State of the Monetary Union and in a Country Having Its Own Currency"***

Овој труд е насочен кон решавање на должничката криза во земја членка на

Монетарната унија (Грција) и ги претставува аргументите дека решението за надминување на должничката криза мора да произлезе од нејзините причини. Тие се присутни и во слабостите на функционирањето на Монетарната унија и во неодговорното однесување на владата во земјата. Товарот за надминување на кризата треба да го сноси должникот и доверителите следствено нивните „заслуги“.

Евалуација на труд број 45: ***“Financial impact strategy on SMEs in the business world”***

Многу земји во транзиција се соочуваат со потребата да го промовираат и зајакнат долгорочниот развој на секторот на МСП, за што е потребен пристап до пазарот, нова технологија како и знаење за менаџирање. Овој труд има за цел да се фокусира на придонесот за развој на финансиски стратегии што можат да помогнат во зајакнувањето на МСП. Спроведувањето на добри стратегии треба да ја зголеми привлечноста на пазарот на трудот во земјите во транзиција и земјите во развој за странските инвеститори со што ќе се подобри капацитетот на МСП.

Евалуација на труд број 46: ***“Are We Ready For Strategic Activities For Prevention In Human Trafficking?”***

Овој труд се заснова на претпоставката дека проблемот со трговијата со луѓе, на национално или локално ниво, може да се реши ефективно само врз основа на сеопфатни стратегии кои се засноваат на човековите права и кои ја земаат предвид транснационалната природа на проблемите, многуте поврзани криминални активности, честа вклученост на организирани криминални групи и длабока болка, страв и штета претрпена од жртвите. Препораките се однесуваат соодветно на потребата: да се земе во предвид релевантното меѓународно право и новите меѓународни и домашни правни рамки; да се процени проблемот со трговијата со луѓе, како што се претставува во специфичниот контекст на средните училишта и да се развие ефикасна стратегија и капацитет за развој на соодветните стратегии; да се спроведе ефикасно локално јавно образование и други мерки за спречување на трговијата со луѓе.

Евалуација на труд број 47: ***“Enhancing The Ability Of Education In Prevention Of The Trafficking In Human Beings”***

Трудот е структуриран на начин да се развие „МОДЕЛ бранители на човековите права во образованието“ за да се процени проблемот на трговијата со луѓе и да се развие ефективна стратегија; да се спроведе ефикасно локално јавно образование и други мерки за спречување на трговијата со луѓе.

Евалуација на труд број 48: ***“Are exchange rate exposure and hedging important for firm performances? Evidence for Macedonian SMEs”***

Глобализацијата носи придобивки и закани за секторот на мали и средни претпријатија, особено ако се земе во предвид извозот. Во овој труд препораките се однесуваат на градењето односи со финансиските институции, особено банките за да се олесни финансирањето на малите и средни претпријатија (МСП). Во овој контекст, корисно е да се идентификуваат кои се извозниците и оние кои сакаат да обезбедат вредност во области како управувањето со девизен ризик и да се предвидат потребите за валута. Каков ефект имаат валутните флуктуации врз профитот на компанијата и што прават тие да се изолираат, се прашања кои се тестираат во овој труд.

Евалуација на труд број 49: ***“Exchange rate exposure and firm-level performances: The case for Macedonia”***

Овој труд идентификува како компаниите извозници се справуваат со девизниот ризик и промената на вредноста на валутата. Исто така, акцент се дава и на иновациите и знаењето, како и на улогата на СДИ врз стимулирањето на извозниот раст. На долг рок, ова може да придонесе за одржливост на економскиот раст и економска интеграција, особено за мала и отворена економија како Македонија, кое се потврдува со економетриските мерења применети во овој труд.

Евалуација на труд број 50:***“Principles of managing currency risks by Macedonian companies”***

Овој труд анализира и тестира како се менаџира валутен ризик кај македонските копмании кои се извозно ориентирани. Естимациите покажуваат што дополнително тие треба да направат, но и какви клаузули истите користат. Повеќето инвеститори ќе бидат

запознаени со концептот на изложеност на валута кој им помага во поставувањето на сите договори.

Евалуација на труд број 51: ***"Survey evidence for influence in improvement on trade facilitation and economy growth: The case of Republic of Macedonia"***

Спроведувањето на законот за царинско вреднување за постигнување подобрена примена обезбедува поголема униформност и сигурност во оваа апликација. Олеснувањето на трговијата е предизвик за Македонија во однос на развојот и целосната употреба на светските ресурси и зголемување на производството како и размената на стоки. За нашата земја ќе биде од суштинско значење да се намалат тарифите и другите бариери за трговија. Истражувањето служи за да потврди дека е неопходно воведување мерки за олеснување на трговијата помагајќи им на македонските компании да се натпреваруваат поефикасно на меѓународниот пазар.

Евалуација на труд број 52: ***"Export-led growth in SEE6 – Facts and recommandations: The case of Republic of Macedonia"***

Користење на девизниот курс како сидро за инфлациските очекувањата, на долг рок се ефективни досега, произведувајќи ниски и стабилни стапки на инфлација. Сепак, во периоди на ниска инфлација и дефлаторни притисоци, сидра на девизниот курс не дозволуваат доволно простор за фискален и монетарен стимул. Во контекст на ова, трудот ги анализира креаторите на политиките и нивните дилеми.

Евалуација на труд број 53: ***"Arguments for and against retaining exchange rate regime: an empirical analysis for Republic of Macedonia"***

Соодветниот режим на девизниот курс ќе се менува со текот на времето, во согласност со промените во околностите на земјата. Имајќи го предвид случајот со Македонија и стремежот да се биде дел од ЕУ, режимот на девизниот курс може да ја подобри состојбата на Македонија само доколку пристапот во голема мерка ја прави Македонија локација од која странските инвеститори можат да послужат на пазарот на ЕУ. Исто така со поддршка на проценките, во овој труд покажавме дека во една мала и отворена економија како Македонија, со употреба на девизниот курс како инструмент може да се реализира можност за раст на извозните остварувања, зголемување на агрегатната побарувачка и зголемување на економскиот раст. Во овој труд фокусот е и на аргументите за и против задржување на режимот на девизниот курс.

Евалуација на труд број 54: ***"Impact of exchange rate in the run-up to EU accession: An empirical analysis of Republic of Macedonia"***

Во овој труд се анализира и естимира влијанието на девизниот курс во мала и отворена економија како Македонија, што треба да се види во контекст на континуирана интеграција на синџирите на снабдување. Исто така со поддршка на проценките, во овој труд покажавме дека во една мала и отворена економија, како што е Македонија, со користење на реален девизен курс како инструмент може да се реализира раст на извозните остварувања, зголемување на агрегатната побарувачка и зголемување на економскиот раст со што ќе се забрза процесот на приближување кон ЕУ.

Евалуација на труд број 55: **"*Blockchain and Digital Currency in the World of Finance*"**

Напреднатата технологија овозможи еволуција во плаќањата како и глобална конкуренција. Нејаснотиите околу дигиталната валута оставајќи доволно простор за анализа на нејзиното безрезервно прифаќање, доверба и исчекување, е главниот двигател за ширење на мрежата. Банките треба внимателно да ја разгледаат технологијата заснована на овие криптовалути како и потенцијалниот нов генерички начин за пренесување сопственост на вредноста на долг рок. Поглавјето дава анализа за употребата на криптовалути во целина, особено Bitcoin, како и прифаќање на технологијата во присуство на мрежни екстерналии. Објективниот став е дека иднината на дигиталната валута во моментот е сè уште нерешено прашање заради постоењето на „критична маса". Понатаму, во поглавјето се разгледува финансиската приватност која е многу чувствително прашање во користењето дигитална валута. Истражувањето покажа дека иднината на криптовалутите може да биде светла ако се исполнети некои институционално-формални услови заради фактот дека успехот на еволуцијата на е-пари бара градење на безбедносни плаќања преку три критериуми - стандардизација, компатибилност и иновативност.

Евалуација на труд број 56: “***Chapter IV: Empirical Estimation Between REER and Tourism-Led Growth”***

Ова поглавје ги анализира градовите како местата во кои постои нерамнотежна употребата на ресурсите (трошат повеќе ресурси отколку што генерираат), но во исто време тие се јадрото на економската и општествената иновација. Понатаму, поглавјето комбинира размислувања за развој на туризмот, подобри планирања, како и поширока примена на системите за следење на одржливоста.

Евалуација на труд број 57: “***Challenges of Tourism Business In Contemporary World”***

Туризмот се идентификува како еден од основните двигатели за создавање работни места и за развој на економија во целина. Исто така, постои обид да се идентификуваат конструкциите кои влијаат врз градењето на висококвалитетно претприемништво во туристичкиот бизнис како и потреба од пристап до финансии за да сето ова стане реалност. Трудот има за цел да ги истражи непосредните ефекти од пристапот и користењето финансии во туризмот, истакнувајќи ги влијанијата врз туризмот и приходите од истиот во Италија и Шпанија.

Евалуација на труд број 58: ***“Rural Entrepreneurship in the Era of Digitalization: Example of Macedonia”***

Истражувањето во трудот ги потврдува основните хипотези дека дигитализацијата има влијание врз руралниот туризам развој, бидејќи има голема потреба од информации и финансиски поддршка во овој сектор. Како заклучок, трудот нуди упатства и предлози за развој на руралниот туризам користејќи ги можностите на дигитализација, со цел надминување на утврдената состојба.

Евалуација на труд број 59: ***“Developing E-Banking Platform In Contemporary World”***

Банките играат клучна улога во промовирањето на деловните активности преку Интернет. Овој труд ја испитува ефикасната употреба на развивање платформа за електронско банкарство што ја имаат сите инфраструктури за искористување на истите. Поради оваа причина, го истражуваме влијанието на системските фактори за развој на платформата Е-банка (приспособливост, интероперабилност, брз одговор на серверот, корисност за корисници итн.), организациските фактори за развој на платформата на Е-банкарство (перспектива на повеќе засегнати страни, имиџ на банка и алокација на ресурси) и економски фактори (оперативна ефикасност, административни трошоци, дифузија на иновации).

Евалуација на труд број 60: ***“Addressing De-Euroization In Transition Economies: The Evidence of Macedonia”***

Наодите од оваа анализа го поддржуваат конвенционалниот став дека евроизацијата на депозитите и разликите на каматните стапки се главните детерминанти на кредитната евроизација во Македонија. Исто така, овој труд ги анализира главните причини за процесот на евроизација во Македонија и се претставени потенцијалните придобивки од деевроизацијата.

Евалуација на труд број 61: ***“E-Business Efficiency of Healthcare Organizations in the Context of Cloud Computing”***

Ефикасност на здравствените организации денес се рефлектира со користење платформи за е-здравје и пристап до Интернет. Овој труд ја анализира важноста на користењето на модерната технологија во е-здравството бидејќи не само што ја подобрува ефикасноста на здравствената организацијата во поглед на заштитата туку создава основа за имплементација на иновации преку споделување мислења за здравствена заштита особено кога станува збор за навремено реагирање при лекување на пациент, а ова де факто ја подобрува конкурентноста на економијата, гледано на макро ниво.

Евалуација на труд број 62: ***“Serbian Hydropower Plants Selection Based on Elementary Turbine Parameters Using Multi- Criteria Decisions Making”***

Предмет на овој труд е анализа на ефикасноста на постојните хидроцентрали, нивниот избор и рангирање засновано врз клучните технички и производни карактеристики. Изборот на овие хидроцентрали ќе се изврши со методот на донесување одлуки со повеќе критериуми на основа на софтвер за експертски избор. Поточно, софтверот користи AHP метод (аналитички процес на хиерархија) како основа за утврдување на взаемна важност

на дадени критериуми и нивниот приоритет и подоцнежно рангирање на алтернативите т.е. избор на најдоброто можно решение, во овој случај, најефикасен модел на хидроцентрала во Србија.

Евалуација на труд број 63: ***"De-Euroisation in Macedonia: Is Euroisation Irreversible?"***

Македонија е високо евроизирана земја. Високиот степен на евроизација е честа појава во земјите во развој во Европа, како и кај земјите со режим на фиксен девизен курс. Со оглед на девизниот курс на Македонија, веројатно таа ќе остане значително евроизирана за подолг временски период. Овој труд ги анализира главните причини за процесот на евроизација во Македонија и се презентираат потенцијалните придобивки од деевроизацијата.

Евалуација на труд број 64: ***"Exchange Rate Regime and Economic Growth: The Evidence For Republic of Macedonia"***

Подобрувањето на условите на трговија има тенденција да ја зголеми благосостојбата на земјата, домашната побарувачка и цените на неразменливите добра, и реална апрецијација на домашната валута (ефект на благосостојба). Развиените земји каде зголемувањето на економскиот раст се должи на растот на извозот, може да биде пример за Македонија дека девизниот курс не е само инструмент за подобрување на извозните перформанси, зголемувајќи го економскиот раст како и зајакнување на стабилноста на финансискиот систем. Истражувањето ја детерминира врската меѓу номиналниот ефективен девизен курс со другите макроекономски агрегати применувајќи метод на најмали квадрати. Овие естимации ќе го потенцираат влијанието на девизниот курс врз економскиот раст на Македонија.

Евалуација на труд број 65: ***"What Drives Credit Euroization In Emerging Countries? The Evidence for Macedonia"***

Слабеењето на валутите кај европските земји во развој во однос на еврото доведе до значително зголемување на реалните трошоци за нехеџираните девизни задолжувања, а последователно со тоа се очекува повисок кредитен ризик за банката. Соодветната стратегија може да биде знак на поддршка на домашниот пазар и одржување на пруденти политики кои ќе ги ублажуваат девизните ризици. Овој труд покажува присуство на странска валута, главно, во македонската економија и сугерира дека кредитната евроизација е придвижувана од страна на странските зајмувања.

Евалуација на труд број 66: ***"Tourism strategy: move to an investment-driven strategy and promotion?***

Туризмот има потенцијал за зајакнување на заедниците и одржливата агенда на туризам треба да се фокусира како да се постигне тоа. Трудот ги истражува кои варијабли и како тие влијаат врз туристичкото претприемништво во Македонија. За таа цел се користеше SPSS софтверот за обработка на податоците.

Евалуација на труд број 67: ***"Accessing Finance for Fostering Entrepreneurship in Tourism Industry: The Case for Republic of Macedonia"***

Поради фактот што туризмот има моќ да направи значителни инвестиции и доверба меѓу актерите во туризмот, потребни се соодветни одлуки донесени од локалната заедница. Овие инвестиции се потребни за развој на туризмот, бидејќи туристичкиот бизнис е идентификуван како водечки фактор за вработувањето и растот на економијата. Овој труд има за цел да ги испита непосредните ефекти од пристапот и користењето на финансиите врз тековниот контекст на туризмот, истакнувајќи ги влијанијата врз туристичкото претприемништво во Македонија.

Евалуација на труд број 68: ***"Sources of Finance For Building High Quality Entrepreneurship In Tourism Industry: The Evidence of Macedonia"***

Овој труд го анализира развојот на туризмот и неговиот допринос во Македонија, како и можностите за негово подобрување и правилно искористување на природните ресурси и финансиите.

Евалуација на труд број 69: ***"How exchange rate affect managing of the company"***

Иако теоретскиот поглед на односот помеѓу деловниот и финансискиот ризик, а со тоа и имплицитната поврзаност помеѓу деловната и финансиската стратегија, е добро позната и разбрана, истражувањето за интеракцијата помеѓу овие две централни стратегии

е всушност тешка задача. Во овој труд фокусот е кон справувањето со валутен ризик и можностите од пад на вредноста на акциите, како и пад на профитот.

Евалуација на труд број 70: ***"Principles of managing currency risk by companies"***

Во принцип, земјите во развој - балканските земји имаат недостаток на заштеда и тие ги увезуваат странските заштеди. Компаниите имаат тенденција да позајмуваат во странска валута - евра, што е особено популарен во Србија и Хрватска, поради пониските каматни стапки во однос на каматните стапки на кредити во национална валута. Валутниот ризик може да се хеџира на два начина: ако компанијата е нето-извозник и позајмува во валута на нето-извозникот или со краткорочни заеми, доколку договори денес терминскi девизен курс да го отплати заемот во моментот на созревање.Но,на Западен Балкан согласно истражувањето на трудот се покажа дека не постои развиен термински пазар за користење на оваа алатка.

Евалуација на труд број 71: ***"Sustainability of EU convergence based on exchange rate anchor during crisis and post crisis period"***

Овој труд подетално ги анализира реалната и номиналната конвергенција и нивото каде реално се наоѓа нашата земја. Спроведувањето на структурните реформи е можност за постигнување на целите и подобрување на економската состојба.

Евалуација на труд број 72: ***"Importance of Exchange Rate for SMEs Improvement and Economic Development"***

Целта на овој труд е да се дадат препораки што се неопходни за малите и средни претпријатија за да направат напори на кој начин тие ќе ги промовираат домашните производи, како ќе настапат на странските пазари. Во контекст на ова, се тестира девизниот курс, СДИ, извозните перформанси на компаниите во мала и отворена економија.

Евалуација на труд број 73: ***"Exchange rate and export-led growth in SEE6: Economic convergence machine – What happened? What next?"***

Изборот на низа режими зависи од релативната тежина што произлегува од различни фактори за што сведочат земјите од Западен Балкан, предмет на истражување во овој труд покрај анализата на нивните извозни перформанси.

Евалуација на труд број 74: ***"Strategic management in financial institutions"***

Во оваа книга предмет на истражување е стратегиското управување како модерен менаџмент концепт кој се појави во 80-тите години на дваесеттиот век. Неговата главна цел е да и овозможи на организацијата рационално и навремено реагирање на промените во средината и рамномерна дистрибуција на улогите на сите луѓе во организацијата заради остварување на поставените цели. Во услови кога околината се менува брзо и динамично, потребна е стратешка акција што ќе опфати низа активности потребни за да се направи стратешка промена.

Евалуација на труд број 75: ***"Investment Driven Strategies in Tourism Sector Engine For Economic Growth"***

Туристичките фирми работат во деловно опкружување во кое иновацијата е важна за преживување на фирмата. Оваа книга и нејзините поглавја комбинираат размислувања за развојот на туризмот. Растот на туризмот се однесува на постепената еволуција на туризмот што е важен фактор за продуктивноста на економијата на една земја. Кога се мери економското влијание на туризмот, треба да се истакне суштинската каузалност кај реалниот БДП, реалниот ефективен девизен курс и меѓународниот туризам. Притоа, целта е да се разбере суштинското значење на меѓународниот туризам и трговијата, за кои се очекува да бидат доста зависни од режимот на девизниот курс. Значи, туризмот треба да се смета како движечки фактор со важен придонес за економиите.

Евалуација на труд број 76: ***"Circular Economy: Creating The Future In Competitive Societities"***

Кружната економија е иновативен концепт, ветувајќи ефикасна употреба и повторна употреба на ресурсите и силен деловен случај. Таа е стратегија за одржлив развој, која се предлага за решавање на проблемите поврзани со деградацијата на животната средина и за слабеење на зависноста на економијата од природните ресурси и животната средина. Со карактеристики како високо ниво на рециклирање, високо-ефикасна, високо-технолошка

и индустријализирани практики, кружната економија може да создаде работни места, да поттикне вработување на млади во руралните области, ублажување и вклучување на родовите аспекти. Во врска со овие прашања и важноста од искористување на придобивките од кружната економија, во оваа книга нудиме анализа која ги дава одговорите за тековниот статус, потребите, придобивките, ефектите и пречките на кружната економија. Резултатите ќе помогнат во креирање на цели, стратегија и мерки за нивно спроведување.

Евалуација на труд број 77: ***"HRM Communications and HCC Satisfaction Facing the Banking Sector"***

Денес, владее брзиот напредок на технологијата, глобализацијата и начелата за напредок на „економија на знаење". Ова е причината за секој поединец што гради своја кариера да размисли како да биде најдобар и како да го подобри квалитетот на својата работа. Така, може да се препознае се поконкурентниот пазар на трудот, што ги елиминира „слабите играчи" од нивната неможност да ги прилагодат модерните трендови и потребите на персоналот. Книгата утврдува дека управувањето со човечките ресурси (HRM) во банкарскиот сектор мора да прифати стратешки програми за планирање на човечки ресурси со сите стратегии на банките. Ова го потенцира суштинското значење на дизајнирање ефективна политика за вработување, како и формулирање и спроведување на активна политика на наградување. Исто така, банките треба да вклучуваат поактивна обука за развој на вработените.

Евалуација на труд број 78: ***"Exchange Rate, Wage Indexation, External Shocks and Competition"***

Влошувањето на макроекономските перформанси на многу економии од раните 70-ти години претставува студија која го испитува ова влошување во однос на степенот на индексирање на платите, изборот на режимот на девизниот курс и ефектите од шоковите што ги погодија овие економии. Оптималниот степен на индексирање на платите зависи од релативната застапеност на тие шокови. Прифатено е дека "лепливите" реални плати во присуство на снабдувачки шокови можат да доведат до суб-оптимални макроекономски исходи. Изборот на оптимален режим на девизен курс може делумно да ги компензира негативните последици од таа ригидност. Книгата нуди анализа како секоја земја треба да го направи вистинскиот избор на видот на режимот на девизниот курс, што се должи на фактот дека последиците од индексирањето на платите за макроекономијата започнуваат со избирање на видот на режимот на девизниот курс

Евалуација на труд број 79: "***Growing the Global Economy through SMEs International Aspirations"***

Предизвиците за развој на МСП се повеќедимензионални. Бидејќи трговските бариери, трошоците за транспорт и комуникација опаѓаат, малите и средните претпријатија треба да додадат поголема вредност на своите производи за да се натпреваруваат на конкурентниот пазар. За зајакнување на конкурентноста на малите и средните претпријатија, потребно е создавање и овозможување на правни, регулаторни и административни опкружувања, способни институционални структури и што е најважно, човечки капитал. Јавниот и приватниот сектор мора да работат заедно заради подобрување на функционирањето на пазарите дома, истовремено интензивирајќи ги напорите за интеграција во светската економија. Книгата ќе придонесе за подобро работење на малите и средните претпријатија и поставување на квалитетот со повисоки стандарди.

Евалуација на труд број 80: ***"How to balance EU convergence & economic recovery in SEE6"***

Главниот предизвик за оваа книга се критериумите кои треба да ги исполнат земјите од Западен Балкан за членство во ЕУ. Во контекст на макроекономското прилагодување земјите кои пак се веќе дел од ЕУ треба да се фокусираат на исполнување на барањата за одржливост на ЕМУ и да помогнат во апсорпцијата на ефектите од агрегатната побарувачка на големи приливи на капитал. Кога станува збор за макроекономската конвергенција на земјите од ЈИЕ6 и случајот со Македонија, членството во ЕУ бара приближување на македонската економија со онаа на ЕУ во реални услови, укажувајќи на приход по глава на жител и економска структура и во номинална смисла - конвергенција на цените, инфлација и каматни стапки.

Евалуација на труд број 81: ***"Угостителство-умешност и занимање – практикум"***

Послужувањето гости и создавањето производи се такви различни активности кои подразбираат разни принципи на управување и концепти. На најосновно ниво, угостителството како индустрија се состои од организации кои им нудат на гостите љубезност, професионална храна, пијалоци, сместување и услуги, поединечно или во комбинација. Но угостителството е многу повеќе од хотели и ресторани.Следствено на ова, индустријава може да се дефинира на многу начини. Проширената дефиниција вклучува тематски паркови, авиокомпании, центри за игри, бродови за крстарење, саjмови, планирање на состаноци и конвенциски организации. Предизвикот за сите организации во оваа индустрија е да обезбеди нејзиниот персонал секогаш да нуди одредено ниво на услуги кои нивните гости го посакуваат и очекуваат-во секое време, совршено. Овој практикум ги третира овие теми согласно потребите на катедрата Туризам.

***Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна  дејност***

**Покрај објавените научноистражувачки и стручни трудови, кандидатката д-р Татјана Бошков поседува и сертификати за учество и презентација на трудовите на значајни меѓународни конференции и симпозиуми во земјава и во странство, и тоа:**

82. International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series IBANESS Conference Series-Prilep / Republic of Macedonia, University of Agribusiness and Rural Development-Bulgaria, October 27-28 October, 2018, University of "St. Kliment Ohridski" Bitola, Republic of Macedonia, Faculty of Economics - Prilep.
83. First International Scientific ConferenceChallenges of tourism and business logistics in the 21st century »ISCTBL 2017«, 24-25 Oct 2017, Gevgelija, Macedonia.
84. International conference: Urban Planning and Tourism Consumption: 160 years for the Ringstrasse in Vienna (1857-2017) November 20-23, 2016, The Hebrew University of Jerusalem, Israel
85. COST Action IS1204: Tourism, Wellbeing and Ecosystem Services (TObeWELL) 2016 Training School , 12-15 Apr 2016, Madrid, Spain.
86. International Balkan and Near Eastern Social Sciences Conference Series IBANESS Conference Series-Prilep / Republic of Macedonia, October 28-29-30, 2016, University of "St. Kliment Ohridski" Bitola, Republic of Macedonia, Faculty of Economics - Prilep.
87. International Scientific Conference "Crisis Management:Challengies and Prospective", 18 November 2015, Skopje, Republic of Macedonia
88. International Conference on Economic Recovery In The Post-Crisis Period, 29-30 May, 2015, Skopje, Republic of Macedonia
89. Regionalnoj naucnostrucnoj konferenciji: Održivi ekonomski razvoj - savremeni i multidisciplinarni pristupi - ERAZ, 11-12 June 2015, Belgrad, Srbija
90. Regional scientific business conference : Liderstvo i menadžment – država, preduzeće, preduzetnik - LIMEN, 10-11 Dec 2015, Belgrade, Serbia.

**Д-р Татјана Бошков има одлично искуство со обуки, работење во групи и во тимови на меѓународно ниво. Солидното искуство и способност за перформанси, креирање, планирање и развој на проекти и подготвителни студии го покажува и во актуелниот ангажман:**

91. Учесник во проектот "Youth Adventure Tourism" (Проект за локална и регионална конкурентност финансиран од инструментот за претпристапниот доверителски фонд на Европската унија на Европската комисија ( EC IPA TF) склучен помеѓу РС Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој (Светска Банка) 17.01.2019- тековно).
92. Учесник во проектот „Детерминирање на туристичките настани во Источниот регион на Република Македонија" (проект на ФТБЛ финансиран од Фондот за научноистражувачка работа на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип) (2015-2018);

**Во делот на стручно-апликативната дејност и организациско-развојна  дејност на кандидатката д-р Татјана Бошков, значајни се и нејзините стручни награди и признанија, потврдени со поседување на:**

93. Сертификат за туристички водич, рег.број 228/2013, Штип 25.12.2013, бр.228 (Факултет за туризам и бизнис логистика издава Сертификат за туристички водич врз основа на член 33-в став 1 од Законот за туристичка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.62/04 и 89/09), согласно со член 100, став 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09 и 115/10) и дадената согласност бр.12-5125/2 од 8.10.2010 г. од Министерството за образование и наука).
94. Добиен сертификат за комплетирање на курсот Integrated Marketing Communication одржан од страна на Robert Lauterborn PhD, University of North Carolina, Chapel Hill U.S.A, 10 -28 јули

2006 г.

95. Д-р Бошков своето знаење и вештини ги покажува како **Претседател на организацискиот одбор** на втората по ред конференција ISCTBL 2018
96. член на научно-програмскиот одбор на конференцијата ISCTBL 2018 во рамките на Факултетот за туризам и бизнис логистика - Штип, но и како
97. член на програмки одбор на повеќе конференции во странство (Regional scientific business conference LIMEN 2015; LIMEN 2016; LIMEN 2017; LIMEN 2018 и LIMEN 2019).

**Во изборниот период, кандидатката е член на повеќе универзитетски и факултетски органи и комисии и тоа:**

98. на 105-та седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, Д-р Бошков е избрана за раководител на втор циклус на студии на ФТБЛ со Одлука бр. 2102-424/19 на 24.10.2018 година.
99. на 21.03.2019 година кандидатот Бошков е избрана за член на Универзитетскиот сенат од Факултетот за туризам и бизнис логистика (Одлука бр.2102-111/25 на 21.03.2019).
100. член на Наставно-научниот совет при Факултетот за туризам и бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
101. член на Комисија за одбрана дипломски трудови
102. член на Комсија за одбрана на магистерски трудови
103. член на Комисија за запишување нови студенти во прва година на прв циклус универзитетски студии (Одлука бр. 2102-286/13 на 20.5.2015 за 2015/2016 год. Одлука бр. 2102-183/7 на 25.4.2016 од 2016/2017 год. Одлука бр.2102-279/10 на 29.5.2017 за 2017/2018 Одлука бр.102-246/8 на 30.05.2018 за 2018/2019 и Одлука бр.2102-174/5 на 05.06.2019 за 2019/2020).
104. член на деканска управа.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и после деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана по Конкурсот од 06.09.2019 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Лајм“, рецензентската комисија констатира дека кандидатката Доц. д-р Татјана Бошков ги исполнува условите за избор во наставно – научно звање вонреден професор.

По прегледот на доставената документација, Комисијата цени дека кандидатката д-р Татјана Бошков покажува перманентен интерес и желба за научно напредување. Д-р Татјана Бошков е искусен и квалитетен наставно-научен кадар, кој преку долгогодишен ангажман во наставно-образовната дејност и активна научно-истражувачка работа со публикации од областа, покажува исклучително знаење и умеење во областа на финансиите и менаџирањето на финансиите на микро и макро ниво.

Бошков има извонредна стручно-апликативна и организациско-развојна дејност потврдено преку учество во бројни научни проекти во земјава и странство, како и пренос на стекнатите практични познавања од банкарскиот сектор на студентите согласно предметите кои ги предава. Д-р Бошков е раководител на втор циклус студии при Факултетот за туризам и бизнис логистика, а од април 2019 е избрана за член на Сенатот при Универзитетот "Гоце Делчев" – Штип.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатката, Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатката д-р Татјана Бошков преку вкупно 809 поени (НО 30 + НИ 683 + САОР 141).

Врз основа на приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научно-истражувачката работа стекнати за време на своето работење, како и на планот на стручното усовршување, учеството на симпозиуми и конференции, совесното и одговорно исполнување на работните обврски, Комисијата со задоволство му препорачува на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика, кандидатката д-р Татјана Бошков да се избере во наставник во наставно-научно звање вонреден професор од областа на Финансиски менаџмент и Финансии.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**д-р. Зоран Темелков, вонреден професор, претседател, с.р;**

**д-р. Оливера Ѓоргиева-Трајковска, вонреден професор,член, с.р;**

**д-р. Глигор Бишев, вонреден професор,член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **4.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | **30** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **30** |

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| | | | | | | |
| **1.** | Монографија или научна книга Ред.бр.74,75,76,77,78,79,80 | | | 7 | 15 | **105** |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга Ред.бр.55;56 | | | 2 | 10 | **20** |
| **3.** | Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор со труд ред. бр.22;34;38;39;41;43;54.втор автор со труд ред.бр.53) | | | 7<br><br>1 | 15<br><br>10 | **105**<br><br>**10** |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор труд со ред. бр:1,6,7,8,11,12,13,14,15,16, 17,18,19,20,21,23,24,25,26,27,29, 30,31,32,33,35,37,51,52; втор автор труд со ред.бр.:3,4,9,10,28 ,40,41,44,45,48,49,50; трет автор труд со ред. бр.36) | | | 29<br>12<br>1 | 9<br>6<br>3 | **261**<br>**72**<br>**3** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови Ред.бр.57,58,59,60,61,62,63,64,65, 66,67,68,69,70,71,72,73. | | | 17 | 3 | **51** |
| **20.** | Член на организациски или научен одбор на научен собир Ред.бр.96 ,97 | 1 | 1 | 5 | 2 | **11** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **683** |

| **Р. бр.** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Труд во стручно (научно-популарно)списание Ред.бр.2,5,46,47. | 2 | 2 | 2 | 6 | **16** |
| **12.** | Претседател на организациски или програмски одбор на стручен собир Ред.бр.95 | 1 | 2 | | | **2** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **13.** | Учесник во научен проект Ред.бр.91,92 | 1 | 5 | 1 | 8 | **13** |
| **19.** | Стручни награди и признанија Ред.бр: 82,83,84,85,86,87,88,89,90,94(странство) ред.бр.93(во земјата) | 1 | 4 | 10 | 8 | **84** |
| **26.** | Раководител на Втор циклус на студии на ФТБЛ ред.бр.98 - Одлука бр. 2102-424/19 на 24.10.2018 година | 1 | 3 | | | **3** |
| **27.** | Член на универзитетски или владини тела Ред.бр.99 (Одлука бр.2102-111/25 на 21.03.2019 | 1 | 5 | | | **5** |
| **28.** | Член на факултетски орган комисија со ред.бр. 100,101,102,103,104 (за одбрани на дипломски трудови, за одбрани на магистерски трудови, член на деканска управа, член на уписна комисија за прв циклус 2015 год., 2016 год., 2017 год., 2018 год., 2019 год). | 9 | 2 | | | **18** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **141** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **809** |

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРЕТПРИЕМНИШТВО, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.1202-107/7 од 20 септември 2019 год., донесена на 176. седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 19.9.2019 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на *наставник во сите звања* за наставно-научната област *претприемништво* на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип:

- д-р Марија Магдинчева Шопова - вонреден професор на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип - претседател;
- д-р Зоран Јаневски, вонреден професор на Економски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - член;
- д-р Вељанд Рамадани, вонреден професор на Факултет за бизнис и економија при Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 26.8.2019 г. и во предвидениот рок се пријавија кандидатките:

- д-р Данче Николовска-Вратеовска и
- д-р Христина Серафимовска.

Врз основа на приложената документација од кандидатките, чест ни е на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Данче Николовска-Вратеовска** е родена на 3.1.1980 г. во Штип. Средно училиште завршува во Штип, во гимназијата „Славчо Стојменски“, на природно-математичката насока. Во 2003 г. дипломира на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на Департманот за економија со просечна оценка 8,00.

Во учебната 2007/2008 г. се запишува на постдипломски студии на Катедрата по монетарна економија на Економски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Магистрира во 2011 г. со одбрана на магистерскиот труд „*Финансискиот систем и глобалната економска криза (2008)*“ под менторство на проф. д-р Михаил Петковски (среден успех 8,78) и се стекнува со академски степен магистер по економски науки од областа на монетарната економија. Докторира во 2014 г., исто така на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, под менторство на проф. д-р Владимир Филиповски. Со одбраната на докторската дисертација под наслов „*Влијанието на финансиските институции врз макроекономската и финансиската стабилност*“ се стекнува со звање доктор на економски науки. Кандидатката е член на Алумни клубот на монетаристи на студиумот по монетарна економија, финансии и банкарство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје.

Кандидатката д-р Данче Николовска-Вратеовска од 2009 г. до денес работи како помлад асистент во Министерство за финансии, Управа за јавни приходи, Регионална дирекција Штип. Исто така е член на Регионалната комисија за кредитирање при самовработување и вработување на невработени лица (претставник од УЈП – Штип од 2012 г. до денес) – Проект на Влада на РСМ, носител АВРМ.

Кандидатката поседува сертификати за познавање англиски јазик (B2.1), германски јазик TANGRAM 1A и активно зборува српски, хрватски и бугарски јазик.

Д-р Данче Николовска-Вратеовска е избрана во звање насловен доцент на група предмети во областа на економските науки на Меѓународен славјански универзитет „Гаврило Романович Державин“ – Св. Николе – Битола (Решение бр. 12-566/2 од 1.11.2017 г.).

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент:***

1. ***Просечен успех од прв и втор циклус студии.*** Кандидатката д-р Данче Николовска-Вратеовска има завршено прв циклус студии со просечна оценка 8,00 и втор циклус студии со просечна оценка 8,78.
2. ***Научен степен доктор на науки од областа во која се избира***. Кандидатката има научен степен доктор на економски науки, кој не е од научната област *претприемништво*. Со звање доктор на економски науки се стекнува по одбраната на докторската дисертација под наслов „*Влијанието на финансиските институции врз макроекономската и финансиската стабилност*" – научна област *финансии*.
1. ***Објавени најмалку четири научни трудови во референтни научни публикации во последните пет години.***

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год. на излегување на списанието/ публикацијата |
Содржините од оваа книга претставуваат пресек на состојбата на локалната економија на Општина Штип, во насока на утврдување на моменталните појави и идентификација на пречките и можностите за иден развој на економијата во заедницата. Анализата на профилот на Општина Штип има цел да се добие комплетна слика за тоа со каков потенцијал располага овој регион. Истата е направена од неколку аспекти и накратко се опфатени следниве содржини: географската поставеност на Општината, расположливите природни ресурси, преглед на демографската состојба и состојбата со вработувањето, како и анализа на структурата на стопанството. Направен е опсежен преглед на состојбата на претпријатијата во Општината, поткрепен со прецизни статистички податоци за бројот на мали и средни претпријатија, нивната секторска распределба и економска моќ. Анализата на МСП и претприемништвото го опфаќа и транзицискиот период. Со цел утврдување на локалниот развоен потенцијал на Општината, критички се анализирани актуелните мерки за поддршка на МСП и претприемништвото, како и постојните институции - нивниот квалитет и нивната ефикасност. Во насока на подобрување на претприемачкиот амбиент и локалната бизнис клима, истражувањето е насочено и кон идентификација на состојбата на сегментите што ја сочинуваат инвестиционата клима на Општината и детектирање на реалните пречки кои придонесуваат за стагнација на развојот на малите и средните претпријатија во овој регион. Направени се препораки за тоа во кои делови од инвестиционата клима е потребно да се интервенира и се елаборирани идните развојни насоки што ги отвораат поднебјето и ресурсите на регионот.

1. **Д-р Христина Серафимовска, проф. д-р Васил Поповски, 2017, „Иновации и претприемништво“, 2-ри Август, Штип (високошколски учебник)**

Станува збор за високошколски учебник наменет за студентите по предметот Претприемништво. Содржините обработени во секое од поглавјата ќе им послужат на студентите најпрво за запознавање со теоретските аспекти на поимите претприемништво, иновативност и креативност, менаџмент на човечки ресурси, интрапретприемништво, конкурентност и сл. Концептот предвидува во последната глава, во вид на сублимат на претходно кажаното, да се опфати поентата за иновативноста и да се нагласат оние типови на организациски активности кои ја поддржуваат стартегијата на иновација и придонесуваат кон нејзина успешна имплементација. Нагласена е потребата од неминовен стратегиски пристап, односно пристап на совпаѓање на избраните старатегии на сите нивоа во насока на постигнување конкурентност на претпријатијата по пат на иновација. Како специфична определба, во случајот се преферира стратегијата на иновација во својство на конкурентска стратегија, додека остварувањето на компатибилност со практиките на менаџмент на човечки ресурси и воспоставувањето на претприемачка организациска култура во претпријатието е со цел јакнење на иновативноста во насока на постигнување на конкурентска предност на претпријатијата.

***Престои во странство***

Еразмус + размена – *International Staff Training Week* – Универзитет во Љубљана, 23 – 27 мај 2016 г.

За време на престојот кандидатката има спроведено истражување за состојбата на претприемништвото во високото образование и утврдување на најчестите претприемнички практики на престижните универзитети ширум Европа преку спроведено анкетно истражување на земјите учеснички во настанот. За време на престојат исто така е ставен фокус и на идентификување на иновативните менаџмент практики кои се развиени на Универзитетот во Љубљана, со цел подобрување на внатрешните процеси и општите перформанси на Универзитетот.

***Учество во работилници/собири со објавени извештаи (во земјава и во странство)***

Tempus Regional Seminar – *Human Resources Management in Higher Education*, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, 14/15 June, 2012.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***
***Членство во организации, работни тела и комисии***

Д-р Христина Серафимовска поседува извонредни организациски способности, како и способност за тимска и индивидуална работа. Кандидатката е член на работната група на Универзитетската уписна комисија за прием на студенти во прв циклус студии од основањето на Универзитетот до денес (прилог - одлуки од Универзитетски сенат бр. 0201-795/6 од 6.7.2015, бр. 0201-445/20 од 16.5.2016, бр. 0201-595/16 од 29.5.2017, бр. 0201-648/22 од 25.6.2018 и бр. 0201-522/12 од 9.7.2019). Член е на Комисија за попис на патнички автомобили и придружен алат на Универзитет „Гоце Делчев - Штип“ (прилог - одлуки од Универзитетски сенат бр. 0701-1239/24 од 10.11.2014, бр. 0201-1341/18 од 14.12.2015, бр. 0201-848/10 од 25.10.2016, бр. 0202-981/5 од 20.11.2017 и бр. 0201-1091/22 од 28.12.2018). Исто така, кандидатката како член на работното тело за изработка на Елаборати за акредитација на студиските програми на Универзитетот во прв, втор и трет циклус студии учествува во нивната изработка и го координира целокупниот процес на акредитација на студиските програми (прилог – Одлука од Универзитетски сенат бр. 0201-132/9 од 1.2.2016 г.).

Д-р Христина Серафимовска поседува сертификати од завршени обуки од повеќе области/теми, меѓу кои: менаџмент на промени, бизнис преговарање, справување со проблематични ситуации и луѓе, работа со емоционална интелигенција, ЕУ соработка и можностите за финансирање на истражување и иновации.

*Активности/трудови кои се со некомплетна документација или се активности кои не се бодуваат според ставките предвидени во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања и асистенти докторанди на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип нема да бидат вреднувани во Табелата на активности кои се бодуваат при избор во звање.

**Заклучок и предлог на комисијата**

Врз основа на претходно изнесените биографски податоци и елаборираните информации за наставно-образовната, научноистражувачка, како стручно-апликативната и организациско-развојна активност на пријавените кандидати за избор на еден наставник во сите звања во наставно-научната област *претприемништво* на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Република Македонија, Комисијата го констатира следново:

1. Кандидатката д-р Данче Николовска-Вратеовска има одбрането докторска дисертација од областа на финансиите, која не соодветствува на областа за која е распишан Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања – област *претприемништво*. Исто така, целокупната научноистражувачка работа, вклучително и трудовите од референтни научни публикации обврзувачки по Законот за високо образование, на кандидатката се во областа различна од онаа за која е распишан Конкурсот.
2. Кандидатот д-р Христина Серафимовска има одбрането докторска дисертација од областа на претприемништвото, која соодветствува на областа за која е распишан Конкурсот за избор на еден наставник во сите звања. Врз основа на прикажаната научноистражувачка, наставно-образовна и стручно-апликативна работа може да се заклучи дека кандидатката д-р Христина Серафимовска е продуктивен млад истражувач со фокус во областа на претприемништвото. Од приложените трудови, работната биографија, искуството во наставната и научноистражувачката работа, односно од целокупната активност која е поврзана со научната област претприемништво може да се заклучи дека кандидатката д-р Христина Серафимовска ги исполнува сите законски услови за избор во звање доцент.

Согласно со Законот за високо образование на Република Северна Македонија и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, по деталното разгледување на комплетно доставената документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија, врз основа на изнесеното, има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **кандидатката д-р Христина Серафимовска да ја избере за наставник во звање доцент за наставно-научната област *претприемништво.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Марија Магдинчева-Шопова, вонреден професор, претседател, с.р.**

**Д-р Зоран Јаневски, вонреден професор, член, с.р.**

**Д-р Вељанд Рамадани, вонреден професор, член, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
**(Д-р Данче Николовска-Вратеовска)**

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Избор во звање насловен доцент | | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО (НО)** | | | | | **30** |
| **Ред. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга | 3 | 10 | | | 30 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори)<br>Ред.бр. / - во странство<br>Ред.бр. 4,5,13,22,23,31– во земјава | | 9/6/3 | | 9/6/3 | 48,3<br>3 Х 9=27<br>1 Х 9,3=9,3<br>2 Х 6=12 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>во земјава: ред.бр. 1,2,3,6,7,10, 11,12,14,15,16,17,19,20,21,25,2 6,27,28,29,30<br>во странство: ред. бр. 9,24 | 6 | 2 | | 3 | 49,8<br>6Х2,3=13,8<br>15Х2=30<br>2Х3=6 |
| 4 | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | 8 |
| 5 | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| 6 | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 5 | 1 | 1 | 2 | 7 |
| | **ВКУПНО (НИ)** | | | | | **147,1** |
| **Ред. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| 1 | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 1 | 2 | | 3 | **2** |
| 2 | Пленарно предавање на стручен собир | 3 | 2 | | 4 | **6** |
| | **ВКУПНО (САОР)** | | | | | **8** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **185,1** |

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ
### (Д-р Христина Серафимовска)

| Ред. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1. | Експерт од пракса | | | | | 0 |
| | **ВКУПНО (НО)** | | | | | **0** |

| Ред. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга | 2 | 10 | | | 20 |
| 2 | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ред.бр. 1.1, 1.2, 1.3, 1.4, 1.5, 1.6, 1.7, 1.8, 1.9, 1.10 | | 9/6/3 | | 9/6/3 | 78.6<br>2x9.3=18.6<br>5x9=45<br>2x6=12<br>1x3=3 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>во земјава: ред.бр. 2.1, 2.2<br>во странство: ред.бр. 3.1, 3.2 | 2 | 2 | 2 | 3 | 10<br><br>2x2=4<br>2x3=6 |
| 4 | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | | 1/1,5 | 1 | 1,5/2 | 2 |
| 5 | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | 8 | 8 |
| 6 | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | 4 | 4 |
| 7 | Студиски престој во странство | | | 1 | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО (НИ)** | | | | | **130,6** |

| Ред. бр. | Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Елаборати и експертизи | 1 | 2 | | 4 | 2<br>1x2=2 |
| 2 | Член на факултетски орган, комисија | 10 x 2 | | | | 20 |
| | **ВКУПНО (САОР)** | | | | | **22** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **152,6** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ВИДОВИ НА ИНСТРУМЕНТИ - КЛАРИНЕТ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-93/12 од 26.9.2019 година донесена на 56. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 26.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на *наставник во сите звања* за наставно-научната област *видови на инструменти – кларинет* 1 извршител на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 13.9.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

- д-р Бранко Павловски, звање (насловен вонреден професор).

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот д-р Бранко Павловски е роден во 1976 година во Крива Паланка. Кларинет почнал да учи во класата на проф. Љупчо Тренчевски во Нижото музичко училиште во Крива Паланка. Своето средно музичко образование од 1991 до 1994 година го продолжува во Музичко-балетскиот училиштен центар „Илија Николовски - Луј“ во Скопје во класата на проф. м-р Иван Кочаров. Во исто време завршува паралелно и природно-математичка гимназија. Во 1998 година дипломира на Факултетот за музичка уметност во Скопје на одделот Кларинет во класата на проф. м-р Иван Кочаров со оценка 10.0 cum laude и просек на положени испити 9.95.

Во 1998 година добива стипендија од Факултетот за музичка уметност во соработка со Интернационалната летна школа по музика во Дартингтон, Англија, да учествува на семинар по кларинет кај проф. Данкан Прескот. Во 1998 година ја освојува наградата „26 јули“ од Фондот на Франк Харкорд Манинг од Лондон за најдобар студент на Факултетот за музичка уметност во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во текот на учебната година 1997/1998 година. Истата година, по повод 8 Октомври - денот на ослободување на Крива Паланка, од страна на Советот на градот му е доделена наградата „8 Октомври“ за постигнати значајни активности и резултати од областа на музичката уметност. Во 1999 година, по повод 50-годишниот јубилеј на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје му е доделена пофалница во знак на признание за постигнат најдобар успех во студирањето на Универзитетот во учебната 1997/1998 година.

Бранко Павловски во 1999 година магистрира на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Бугарија, во класата на проф. Петко Радев (солист на оркестарот на Миланската скала). Во 2000 завршува постдипломски студии на Академијата за музички уметности во Прага, Чешка, во класите на проф. Јиржи Хлавач и проф. Штјепан Коутњик.

Во 2001 г. посетува курс за офицери во службите на АРМ на Воената академија во Скопје и стекнува чин офицер на музичка служба. Во 2001 година учествува на Интернационалната летна школа и фестивал за музика во Дартингтон, Англија, каде што посетува семинари по кларинет кај Алан Хакер, Дејвид Кембел, Мајкл Увајт, како и камерна музика кај Џулијан Бејкер. Во 2002 година бил на семинар по кларинет кај Јоханес Пајц, во рамките на фестивалот „Денови на музиката“ во Емсбурен, Германија.

Во 2003 година магистрира кларинет и на Факултетот за музичка уметност на УКИМ во Скопје, во класата на проф. м-р Иван Кочаров со просек на положени испити 9.00.

Бранко Павловски во 2004 година се усовршува на постдипломски студии за

интерпретација на современа музика за кларинет кај проф. Доминик Видал на „Ecole National de Musique, Ville d'Avray" во Париз, Франција, и во 2005 година на „Conservatoire Nationale de Region, Ville de Versailles" во Париз, Франција, во класата на светски познатиот кларинетист проф. Филип Купер (солист на оркестарот на Париската опера).

Во 2007 година Бранко Павловски добива целосна стипендија за докторски студии на Државниот универзитет во Луизијана на Факултет за музичка уметност. Во 2008 година ја добива Музичката награда на Луизијана. Бранко Павловски докторира во 2011 година и се стекнува со титула доктор на музички уметности. Во 2011 година д-р Бранко Павловски од страна Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е избран во насловно звање доцент за наставно-научната област видови на инструменти - кларинет.

Во текот на своето образование Бранко Павловски учествува на мајсторски класови кај еминентни кларинетисти како: Ги Данген, Вилијам Блејни, Властимил Мареш, Волтер Сејфарт, Ричард Мекдауел, Луиза Лудевиг–Вердер, Кенет Лонг, Чед Буроу, Карл Лајстер, Јулиа Хајнен.

Како солист и камерен музичар Бранко Павловски настапува во САД, Франција, Англија, Германија, Чешка, Полска, Унгарија, Италија, Бугарија, Грција, Хрватска, Србија и Македонија. Бранко Павловски настапува на повеќе фестивали во земјава и во странство, како што се: ЛСУ Фестивалот за современа музика во Батон Руж, MusiPoeSci во Париз, Интернационалниот музички фестивал во Дартингтон, Охридско лето, Скопско лето, ИнтерВокс, Златна Лира, МодоАрс, Денови на македонската музика, Штипско лето, Манифестацијата по повод денот на сесловенските просветители св. Кирил и Методиј во Рим, потоа преку програмите на КИЦ, Музичка младина на Македонија и други.

Бранко Павловски работел во Воениот оркестар на АРМ, Батон Руж Симфонискиот оркестар, а истотака соработувал со Акадиана симфонискиот оркестар, Опера Луизијана, Прага Моцарт оркестарот, Ансамблот за современа музика на Националнот конзерваториумот во Версај, ЛСУ Симфонискиот оркестар, ЛСУ Дувачкиот ансамбл, Македонската филхармонија, Скопски солисти, ФЕИМС Оркестарот и др. Бранко Павловски како оркестарски музичар настапувал под диригентската палка на многу познати диригенти како што се: Тимоти Мафит, Карлос Риазуело, Петер Рубарт, Џејмс Андерсон, Мурej Сидлин, Франк Викс, Џери Џенкинс, Ричард Хансен, Доналд Мек Кини, Бил Конти и др .

Бранко Павловски бил член на повеќе камерни состави: Скопскиот дувачки квинтет, дувачките квинтети „Арт" и „Нова", Трио Академико, Академското дувачкото трио, ЛСУ Кларинет квинтетот, ЛСУ Камерениот ансамбл и др. Павловски како промотор на современата музика има премиерно изведено повеќе нови дела за кларинет.

Бранко Павловски учествува на повеќе државни и меѓународни натпревари каде што ги освојува следниве награди: Прва награда на МТНА натпреварот по камерна музика во Лафајет, Луизијана, САД во 2007 година, Трета награда на МТНА натпреварот по камерна музика во Остин, Тексас, САД во 2008 година, Прва награда во 4 категорија во 1997 година во Битола, Прва награда во 3 категорија во 1994 година во Скопје, Втора награда во 2 категорија на Сојузниот натпревар во Херцег Нови во 1991 година, Трета награда во 1 категорија во 1988 година на Сојузниот натпревар во Љубљана, Прва награда во 1 категорија во 1998 година – Битола.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

Кандидатот насловен вонреден професор д-р Бранко Павловски ги има сите потребни документи.

1. Вонреден професор од област во која се избира со завршено соодветно високо образование од втор степен музички науки или музички уметности или фолклористика,

- Кандидатот д-р Бранко Павловски е избран за наставник во звањето насловен вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за наставно-научната област видови на инструменти – кларинет на 4.5.2016

година од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Тој на Конкурсот има приложено оригинални дипломи, уверенија за положени испити и фотокопии заверени на нотар и тоа:

- Диплома за завршени докторски студии со што се стекнал со право на стручен назив доктор на музички уметности;
- Диплома за завршени магистарски студии по интерпретација на кларинет со што се стекнал со право на стручен назив магистер по кларинет;
- Диплома за завршени додипломски студии со што се стекнал со право на стручен назив дипломиран кларинетист.

Кандидатот исто така има приложено решение за нострифицирана диплома дополнета со еквиваленција на оценките издадени од МОН на РМ.

2. Има изведено шест целовечерни концерти (во земјава или странство)

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Годинина на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Бранко Павловски Емилија Потевска | Целовечерен солистички концерт | Концерт на Дуо Павловски-Потевска на Факултетот за музичка уметност во Скопје | 21.12.2018 |
| 2 | Бранко Павловски Златка Митева Наташа Трбојевиќ | Целовечерен камерен концерт | Концерт на Трио Академико на Музичката академија „Франц Лист“ во Пеќ, Унгарија | 9.11.2017 |
| 3 | Бранко Павловски Златка Митева Наташа Трбојевиќ | Целовечерен камерен концерт | Концерт на Трио Академико на Музичката академија во Нови Сад, Србија | 12.05.2017 |
| 4 | Бранко Павловски Златка Митева Наташа Трбојевиќ | Целовечерен камерен концерт | Концерт на Трио Академико на Фестивалот Интервокс во Осиек, Хрватска | 11.05.2017 |
| 5 | Бранко Павловски Емилија Потевска | Целовечерен солистички концерт | Концерт на Дуо Павловски-Потевска во Музеј „Борис Хростов“ во Софија, Бугарија | 18.10.2016 |
| 6 | Бранко Павловски Емилија Потевска | Целовечерен солистички концерт | Концерт на Дуо Павловски-Потевска во Центарот за музика во Солун, Грција | 2.12.2014 |

Кандидатот вонреден професор д-р Бранко Павловски има приложено концертни програми за изведба на 38 концерти (во земјава и во странство). Концертите се реализирани во последните пет години во периодот од мај 2014 до мај 2019 година и сите се наведени во поглавјето за научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности со линкови од репозиториумот на УГД.

3. Има придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници
- Вонреден професор д-р Бранко Павловски има придонес во оспособувањето на соработници и помлади наставници; дипломираните кларинетисти и музичари изведувачи од класата по кларинет на вонреден професор д-р Павловски веќе работат како наставници по кларинет во музичките училишта во РМ.
4. Покажал способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност
- Вонреден професор д-р Бранко Павловски покажува способност во изведувањето на сите видови високообразовна дејност; успешно изведува настава на додипломските и магистерските студии на Вокално-инструменталниот оддел при Музичката академија во Штип по предметот Кларинет и оркестарски делници. Под менторство на вонреден професор д-р Бранко Павловски се изработени 7 дипломски испити, и во моментот тој е ментор на 1 студент на магистерски студии;
5. Има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите реализирани на соодветни единици на Универзитетот

- Вонреден професор д-р Бранко Павловски има преодна просечна оценка од официјалните анкети на студентите на кои им предава реализирани на соодветните единици на Универзитетот.

6. Има рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната област објавена во е-библиотеката.

- Вонреден професор д-р Бранко Павловски е автор е на рецензирана скрипта за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ со наслов „Секојдневни вежби за кларинет“ (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 5).

7. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени

- Вон. проф. д-р Павловски има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=141; (САОР)=17 или вкупно 198 поени.

***Наставно-образовна***

Кандидатот д-р Бранко Павловски е избран за наставник во звањето насловен вонреден професор на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област видови на инструменти – кларинет на 4.5.2016 година од страна на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Претходно д-р Бранко Павловски е избран за наставник во звање насловен доцент на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната област видови на инструменти – кларинет на 18.8.2011 година.

Во периодот од 2007 година до 2011 година, м-р Бранко Павловски е вработен како асистент по предметите кларинет и оркестарски делници, ес кларинет и бас кларинет на Факултетот за музичка уметност на Државниот Универзитет во Луизијана, САД.

Од 2002 до 2003 година е вработен како хонорарен наставник по предметот кларинет во Музичкиот балетски училиштен центар „Илија Николовски - Луј“ во Скопје.

Вонреден професор д-р Бранко Павловски е автор на позитивно рецензирана скрипта по предметот кларинет за потребите на Универзиетот „Гоце Делчев“ во Штип со наслов „Секојдневни вежби за кларинет“ (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 5). Павловски е автор е на интерна скрипта за предавање за потребите на Универзитетот „Гоце Делчев“ по предметот Кларинет со оркестарски делници (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 5).

Под менторство на вонреден професор д-р Бранко Павловски се изработени 7 дипломски испити и во моментот тој е ментор на 1 студент на магистерски студии (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 14).

Павловски од 2014 година предава на втор циклус постдипломски студии по предметите кларинет и напредни оркестарски делници (види табела Наставно-образовна дејност под реден број 28).

Во периодот од 2014 до 2019 година, студентите од класата по кларинет на вонреден професор д-р Бранко Павловски одржаа 10 целовечерни групни и солистички концерти наведени подолу:

22.05.2019 - Концерти на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Велес.

21.05.2019 - Концерти на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Штип.

20.05.2019 - Концерти на Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија во Кочани.

20.12.2018 - Новогодишен концерт на студентите од Катедрата за дувачки инструменти (флејта, кларинет и камерна музика).

25.12.2017 - Новогодишен концерт на студентите од Катедрата за дувачки инструменти (флејта, кларинет и камерна музика).

20.12.2016 - Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел од Музичката академија при УГД Штип во концертната сала на Музичка академија во Штип.

21.12.2015 - Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел при Музичка академија, Штип.
23.12.2014 - Новогодишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел од Музичката академија при УГД - Штип.
1.7.2014 - Годишен концерт на студентите од Вокално-инструменталниот оддел на Музичката академија при УГД – Штип.
12.5.2014 - Концерт на студентите од класата по кларинет на вон. проф. д-р Бранко Павловски, концертна сала ФМУ – Штип.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Од доставената документација, Бранко Павловски во периодот на последните 5 години од 2014 година до денес, вклучувајќи го изборот за наставник во претходното звање насловен вонреден професор во мај 2016 година, во признати домашни и странски концертни сали има вкупно 38 целовечерни концерти од кои 29 целовечерни концерти во земјава, 9 целовечерни концерти во странство, 5 концертни настапи од 20 минути, 10 концерти на студентите од класата на проф. д-р Бранко Павловски. Целовечерните концерти се наведени подолу (види табела Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности под реден број 6 за вкупен број поени од овие концерти).

***Целовечерен солистички - камерен концерт***
***Во земјава:***

21.12.2018 **Солистички рецитал** на Бранко Павловски - кларинет и Емилија Потевска Попивода - пијано на Факултетот за музичка уметност на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје.
17.12.2018 **Солистички рецитал** на Бранко Павловски - кларинет и Емилија Потевска Попивода - пијано на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.
12.05.2018 **Концерт на камерна музика** на Трио Академико: Бранко Павловски-кларинет, Златка Митев - флејта и Наташа Трбојевиќ - пијано на манифестацијата „ЕУ за ТЕБЕ“ по повод прославата на Денот на Европа во Штип.
25.11.2017 **Солистички рецитал** на Дуо Бранко Павловски - кларинет и Емилија Потевска Попивода - пијано во Фоајето на Македонската опера и балет, МНТ, Скопје.
23.10.2017 **Солистички рецитал** на Бранко Павловски - кларинет и Милица Шкариќ - пијано на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.
20.09.2017 **Концерт на камерна музика** на Скопскиот дувачки квинтет на платото на црковниот храм „Св. Богородица“, Скопје.
19.04.2017 **Концерт на камерна музика** на Скопскиот дувачки квинтет на литератрурната манифестација „Илинден“, Дом на култура, Општина Илинден.
11.04.2017 **Едукативен концерт на камерна музика** на Скопскиот дувачки квинтет во ОУ „Димитар Миладинов“, Скопје.
07.04.2017 **Едукативен концерт на камерна музика** на Скопскиот дувачки квинтет во ОУ „Кирил и Методиј“, Скопје.
04.04.2017 **Едукативен концерт на камерна музика** на Скопскиот дувачки квинтет во ОУ „11 Октомври“, Скопје.
26.12.2016 **Солистички рецитал** на Дуо Павловски-Потевска, концерт гост Лејла Јакубовиќ – Турција на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.
07.12.2016 Настап на Трио Академико на Концертот по повод 135 години од раѓањето на Бела Барток на Музичката академија на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.
14.11.2016 Настап на Трио Академико на Концертот по повод 135 години од раѓањето на Бела Барток на фестивалот Есенски музички свечености, Музеј на Град Скопје.
31.10.2016 **Солистички концерт** на Бранко Павловски - соло кларинет во ДМБУЦ „И. Николовски-Луј“, Скопје.
28.10.2016 **Солистички концерт** на Бранко Павловски - соло кларинет во СМУ „Т. Скаловски-Тетоец“, Тетово.
26.10.2016 **Солистички Концерт** на Бранко Павловски - соло кларинет во ОМБУ „Лазо Мицев – Рале“, Кавадарци.

27.07.2016 Концерт **на камерна музика** на Скопски дувачки квинтет во НУ Центар за култура „Ацо Караманов“ - Радовиш.

15.07.2016 **Солистички рецитал** на Дуо Бранко Павловски, кларинет - Емилија Потевска, пијано, концерт гост Вилијам Харнд, пијано, САД на Скопско лето 2016 во НГ Даут Пашин амам, Скопје.

28.10.2015 **Солистички рецитал** на Дуо Павловски-Потевска во НУ Центар за култура „Никола Ј. Вапцаров,“ Делчево.

27.10.2015 **Солистички рецитал** на Дуо Павловски-Потевска во ДМУЦ „Тодор Скаловски-Тетоец“ - Тетово.

26.10.2015 **Солистички рецитал** на Дуо Павловски-Потевска на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

24.09.2015 Настап на Свечена академија на Универзитетот „Гоце Делчев“ со Трио Академико во Мултимедијален центар на УГД, Штип.

06.06.2015 **Солистички концерт** на Павловски-Потевска-Казикос на Фестивалот за современа музика МодоАрс 2015, во НГ Даут Пашин амам, Скопје.

28.05.2015 **Концерт на камерна музика** на Академското дувачко трио во Концертната сала на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот „Гоце Делчев“, Штип.

26.11.2014 Концерт **на камерна музика** на Трио Академико во НУ Центар за култура, Битола.

15.10.2104 Настап на Хуманитарен концерт за д-р Евица Бојаџиева со Трио Академика во Мултимедијален центар на УГД, Штип.

27.08.2014 Настап на Концертот на Интернационалниот летен камп Струмица 2014 со квартет кларинети Кларион во НУЦК „Антон Панов“ - Струмица.

07.07.2014 **Концерт на камерна музика** на Трио Академико на Фестивалот Скопско лето 2014 во НГ Даут Пашин амам, Скопје.

04.06.2014 **Солистички рецитал** на Дуо Павловски-Потевска на Фестивалот за современа музика МодоАрс 2014, во НГ Даут Пашин амам, Скопје.

02.06.2014 **Солистички рецитал** на Дуо Павловски-Потевска на Фестивалот за современа музика МодоАрс 2014, во Ликовен салон, Велес.

20.05.2014 **Концерт на камерна музика** на Трио Академико во НУЦК „Трајко Прокопиев“, Куманово.

16.05.2014 **Концерт на камерна музика** на Трио Академико во НУЦК „Ацо Шопов“, Штип.

14.05.2014 **Концерт на камерна музика** на Трио Академико во Ликовен салон, Велес.

13.05.2014 **Концерт на камерна музика** на Трио Академико во НУЦК „Антон Панов“, Струмица.

***Во странство:***

09.11.2017 **Концерт на камерна музика** на Трио Академико во концертната сала на Музичката академија во Пеќ, Унгарија.

12.05.2017 **Концерт на камерна музика** на Трио Академико концертната сала на Музичката академија во Нови Сад, Србија.

11.05.2017 **Концерт на камерна музика** на Трио Академико на фестивалот Интервокс 2017 во Осиек, Хрватска.

18.10.2016 **Солистички рецитал** на Дуо Павловски-Потевска во Музеј „Борис Христов“ во Софија, Р. Бугарија.

27.06.2016 Концерт **на камерна музика** на Трио Академико на Уметничката академија во Осиек, Хрватска.

26.05.2016 Концерт **на камерна музика** на Трио Академико во Средната музичка школа „Даворин Јенко“ во Белград, Србија.

01.06.2015 **Концерт на камерна музика** на Академското дувачко трио во Чешкиот културен центар во Софија, Бугарија.

02.12.2014 **Солистички Концерт** на Павловски-Потевска-Казикос во Центарот за музика, Солун, Грција.

*Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност*

1. ***Во 2014 година вонреден професор д-р Бранко Павловски има одржано предавање и петдневен семинар по кларинет на Летниот музички камп 2014 во Струмица.***
2. **Од 2011 до 2014 година Павловски е составен член на** 2 стручни тимови во Бирото за развој на образованието при МО кои изготвувале наставни програми по предметот Кларинет за основното и средното музичко образование за територијата на цела Р. Македонија.
3. Вонреден професор д-р Бранко Павлвоские е редовен член на комисиите на Музичката академија во Штип за приемни испити, завршни испити и признавање на испити. Павловски редовно учествува и во изготвувањето на наставните програми на Катедрата за дувачки инструменти по предметот Кларинет при Музичката академија, согласно со промените на ЕКТС од основањето на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Од целокупната наведена активност на кандидатот насловен вонреден професор д-р Бранко Павловски детално е претставено дека ги исполнува сите предвидени услови за избор за наставник во** сите звања за наставно-научната област видови на инструменти - кларинет на Музичката академија наведени во членот 127 од Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Кандидатот преку остварените досегашни активности покажа способности за развивање на наставно-образовната дејност, за стручно-уметничките активности преку активно концертирање и за организациско-развојните дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“. Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот и уметнички совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот насловен вонреден професор д-р Бранко Павловски за наставник во **звање вонреден професор за наставно-научната област видови на инструменти – кларинет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.**

**При изборот исто така му предложуваме** на Наставно-научниот и уметнички совет **на Музичката академија да ја земе предвид Одлуката бр. 1402-70/3 од 4.5.2016 година со која д-р Бранко Павловски е избран за наставник во звање насловен вонреден професор и да му се пресметаат годините поминати во ова звање до следниот избор.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Иван Кочаров, претседател, с.р.**

**Проф. м-р Нинослав Димов, член, с.р.**

**Проф. м-р Златка Митева, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р.бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **5.** | Избор во звање вонреден професор | 1 | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | **1** | **40** | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба 38 целовечерни концерти (29 концерти во земјава и 9 концерти во странство) | 29x3 | 87 | 9x6 | 54 | 141 |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **141** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **8** | Одржан семинар, 2014, Струмица | 1x3 | 3 | | | **3** |
| **28** | Член на факултетски орган, комисија (шеф на Катедрата за дувачки инструменти, комисија за приемни испити по флејта,обоа, кларинет, комисии за завршни испити по кларинет, флејта, обоа, камерна музика на ВИ оддел) | 7x2 | 14 | | | **14** |
| | | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **17** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **198** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА СО ПРИНЦИПИ НА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002 - 179/14 од 30.9.2019 година донесена на 230. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на *асистент во сите звања* за наставно-научната област *физикална медицина со принципи на рехабилитација (30506)* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Лајм“ на 6.9.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

м-р Тамара Аџиска, стручнак од пракса на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да и го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **м-р Тамара Аџиска** е родена на 25.9.1987 г. во Кочани. Основно образование завршува во ОУ „Никола Петров Русински” - с.Русиново, а средно образование завршува во ДСУ „Ацо Русковски” - Берово.

На 30.9.2010 година завршува четиригодишни додипломски студии на Катедрата по медицинска рехабилитација и ерготерапија при Медицински универзитет – Плевен, Р. Бугарија, и се стекнува со звање дипломиран медицински рехабилитатор и ерготерапевт. Дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија со Одлука бр.09-8640/1 од 7.11.2010 г. По поднесеното Барање за еквиваленција на оценките од 26.1.2012 г. врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН бр13-436/2, просечната оценка во Р. Македонија изнесува 8,88.

Своето образование го продолжува на Медицински универзитет – Плевен, Р. Бугарија, на Катедрата по медицинска рехабилитација и ерготерапија каде што завршува постдипломски магистерски студии на 11.7.2011 г. во научната област медицинска рехабилитација и ерготерапија. Тема на магистерскиот труд „Медицинска рехабилитация и ерготерапия при пациенти с цервикоартроза“. Дипломата е нострифицирана од страна на Министерството за образование и наука на Р. Македонија со Одлука бр. 14-7648/1 од 2.12.2011 г. По поднесеното Барање за еквиваленција на оценките од 26.1.2012 г. врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН бр.13-435/2, просечната оценка во Р. Македонија изнесува 9,68.

Во 2016 г. се запишува на трет циклус докторски студии во научна област кинезитерапија на Факултетот за јавно здравје, здравствени грижи и спорт, на Катедрата по спорт и кинезитерапија при ЈЗУ „Неофит Рилски“ – Благоевград, Р. Бугарија коишто се во тек.

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ**

М-р Тамара Аџиска во изминатиов деветгодишен период многу успешно и квалитетно ги извршува работните задачи изведувајќи вежби во наставата на Катедра по физикална медицина на Медицински факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип на следниве предмети: Физикална медицина со рехабилитација 1, Физикална медицина со рехабилитација 2, Физикална медицина со рехабилитација 3, Клиничка кинезитерапија, Функционална дијагноза на локомоторен апарат, Ерготерапија, Мануелно мускулно тестирање со ПИР.

Исто така, ангажирана е за изведување на вежби и на студиските програми општа медицина и медицински сестри на предметот Физикална медицина со рехабилитација.

Кандидатката м-р Тамара Аџиска активно работи и во полето на научноистражувачката работа за што зборуваат аргументите дека таа е автор и коавтор на научно-стручни трудови презентирани на домашни и странски научни и стручни собири со теми од областа на физикалната медицина, рехабилитацијата и ерготерапијата. Во продолжение е прикажана кратка евалуација на објавените научни и стручни трудови каде кандидатката м-р Тамара Аџиска е автор и коавтор:

***Научна евалуација на научните трудови достапни во репозиториум за целиот период до изборот на кандидатката м-р Тамара Аџиска***

**1. Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати):**

1.Krstev, Toshe and Kraydjikova, Leyla and Shahin, S and Nikolovska, Lence and **Stratorska, Tamara** (2015) *Massage metods for prevention and treatment of lumbosacral pain syndrome*. Journal of Biomedical and Clinical Research, 8 (1). p. 70. ISSN 1313-9053

2.Kraydjikova, Leyla and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** (2015) *Physiotherapy program for improving the quality of life in patients with coxarthroses*. Journal of Biomedical and Clinical Research, 8 (1). pp. 69-70. ISSN 1313-9053

**2.Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир во странство:**

3. **Stratorska, Tamara** (2017) *Сравнение на две методики за обработване на тригерни точки при пациенти с цервикоартроза*. XXVI International scientific conference for young scientists 2017, 26 (1). pp. 359-365. ISSN 1314-4669

4. **Stratorska, Tamara** and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and Vasileva, Dance (2011) *Медицинска рехабилитация и ерготерапия при пациенти с цервикоартроза*. Оптимизация на съчетаването на съвременни мануални техники при третирането на мускулно-скелетни дисфункции. pp. 63-70. ISSN 978-954-718-323-0

5.Krstev, Toshe and Nikolovska, Lence and **Stratorska, Tamara** and Vasileva, Dance (2011) *Кинезитерапия при хроничен болков синдром в лумбо-сакралната област*. Оптимизация на съчетаването на съвременни мануални техники при третирането на мускулно-скелетни дисфункции. pp. 94-102. ISSN 978-954-718-323-0

6. Vasileva, Dance and Palova, Sevdalinka and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** (2011) *Приложение на манипулативен масаж, ставно-мопбилизационни и мускулно инхибиторни техники след руптура на ахилесовото сухожилие*. Оптимизация на съчетаването на съвременни мануални техники при третирането на мускулно - скелетни дисфункции. pp. 151-158. ISSN 978-954-718-323-0

7.Kraydjikova, Leyla and Krstev, Toshe and Nikolovska, Lence and **Stratorska, Tamara** and Sahin, Selim (2016) *Кинезитерапевтическая методика для улучшения качества жизни при хроническом болевом синдроме в лумбосакральной области*. In: Kinesitherapy: achievements and development prospects, Moscow, Russia, 25-26 May 2016.

8.Kostov, R. and Mihailova, N. and Megova, T. and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** (2016) *Эффект применения мануально-терапевтических техник по Maitland для восстановления суставной кинематики коленного комплекса*. In: Kinesitherapy: achievements and development prospects, Moscow, Russia, 25-26 May 2016.

9.Kraydjikova, Leyla and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** and Matzuridis, Andreas and Matzuridis, Atanasios (2015) *Двигателен режим за деца с лека степен на умствена изостаналост*. In: Седми национален конгрес на Асоциацията на физиотерапевтите в България, 5-7 June 2015, Sofia, Bulgaria.

10.Kraydjikova, Leyla and Sahin, Selim and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** and Konstantinu, Andri (2015) *Масажна методика за*

*профилактика на травматизма и лумбосакралния болков синдром при спортисти*. In: Седми национален конгрес на Асоциацията на физиотерапевтите в България, 5-7 June 2015, Sofia, Bulgaria.

11.Kraydjikova, Leyla and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** (2015) *Кинезитерапия при функциональной блокаде шейных сегментов позвоночника*. In: Материалы IV Всероссийской научно-практической конференции с международным участием, 27-28 May 2015, Moscow, Russia.

12.Kraydjikova, Leyla and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** and Konstantinu, Andri (2015) *Двигательная программа предупреждения травм и хронических болей в спине у людей, занимающихся спортом*. In: Материалы IV Всероссийской научно-практической конференции с международным участием, 27-28 May 2015, Moscow, Russia.

13.Krstev, Toshe and Nikolovska, Lence and Kraidjikova, Leila and **Stratorska, Tamara** and Zdravkova, Vaska (2014) *Кинезитерапия при хроничен болков синдром в лумбосакралната област*. In: Национална конференция с международно участие „20 години специалност кинезитерапия", 30 Oct 2014, Blagoevgrad, Bulgaria.

14. Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** and Andonova, Tatyana and Vojnikov, M. (2013) *Массажная методика при хроническом болевом синдроме в лумбосакральной области*. Всероссийской научно-практической конференции с международным участием "Лечебная физическая культура: достижения и перспективы развития" - Москва. pp. 120-123. ISSN 978-5-905760-21-1

15. Nikolovska, Lence and **Stratorska, Tamara** and Megova, T. and Mihaylova, N. (2013) *Physiotherapy for patients with cervical spondylarthrosis*. Всероссийской научно-практической конференции с международным участием "Лечебная физическая культура: достижения и перспективы развития" - Москва.

16. Gogen, Sulejman and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** (2017) *Early postoperative rehabilitation of patients with total endoprothesis of the hip*. Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 16.4. pp. 1557-1560. ISSN 1857-923X

17. Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** and Nikolovska, Lence (2017) *Сравнение на ефективността на два метода за намаляване на мускулен хипертонус*. 26та Международна конференция за млади учени, 26 (1). pp. 374-377. ISSN 1314-3669

**Во земјава**

18. **Stratorska, Tamara** (2017) *Рехабилитација кај пациенти со цервикоартроза*. *Списание на македонското физиотерапевтско здружение*, 1 (1). pp. 61-64

19. Крстев Т., Николовска Л., Василева Д., **Страторска Т**., Колевска М., *Кинезитерапија при функционални нарушувања на сакроилиачниот зглоб* In: Втор Конгрес на физиотерапевти на Република Македонија 59-61, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia

20. Krstev, Toshe and Shishkoski, Mihail and Nikolovska, Lence and **Stratorska, Tamara** and Kolevska, Monika (2015) *The role of the manual therapy in rehabilitating the lumbar syndrome*. In: I Congress of Physical Therapists of the Republic of Macedonia MASA, 26-29 March 2015, Skopje.

21. Vasileva, Dance and Lubenova, Daniela and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** (2016) *Ефект на кинезитерапијата врз функционалните можности за моторна рековалесценција кај пациенти со супратенториален едностранен мозочен инсулт во хроничен период*. In: Втор Конгрес на физиотерапевти на Република Македонија, 16-18 Sept 2016, Struga, Macedonia.

**3.Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во странство**:

22.Krstev, Toshe and Nikolovska, Lence and Kraidjikova, leila and **Stratorska, Tamara** and Zdravkova, Vaska (2014) *Кинезитерапия при хроничен болков синдром в лумбосакралната област*. In: Национална конференция с международно участие „20 години специалност кинезитерапия", 30 Oct 2014, Blagoevgrad, Bulgaria.

**Во земјава:**

23.Kolevska, Monika and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** (2015) *Manual Therapy of the cervical part*. In: I Congress of Physical Therapists of the Republic of Macedonia MASA, 26-29 March 2015, Skopje.

24.**Stratorska, Tamara** and Stojkova, Vesna and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and Kolevska, Monika (2015) *Rehabilitation of foot deformities in patients with childhood*. In: I Congress of Physical Therapists of the Republic of Macedonia MASA, 26-29 March 2015, Skopje.

25.Krstev, Toshe and Shishkoski, Mihail and Nikolovska, Lence and **Stratorska, Tamara** and Kolevska, Monika (2015) *The role of the manual therapy in rehabilitating the lumbar syndrome*. In: I Congress of Physical Therapists of the Republic of Macedonia MASA, 26-29 March 2015, Skopje.

**4.Кандидатката е автор на позитивно рецензирана скрипта од предавања, практикум и книги коишто се достапни на е-библиотека и репозиториумот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип:**

26. Крајџикова Лејла, Николовска Ленче, Крстев Тоше, Василева Данче, **СтраторскаТамара** (2014). *Мануелна терапија и мобилизација на периферни зглобови*. ISBN 978-608-244-311-9.31

27. Николовска Ленче, Крстев Тоше, Василева Данче, **Страторска Тамара** (2014) *Практикум по клиничка кинезитерапија*. ISBN 978-608-244-131-3

28. Topuzov, Ivan and Nikolovska, Lence and Krstev, Toshe and Vasileva, Dance and **Stratorska, Tamara** (2018) *Кинезиологија со патокинезиологија и патобиомеханика*. Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје, Универзитет 'Гоце Делчев"-Штип, Факултет за медицински науки, Штип. ISBN 978-608-244-545-8

29. Nikolovska, Lence and Vasileva, Dance and Krstev, Toshe and **Stratorska, Tamara** (2016) *Клиничка кинезитерапија*. COBISS.MK-ID 101797386 . Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Факултет за медицински науки. ISBN 978-608-244-342-3

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Кандидатката м-р Тамара Аџиска била организатор на неколку стручни работилници на коишто предавачи и демонстратори се реномирани професори и стручњаци од странство:

1. Во соработка со холандската организација `s Heeren Loo била организатор на работилница на тема „Basic Motor Skils of Children with Down syndrome“, за новите методи во рехабилитацијата на деца со Даунов синдром, во која беа вклучени студентите од ВЗШ од студиската програма за Физиотерапевти, како и родители на деца со Даунов синдром.
2. Организатор на работилница за кинезиотејпинг, јуни 2013 г., Рекреативен центар при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.
3. Организатор на работилница „Рехабилитациски пристап кај деца со Даунов синдром – Лаутеслагер метода“ во соработка со Здружението на физиотерапевти на РМ – октомври 2012 г., Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.
4. Организатор на Прв конгрес на физиотерапевсти – мај 2015 – Скопје.
5. Организатор на Прв конгрес на физиотерапевсти – септември 2016 – Струга.

CERTIFICATE – Basic motor skills of children with down syndrome.

***Техничко унапредување***

1.Сертификат – Рехабилитациски пристап кај деца со Даунов синдром – Лаутеслагер метода.

2.Сертификат – Вежби за карлично дно, базирани на принципите на моториката.

3.Сертификат – Примена на деконгестивен третман кај ортопедско-трауматолошки пациенти.

4.Сертификат – Кинезиотејпинг – Kinesio taping.

5.Certificate – TESLA STYM.

6.Certificate – Respiratory Physiotherapy Course in Cystic Fibrosis.
7.Certificate od achievement – Fascial and manual Therapy by Alen Lilic Fizio.
8.Certificate – Zensegrity 1.
9.Certificate – Zensegrity 2.
10.Certificate – Zensegrity 3.
11.Certificate – Zensegrity 4.
12.Certificate – Zensegrity full practicioner.
13. Удостоверение – Мануелна мобилизация на периферните стави.
14. Сертификат – Работилница за физиотерапевтски третман кај пациенти со хемиплегија и други невролошки состојби со примена на Бобат концепт, моторна реедукација и примена на швајцарска топка.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на доставената документација, стручност, компетентност, учество на стручни состаноци, курсеви и семинари, Комисијата заклучи дека кандидатката м-р Тамара Аџиска ги исполнуваат условите за избор во соработничко звање асистент за научната област / поле физикална медицина со принципи на рехабилитација (30506) на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки кандидатката м-р Тамара Аџиска да биде избрана во соработничко звање асистент за научната област/ поле физикална медицина со принципи на рехабилитација (30506).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ленче Николовска, доцент, претседател, с.р.**

**Д-р Тоше Крстев, доцент, член, с.р.**

**Д-р Јасмин Циривири, доцент, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **Број** | **поени** | **Број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати) (прв автор, втор автор, останати автори) бр.1, 2 | | | 2 | 3 | 6 |
| **2.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13,14,15,16,17,18,19,20,21) | 4 | 2 | 15 | 3 | 53 |
| **3.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство (22, 23, 24,25) | 3 | 1 | 1 | 1,5 | 4,5 |
| **4.** | Одбранет магистерски труд | | | 1 | 4 | 4 |
| **5.** | Член на организационен или научен одбор на научен собир, фестивал | 4 | 1 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **71,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Книга (скрипта, практикум) (26,27,28,29) | 4 | 10 | | | 40 |
| **2.** | Техничко унапредување | 12 | 2 | 3 | 2 | 30 |
| **3.** | Член на стручно здружение | 1 | 2 | 1 | 2 | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **74** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **145,5** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ ЛЕКТОР ЗА НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРКОЛОГИЈА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1902-128/10 од 18.9.2019 година донесена на 198. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 18.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден *наставник* во наставно-стручно звање *лектор* за научната област 64002 *туркологија* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Махмут Челик, редовен професор на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- д-р Марија Леонтиќ, редовен професор на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;
- д-р Весна Коцева, доцент на Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 26.8.2019 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: м-р Ивана Котева.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Ивана Котева** е родена на 3 октомври 1985 год. во Кочани. Основното образование го завршува во родното место, а средното во медицинското училиште „Јане Сандански“ во Штип. Во 2016 год. дипломира на Катедрата за турски јазик и книжевност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, со просечна оценка 9.82 и се стекнува со научен назив *дипломиран филолог по турски јазик*. Веднаш потоа, на истата катедра продолжува со втор циклус студии и во 2018 год. со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Поетското творештво на Илхами Емин објавено на македонски јазик“ се стекнува со научен назив *магистер по филолошки науки од областа турска книжевност*.

М-р Ивана Котева е автор на неколку печатени научни трудови и има учествувано на меѓународни и домашни конгреси.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во лектор***

1. М-р Ивана Котева има завршено прв и втор циклус студии во областа во која се бира - наставник во наставно-стручно звање *лектор* за научната област *туркологија* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Ги завршила студиите од прв и втор циклус со просек од најмалку 8 (просечна вредност-нејзиниот просек на оценките од прв циклус студии е 9.82, а од втор циклус студии е 9.42).
3. Има објавено научни и стручни трудови во областа во која се избира (подолу следи нивна евалуација).

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Година на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Котева, Ивана и Челик, Махмут | The mystical wiews of Mevlana Xhelaladdin Rumi. | International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X | Од 2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | Котева, Ивана, Челик, Махмут и Иванова, Весна | Poetic creations of Ilhami Emin published in Macedonian laguage. | International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X | Од 2018 |
| 3 | Котева, Ивана и Челик, Махмут | The doyen of Turkish literature in Republic of Macedonia. | International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X | Од 2018 |
| 4 | Димова, Виолета, Челик, Махмут и Котева, Ивана | Turkish words and their presence in the daily speaking in the population of southeastern Macedonia. | . Knowledge - International Journal Scientific and Applicative Papers, 20.6. pp. 2879-2883. ISSN 1857-92 | Од 2017 |
| 5 | Челик, Махмут и Котева, Ивана | Thematic analysis in the works of Yunus Emre. | Knowledge without Borders. ISSN 1857-923X | Од 2017 |

4. Покажува способност за наставна работа, владее со проблемите и има практично искуство во наставната работа.

Кандидатката м-р Ивана Котева има завршено втор циклус студии од научната област турска книжевност, има практично искуство во областа во која се избира и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звањето *лектор*.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Кандидатката м-р Ивана Котева по завршувањето на втор циклус студии во период од една учебна година волонтираше на Катедрата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, при што се покажа како сериозен педагошки работник кој поседува солидни вештини во комуникацијата, како и способност за организирање и имплементирање на сите задачи и задолженија.

Кандидатката активно учествува во подготвувањето на вежбите за предметите Турска народна книжевност, Стара турска книжевност, Нова турска книжевност и Детска книжевност. Истите обврски ги извршуваше одговорно и совесно.

М-р Ивана Котева важи за активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, објавените трудови во национални и меѓународни зборници и сл.

Во продолжение следуваат насловите на објавените трудови со научната евалуација до нејзиниот избор.

1. **Koteva, Ivana,** Celik, Mahmut (2019) The mystical wiews of Mevlana Xhelaladdin Rumi. International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X

**Евалуација на трудот:** За целите на овој труд е направено истражување за мистичните погледи и размислувања на познатиот мистик Мевлана Џелаледин Руми. Започнавме со проучување на почетоците на Суфизмот во турско-исламскиот свет. Како еден од најважните мисионери на ова движење е и Руми, па затоа го истраживме неговиот животен пат, како и мотивите кои го внеле во ова движење за на крај да го дознаеме и неговото дејствување. Преку овој труд сакаме да покажеме дека Мевлана Џелаледин Руми најдобро го пренесува хуманистичкиот анадолиски суфизам од 13 век кој промовира мир, братство и еднаквост помеѓу луѓето, вредност на човекот по неговото морално усовршување и склоност кон човекољубие. Неговата поезија е олицетворение на суштината на турското односно анадолиско-исламското човекољубие и

послужила како извор на хуманистичен концепт кој помалку или повеќе го обележил интелектуалниот живот на Турците од последните неколку векови па сè до денес.

2. **Koteva, Ivana**, Celik, Mahmut, Ivanova, Vesna (2018) Poetic creations of Ilhami Emin published in Macedonian laguage. International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X

**Евалуација на трудот:** Целта на авторското истражување за овој труд беше откривањето на литературниот пат на Илхами Емин, како и неговото творештво објавени на македонски јазик. Истражувањето започнува од литературните извори кои нудат податоци за неговите почетоци и развојниот пат на литературната сцена. Потоа, почнувајќи од неговата прва книга „Животот пее и плаче" (1955) па сè до последната збирка поезија „Ѓултепе" (2010) се забележуваат и обработуваат мотивите кои ги исполнуваат делата. Секое следно дело претставува продолжение на претходното, секое од нив е со наслов и мирис на розата која симболизира љубов и почит. Мотивите во нив постојано се надополнуваат и испреплетуваат.

3. **Koteva, Ivana**, Celik, Mahmut (2018) The doyen of Turkish literature in Republic of Macedonia. International Journal Scientific Papers. ISSN 1857-923X

**Евалуација на труд:** Целта на истражувањето кое му претходеше на овој труд беше животниот и творечки пат на Илхами Емин, т.е. неговиот придонес за развојот на турската книжевност во Р. Македонија. За таа цел се консултирани многу литературни извори кои нудат податоци од овој период. Започнувајќи од неговото раѓање во градот Радовиш, неговите бурни школски години па сè до неговото творештво и успешно дејствување во разни културни области. Илхами Емин понесува уште една значајна карактеристика во творештвото, а тоа е билингвизмот. Имено, тој твори и издава паралелно и на турски и на македонски јазик, односно неговите дела се издаваат и во Р. Турција и во Р. Македонија, затоа Емин досежно и естетски ги има задолжено и турската и македонската книжевност.

4. Dimova, Violeta, Celik Mahmut, **Koteva, Ivana** (2017) Turkish words and their presence in the daily speaking in the population of southeastern Macedonia. Knowledge - International Journal Scientific and Applicative Papers, 20.6. pp. 2879-2883. ISSN 1857-92

**Евалуација на трудот:** Овој труд е всушност идеен истражувачки проект преку кој кандидатката сака да покаже на кој начин и што ќе истражува во рамките на проектната задача по предметот Техники на научноистражувачката работа на втор циклус студии на Филолошкиот факултет на Универзитот „Гоце Делчев" во Штип. Предмет на истражувањето е застапеноста на турцизмите во говорот на населението од Југоисточна Македонија. За таа цел истражувањето го започнува од градот Радовиш, а истражувања се прават и во Струмица и во Валандово. Од голема важност, како и предност на ова истражување е фактот дека и во самиот град, но и во околните села живее население од турска националност.

5. Celik, Mahmut, **Koteva, Ivana** (2017) Thematic analysis in the works of Yunus Emre. Knowledge without Borders. ISSN 1857-923X

**Евалуација на трудот:** Во овој труд авторите прават тематска анализа на делата на истакнатиот поет во турската суфиска литература, Јунус Емре. Јунус Емре (1238-1320) е еден од основачите на лирската поезија и претставува најеминентна фигура во целокупната турска книжевност. Прва асоцијација на Јунус Емре е љубовта и толеранцијата. Ниту во неговите идеи ниту во неговите поезии нема место за крутост, омраза и кавга. Тој во својата поезија посебно ја истакнува важноста на човекот. Овој најзначаен поет на тасавуфската книжевност, во своите поезии ја прикажува и својата љубов кон Бога.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Во својата стручно-апликативна и организациско-развојна дејност кандидатката м-р Ивана Котева активно учествуваше во низа стручно-апликативни и организациски активности. Како волонтер на Катедрата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, Ивана Котева учествува во повеќе

активности кои беа за потребите на катедрата.

Исто така, има направено и преводи на текстови од турски на македонски јазик и обратно за неколку книги чијшто автор е проф. д-р Махмут Челик.

Ивана Котева е член на Турската невладина организација „АКДЕСАМ“.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката м-р Ивана Котева поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работите и професионалните обврски.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип **да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката м-р Ивана Котева во наставно-стручното звање *лектор* за научната област туркологија на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Махмут Челик, вонреден професор, претседател, с.р.**

**Д-р Марија Леонтиќ, редовен професор, член, с.р.**

**Д-р Весна Коцева, доцент, член, с.р.**

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НАУКА ЗА КНИЖЕВНОСТ И НАУКА ЗА ЈАЗИК 64004 АНГЛИСТИКА НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1902-128/8 од 18.9.2019 година донесена на 198. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 18.9.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден *наставник* во сите звања за наставно-научната област *наука за книжевност и наука за јазикот 64004 англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниот состав:

- **д-р Нина Даскаловска** (претседател), вонреден професор од наставно-научната област методика на наставата по англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **д-р Марија Кусевска** (член), вонреден професор од наставно-научната област англистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- **д-р Билјана Ивановска** (член), редовен професор од наставно-научната област германистика на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 26.8.2019 година и во предвидениот рок се пријавија следниве кандидатки:

1. Натка Јанкова-Алаѓозовска, доктор по филолошки науки - англиски јазик и литература.
2. Сашка Јовановска, доктор по наука за јазик – англиски јазик.

Врз основа на приложената документација од кандидатките, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**I. Кандидатка д-р Сашка Јовановска:** При деталното разгледување на пријавата и документацијата од кандидатката д-р Сашка Јовановска доставена во предвидениот рок, Комисијата констатираше дека кандидатката има поднесено несоодветна и некомплетна документација врз основа на пропишаните услови во Конкурсот за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од научната област *наука за книжевност и наука за јазикот 64004 англистика,* објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ на 26.8.2019 година (во натамошниот текст: Конкурсот) и во член 166 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82 од 8 мај 2018 година, стр. 45): Несоодветен список на објавени научни и стручни трудови, со кој ќе се докаже дека го исполнува условот за избор на наставник во звање доцент од член 166, став 1, алинеја 3 од Законот за високото образование („има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација согласно со овој закон во последните пет години пред објавувањето на огласот за избор“), а тоа е наведено како услов и во објавениот Конкурс. Имено, кандидатката доставила список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите, но информацијата за трудовите е некомплетна и комисијата не може да утврди каде, кога и дали се објавени наведените трудови.

Поради некомплетноста, односно несоодветноста и невалидноста на дел од документацијата, а имајќи ги предвид условите за пријавување на кандидатите наведени во објавениот Конкурс, Комисијата не ја зеде предвид пријавата на д-р Сашка Јовановска за Конкурсот и не ги разгледуваше натаму поднесените документи од оваа кандидатка. Притоа, треба да се нагласи дека во врска со ваквиот заклучок членовите на Рецензентската комисија се придржуваа до одредбите од член 173, став 8 и став 10 од Законот за високото образование, каде што децидно е наведено дека Рецензентската комисија го подготвува референтот врз основа на доставената, односно поднесената документација која е од важност за изборот.

**II. Кандидат д-р Натка Јанкова Алаѓозовска:** При деталното разгледување на пријавата и доставената документација од кандидатката д-р Натка Јанкова Алаѓозовска, поднесена во предвидениот рок определен во Конкурсот, Комисијата констатираше дека кандидатката д-р Натка Јанкова Алаѓозовска доставила комплетна, соодветна и валидна документација што е предвидена со објавениот Конкурс и детално ги разгледа сите документи од кандидатката.

***Биографски податоци***

Кандидатката Натка Јанкова Алаѓозовска е родена на 15.1.1986 г. во Струмица каде што го завршува основното и средното образование. Дипломира на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Велико Трново, Бугарија, во 2008 г. со среден успех за завршен прв циклус на студии од 8,12 и успех од дипломска работа од 8,79 и се стекнува со стручен назив *дипломиран филолог по англиски јазик* со професионална квалификација *професор по англиски јазик*. Дипломата ѝ е признаена со Решение од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Во 2009 г. завршува постдипломски студии на истиот универзитет, со среден успех за завршен втор циклус на студии од 9,15 и успех од дипломска работа од 8,67 и се стекнува со диплома за завршен втор циклус на студии и научен степен *магистер по англиска филологија* со теза од областа на британската книжевност. И оваа диплома ѝ е признаена со Решение од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија. Во 2009 г. преку програмата за размена на студенти Еразмус, Натка Јанкова Алаѓозова престојува три месеци во Велика Британија на Универзитетот Волверхемтон. Престојот го користи за научноистражувачка работа за магистерската теза.

Од ноември 2008 година работи како наставник по англиски јазик во СОУ „Никола Карев“ во Струмица, а од септември 2011 година до јуни 2019 год. работи како визитинг лектор на Факултетот за странски јазици на Универзитетот ФОН на одделението во Струмица. Во тој период има присуствувано на повеќе конференции во земјава и во странство и има објавено доста стручни трудови од различни области и тоа: интеркултурна комуникација, англиска литература, методика на наставата по англиски јазик, англиски јазик во струка и други.

Кандидатката има одржано повеќе обуки за наставници по англиски јазик ориентирани кон методика за предавање и изучување англиски јазик. Во декември 2014 година добива стипендија за 10-неделен онлајн курс за наставници по англиски јазик од областа на англискиот јазик во струка одржан од професори од Универзитетот Орегон од САД, а истиот е стипендиран од Американската амбасада и се стекнува со сертификат за обучувач од горespоменатата област.

По многубројните активности, во декември 2015 година се запишува на докторски студии на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово. Кон крајот на своите докторски студии во ноември 2017 год. го остварува својот студиски престој на престижниот „Јеил“ и познатата библиотека во склоп на Универзитетот каде што собира податоци за својата докторска теза. На 19.2.2019 год. се стекнува со титулата *доктор по филолошки науки – англиски јазик и литература* по одбранетата теза насловена „Познавање на интеркултуролошка комуникација кај наставниците по англиски јазик: Споредбена студија на случај кај учениците од средното образование во Струмица и Русе“ со просек 9,60.

Во јуни 2019 год. остварува соработка со Универзитетот за бизнис и технологија од Приштина, каде што пријавува свој научен труд за конференција и е дел од Комисијата за одобрување трудови на истата. До сега има објавено 17 трудови и една монографија.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање доцент:***

1. Д-р Натка Јанкова Алаѓозовска има завршено прв, втор и трет циклус на студии во областа во која се бира - наставник во наставно-стручно звање *доцент* за наставно-научната област *наука за книжевност и наука за јазикот 64004 англистика* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Ги завршува студиите од прв, втор и трет циклус со просек од најмалку 8 (нејзиниот

просек на оценките од прв циклус студии е 8,12 / 8,67, од втор циклус студии 9,15 / 8,67, а од трет циклус 9,60).

3. Има објавени најмалку четири научни труда во референтна научна публикација во областа во која се избира во последните пет години пред објавување на огласот за избор:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Natka Jankova | *Henry V: Shakespeare's Portrait of The Perfect King* | Journal of Social and Human Sciences, International Balkan University, Special Issue | од 2015 |
| 2. | Natka Jankova, Silvana Jovceska | The Art of Business English | Filko, International Scientific Conference: Filology, Culture and Education, Conference Proceedings | од 2016 |
| 3. | Natka Jankova, Makedonka Madzirova | Using Literature Texts in Teaching English as a Foreign Language | ELTAM Journal, The 9-th ELTAM Conference, Re-imagining Teaching: Rejuvenating and Transforming Classroom Practices | од 2016 |
| 4. | Natka Jankova | Intercultural Communication in ELT | Filko, International Scientific Conference: Filology, Culture and Education, Conference Proceedings | од 2017 |
| 5. | Natka Jankova Alagjozovska | Teaching English in a multicultural classroom | Knowledge – International Journal, Vol.26.2 | од 2018 |

Кандидатката д-р Натка Јанкова Алаѓозовска има завршено трет циклус студии од научната област англиски јазик и книжевност, има десетгодишно работно искуство во наставно-образовната дејност во средно образование, осумгодишно искуство во високо образование и успешно владее со проблемите на својата дисциплина, што значи дека ги исполнува законските услови за избор во звање доцент.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Во периодот од ноември 2008 г. кандидатката д-р Натка Јанкова Алаѓозовска работи како наставник по англиски јазик во СОУ „Никола Карев“ - Струмица, а од септември 2011 г. станува визитинг лектор на Универзитетот ФОН на одделението во Струмица.

Во рамките на наставно-образовната дејност во средно образование има покажано солидни резултати со своите ученици со освоени награди, како на државно така и на меѓународно ниво. Како лектор во високо образование има истражувачко искуство со престој во Обединетото Кралство и САД и е способна да изведува настава и да спроведува најразлични активности со гости од странство, работилници за наставници и имплементација на своето знаење во најразлични проекти.

Кандидатката во своето осумгодишно искуство како визитинг лектор на Универзитетот ФОН има предавано повеќе предмети од кои би се издвоиле Современ англиски јазик во сите години, Британска и Американска цивилизација, Академско пишување, Интеркултуролошка комуникација, Методика на наставата по англиски јазик и Англиски јазик во струка.

Д-р Натка Јанкова Алаѓозовска е активен истражувач, а доказ за тоа се нејзините досегашни учества на повеќе национални и меѓународни научни собири, нејзините објавени трудови во национални и меѓународни зборници и своја монографија од областа на англиската книжевност.

**Преглед и евалуација на објавените трудови од кандидатката д-р Натка Јанкова Алаѓозовска**

1. **Jankova, N.,"*Byron's View of the Ottoman Empire: The Case of Don Juan*", International Conference at FON University, Skopje, 7-8 June, 2012**

   **Евалуација на трудот:** Овој труд го обработува погледот на Бајрон кон Отоманската империја преку неговата поема *Дон Жуан*. Неговата посета на Турција и турскиот харем го прави мостоповрзувач на Истокот и Западот каде што лесно се препознава патријархалниот деспотизам и сексуалното и културно богатство. Сеќавањата на Бајрон за неговите источни искуства биле скоро заборавени во времето кога ја пишувал поемата, но може да се заклучи дека напишаното во поемата е резултат не на неговите првични искуства, туку длабоките читања и набљудувања на Бајрон за Отоманската империја. Она што е многу важно во овој труд е запознавањето со Бајроновскиот херој каде што Дон Жуан е типичен претставник на истиот како микс од доброто и злото и е лик кој постојано бара авантура.

2. **Jankova, N. "*Victorian Age Covered through Byronic Heroes in Bronte Sisters' Novels Wuthering Heights and Jane Eyre*" HORIZONS, International Scientific Magazine, Year IX, Volume 9, April 2013, Bitola**

   **Евалуација на трудот:** Овој труд кој е објавен во списанието „Хоризонти" на англиски и македонски јазик и дава осврт на бајроновските херои во две новели кои се дел од викторијанскиот период. Независно од фактот што викторијанската ера се гордее со големиот напредок, обичните луѓе тогаш искусувале големи неправди, грозотии и различни форми на неморалност. Во овој труд, главно, се опишуваат Рочестер и Хитклиф – протагонистите на двете новели *Џејн Ер* и *Оркански височини* и нивните карактеристики како Бајроновски херои. Најпрво се опишува Хитклиф како Бајроновски херој, па потоа се опишува мотивот на „инцестната љубов" меѓу Кетрин и Хитклиф споредена со онаа во *Манфред* од Бајрон за на крајот да се дојде до последниот заклучок за влијанието на Бајрон врз викторијанските авторки Емили и Шарлот Бронте.

3. **Jovceska S., Jankova, N. "*Competitiveness of the European Countries in the World Economy*", The European Union: Six Years After Its Eastern Enlargement, University of National and World Economy, Department of "International Economic Relations and Business", Sofia, 11 October 2013**

   **Евалуација на трудот:** Овој труд е напишан во коавторство и е од областа на меѓународниот менаџмент. Јазикот и економијата се поврзани во статијата преку потенцирање на потребата од интеркултурна обука во современите меѓународни компании како еден од потребните услови за напредок и полесен влез на балканските држави во Европската Унија. Во таа насока се поставува прашањето дали локалните менаџери се конкурентни на европско тло т.е. до кој степен нивното познавање, интереси, вештини може да бидат конкурентни и надвор од својата матична земја. Трудот на крајот ја потенцира потребата од учење интеркултуролошка комуникација и е инспириран од позитивната динамика на примената на современите практики на менаџментот на домашни и меѓународни компании на Балканот со цел полесна европска интеграција.

4. **Jankova, N. "*The Struggle of power and passion in Wuthering Heights and Jane Eyre*", International Conference on English Language, British and American Studies, Balkan University - Skopje, 30 May, 2014**

   **Евалуација на трудот:** Во овој труд ја обработува конфликната тема помеѓу моќта и страста во двете новели „Оркански височини" и „Џејн Ер". Моќта е централна во двете новели и баланс на истата е потребна за двете врски да го достигнат рајот. Конфликтите опишани во новелите водат до среќа и моќта е често заменета со љубов, но балансот е различен во двата случаи. „Џејн Ер" има среќен крај, а „Оркански височини" завршува со смртта на Хитклиф, а тоа го потврдува фактот дека двете авторки немаат иста реакција спрема „Бајронизмот".

5. **Jankova, N. "*The need for new reformed education as an important factor for easier EU integration*". International Scientific Conference: The Old and New World Order – Between European Integrations and Historical Burdens: Prospects and Challenges for Europe in the 21st Century. May, 2014, Belgrade**

**Евалуација на трудот:** На почетокот од 21 век државите од Западен Балкан имаат стремеж да ги следат современите општества каде образованието е клучно за создавање професионален кадар кое ќе биде основата на општеството. Просветителите и творците на политиките во Западниот Балкан не успеваат да ги следат современите трендови и затоа трпат несакани последици. Овој труд ги опишува проблемите на државите во Западен Балкан и дава решение за истите преку доживотно учење, промени и реформи во образованието, програмите и кирукулумите, учење странски јазици, избегнување стереотипи и излегување надвор од училниците доближувајќи се до пософистицирани алатки и начини за полесна интеграција во модерното општество. Овде авторот го споделува своето искуство како наставник по англиски јазик, каде што е направено истражување на успехот на учениците по англиски јазик со акцент на класовите каде има ученици од различни култури. Последниот заклучок е дека од особена важност е учење за различните култури (на учениците и наставниците), избегнување стереотипи и предрасуди и исполнување на потребите на учениците од различните етнички припадности.

6. **Jovcheska, S., Jankova, N.,** ***Intercultural Communication as a key to success on the international market*****", The European Union: Seven Years After Its Eastern Enlargement, University of National and World Economy, Department of "International Economic Relations and Business", Sofia, 11 October 2014**

**Евалуација на трудот:** Овој труд дава резултати од истражување спроведено со искусни меѓународни менаџери кои за време на нивното меѓународно искуство сметаат дека културата е предизвик со кој треба да се справат со цел да бидат успешни на меѓународно ниво т.е. да имаат успешен меѓународен бизнис. Проблемите како што се различни јазици, култури, раса, верувања и традиции се претставени како секојдневни предизвици на секој меѓународен менаџер.

7. **Jankova, N. "*****The Gothic and Supernatiral Methamorphoses of the Byronic Hero in Wuthering Heights and Jane Eyre*****",Engleski jezik i anglofone književnosti u teoriji i praksi. Zbornik u čast Draginji Pervaz. Novi Sad 2014**

**Евалуација на трудот:** Овој труд се фокусира на романтичните и готски елементи во двата најпознати романи на Шарлот и Емили Бронте: *Џејн* Ер и *Оркански височини*. Посебен акцент е даден на метаморфозата на Бајроновскиот херој во тие романи, како и присуството на натприродни и готски елементи во нив. На почетокот се опишуваат Бајроновските херои во *Џејн Ер* и *Оркански височини* и нивните карактеристики. Друго прашање кое се разработува во трудот е дали *Оркански височини* е готски или текст на реализмот. Имајќи ги предвид поткатегориите на готиката, *Џејн Ер* е сместена во категоријата на нови готски романси што е потврдено од многу критичари. Двете дела се карактеристични по мрачната атмосфера, духовите, сништата и привиденијата чии значења се еден вид тромеѓе на реалност, готика и имагинација.

8. **Jankova, N. "*****English Language Teaching: Enhancing Students' Motivation with Task-Based Activities", National and International Research*** **Conference 2015 (NIRC 2015) The Wisdom for Educational and Social Development" Buriram Rajabhat University, Buriram, Thailand, 23 January, 2015.**

**Евалуација на трудот:** Овој труд ја потенцира потребата од скршнување од традиционалното фронтално предавање јазик преку употреба на интерактивни активности (базирани на задачи). Трудот исто така дава осврт на мотивацијата и потребата од зголемување на истата преку имплементацијата на гореспоменатите активности. Воедно се споменува и поразличното од традиционалното оценување кое може да биде формативно и сумативно оценување. Заклучокот е дека мотивацијата, учењето, интерактивните активности и формативно/сумативно оценување се клучни за избегнување на традиционалните методи, а на крајот на трудот е даден и предлог пример како сето тоа може да се имплементира на часовите по англиски јазик.

9. **Jankova, N.** ***"Using ICT Technology in teaching English as a Foreign Language*****", The Challenges in the Educational Process in XXIc. International Journar Fenestra - Center for Local Initiatives, Bitola, 2015**

**Евалуација на трудот:** Овој труд ги прикажува начините на користење ИКТ технологија како современа методологија во наставата по англиски јазик успешно

имплементирана во Средното општинско училиште „Никола Карев“ - Струмица. Методите се состојат од користење на веб-страници, блогови составени од професорите и други електронски ресурси со различни активности кои би ги подобриле вештините на учениците за читање, пишување, слушање и зборување на англиски јазик. Фактот дека технологијата ја менува целосно методиката на учење и предавање странски јазик придонесува за тоа учениците да се чувствуваат посамоуверени во користењето англиски јазик со можноста за објавување на нивната работа на Интернет. Интернетот може да биде многу корисен за здобивање нови знаења, но само ако на учениците им се дадат правилните инструкции.

10. **Jankova, N. "*Henry V: Shakespeare's Portrait of The Perfect King*", International Conference on English Language, British and American Studies, Balkan University - Skopje, 30 May, 2015**

    **Евалуација на трудот:** Овој труд го опишува Хенри Петти како идеален крал и лик од британската митологија. Бидејќи станува збор за историска драма во неа се опишува издигнувањето на Англија и нивната гордост. Драмата изобилува со величествени говори, херојски битки и воедно се потенцира храброста на Англичаните кои го подготвуваат патот кон победата и покрај различните околности и последици. Хенри Петти е опишан од страна на Шекспир како храбар, скромен и идеален христијански владетел. На почетокот авторот дава осврт на жанрот на делата на Шекспир каде Хенри Петти е опишан како херој и квазибожествен лик во англиската историја. Потоа се опишува религиозната страна на идеалниот владетел и завршува со заклучокот за откривањето на формулата за идеален англиски џентламен дадена од авторот Шекспир.

11. **Jankova, N. "*The Global Market and the Global Work Force*" Knowledge Vol.12.2, International Jornal Scientific and Applicative papers, 2016**

    **Евалуација на трудот:** Компаниите кои се ориентирани да работат на меѓународниот пазар постојано се соочуваат со проблемот на вработување на соодветна и квалификувана работна сила, без оглед на локацијата на која тие одлучуваат да инвестираат. Од менаџерите за човечки ресурси се очекува да потврдат дека локацијата е соодветна за инвестирање во однос на работната сила и дали компанијата треба да настапи во форма на гринфилд инвестиција, заеднички инвестиции или лиценца. Исто така, менаџерите за човечки ресурси неопходно е да изберат соодветен персонал и да работат на нивниот професионален развој и кариера. Трудот е напишан во коавторство и е од обласата на меѓународен менаџмент и истиот дава одговор на прашањето за пречките за развој на меѓународниот менаџмент, а тоа е избирање соодветен персонал и нивно постојано надоградување и недостатокот на податоци за потребната работна сила во земјите во развој.

12. **Jankova, N., Jovcheska S. *"The Art of Business English", Filko, International Scientific Conference, Filology, Culture and Education, Stip, 18-19 March, 2016***

    **Евалуација на трудот:** Бизнисот и јазикот се поврзани на повеќе начини според зборовите на оваа статија. Потребата од учење деловен англиски јазик и интеркултурна комуникација се повеќе од потребни за успешен меѓународен бизнис. Воедно, однесувањето, облекувањето и начинот на зборување се исто така потребни за глобален бизнис и преку овие вештини се бараат идеалните кандидати. За таа цел е потребно усовршување на деловен англиски или како што е наречено во трудот „уметноста на бизнисот“, а тоа вклучува најразлични вештини. Во статијата се спомнуваат совети за успешно бизнис интервју и совладување на деловно однесување и онлајн манири. Заклучокот од статијата е дека доколку сакате да бидете меѓународно успешни со бизнисот, мора да учите деловен англиски, а методологијата на истиот е различна од таа на основниот англиски јазик. Разликите на методиката на англиски јазик во струка, англиски јазик за академски цели и сл. се опишани во статијата, а воедно се спомнати и активностите базирани на задачи кои се доста корисни за избегнување на фронталното предавање и учење странски јазик.

13. **Jankova, N., Jovcjeska, S. "*Non-verbal Communication in Business and Culture*", The European Union: Nine Years After Its Eastern Enlargement: Problems and Prospects, University of National and World Economy, Department of "International Economic Relations and Business", Sofia, 07 October 2016**

    **Евалуација на трудот:** Во денешно време професионалната комуникација е основа за успех на професионално и лично ниво. Но, способноста за користење и разбирање на

невербалната комуникација и говор на телото е моќна алатка која помага за поврзување со луѓето и искажување на нивните мисли. Експертите од областа на комуникацијата се согласуваат дека кога луѓето разговараат лице в лице само мал дел од пораката е пренесена, а останатиот дел се состои во тонот на гласот, акцентот, брзината на говорот и слично. Повеќе аспекти на невербалната комуникација како важен аспект од деловната и интеркултурната комуникација се спомнати во оваа статија. А, особено се потенцира модерниот тренд на користење и интерпретација на невербалната комуникација во правење маркетинг стратегии со цел за подобра дистрибуција и маркетинг во светот, но и подобра комуникација со клиентите.

14. **Jankova, N. "Using Literature Texts in Teaching English as a Foreign Language", The 9-th ELTAM Conference, Re-imagining Teaching: Rejuvenating and Transforming Classroom Practices, Struga, 14-16 October, Struga, 2016**

**Евалуација на трудот:** Методологијата на англискиот јазик е процес кој се менува од култура во култура и кај секоја личност исто така. Овие се дел од проблемите со кои се соочуваат наставниците и ги предизвикаа да бараат нови методи и техники за да ја подобрат својата практика на учење и предавање странски јазик. Има повеќе причини за користење литературни текстови според оваа статија. Едната е дека литературните текстови се сметаат за автентични ресурси на англиски јазик, а втората е дека литературните текстови предизвикуваат ефективни дискусии, критичко размислување и ја збогатуваат личноста, а сето тоа звучи доста мотивирачки. Покрај добрите страни, овој труд дава поглед и на негативните страни на користење литературни текстови будејќи не секого е среќен да ги користи и покрај големиот ентузијазам кој е присутен.

15. **Jankova, N. "Intercultural Communication in ELT", FILKO, April, 2017**

**Евалуација на трудот:** Интеркултурната комуникација е тренд на глобализацијата поради имиграцијата на луѓето низ светот и диверзивната природа на општествата како и употребата на новите технологии и интернетот. Целта на интеркултурната комуникација е да ги сруши бариерите помеѓу луѓето од различни култури преку учење и почитување на разликите и прифаќање на различните култури, избегнување на стереотипи. Овој труд потврдува дека познавањето на интеркултурна комуникација кај наставниците по англиски јазик е повеќе од потребна, а истата претставува способност на комбинирање на знаење од областа на интеркултурната комуникација и начин на однесување кон другите култури. Таа претставува важен дел од образованието од повеќе причини и затоа потребата од интеркултурната комуникација и истражувања во оваа област се повеќе од потребни поради последните трендови во образованието.

16. **Jankova Alagjozovska, N. "Teaching English in a multicultural classroom" the 18th International Conference - Knowledge, Agia Triada, September, 2018**

**Евалуација на трудот:** Оваа статија дава осврт на мултикултурализмот во учењето и предавањето англиски јазик како странски јазик и потврдува дека ова е доста важна компонента. Мултикултурното образование има една цел, а тоа се реформи во образованието за да се најде начин за сите ученици без разлика на пол, раса, етничка припадност, јазик или култура им се даде еднаква шанса за образование. Мултикултурните училници се такви каде што има ученици од различни култури и истите создаваат различна средина за учење. Идејата е дека ова е еден процес кој треба да биде вметнат во училишните програми за да се постигне еднакви права за сите ученици. За таа цел е потребно учење на интеркултурна комуникација која ќе ги подготвни и учениците и наставниците да научат како да реагираат на различни култури и како поврзувањето на јазичните вештини со знаењето и примената на интеркултурната компетенција носат подобри резултати. Методите за имплементација на ваквите часови се дискутирани во детали во статијата, а воедно се предложени и стратегии за развивање мултикултурни часови по англиски јазик.

Кандидатката д-р Натка Јанкова Алаѓозовска ја има објавено следнава монографија:

17. **Jankova, Natka. *The Byronic Hero and His Gothic Metamorphoses in Victorian Fiction*. Saarbrücken: LAP LAMBERT Academic Publishing, 2017.**

**Евалуација на трудот:** Оваа монографија ги опишува проблематичните врски помеѓу мажите и жените во викторијанскиот период, манирите, моралот и парите во периодот кога авторите се опседнати со социјалните врски. Оваа книга ја опишува мистиката

и рационализмот во двете новели „Џејн Ер“ и „Оркански височини“ со присуството на натприродните сили и готските елементи во нив преку преобразбата на Бајроновскиот херој.

Сите овие активности укажуваат на успешноста на кандидатката Натка Јанкова Алаѓозовска во наставно-педагошката и научноистражувачката дејност.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Покрај објавените стручни трудови, кандидатката има одржано неколку обуки за наставници по англиски јазик и тоа на следните теми:

1. The Art of Business English, June 2015 FON University, Strumica;
2. Intercultural Communication in ELT, April 2017, FON University – Strumica;
3. Intercultural Communication – a needed component in ELT, November 2018, SMS Nikola Karev Strumica.

Кандидатката исто така учествува во неколку проекти, била ментор на натпревари по англиски јазик, член на комисии за одбрана на дипломски и магистерски трудови и други активности:

4. Учество во Проектот „Менторирање на наставници“ (2016), организирано од Министерството за образование со признание за еден од најдобрите наставници учесници во проектот;
5. Учество на државни натпревари по англиски јазик организирани од ЕЛТАМ и освоени награди со ученици;
6. Организација и учество на меѓународен натпревар „Хипо“;
7. Локален координатор на ЕЛТАМ за Струмица - помага во организација и спроведување на општински и регионални натпревари по англиски јазик;
8. Лидер на група наставници и ученици од СОУ „Никола Карев“ за учество и организација на меѓународен натпревар Светски училиштен куп во Струмица, Дубаи, САД (Јеил Универзитет) и сертификати од истите;
9. Учество на ЕРАЗМУС + обука за интеркултурна комуникација во Свиндон, Обединето Кралство;
10. Ментор на награден ученик на натпревар МАССУМ во категоријата интервју на англиски јазик;
11. Ментор на награден ученик на натпревар во читање на англиски јазик;
12. Член на комисиии за одбрана на магистерски трудови и дипломски работи во склоп на Факултет за странски јазици на ФОН Универзитет;
13. Член на комисија за организирање уписна кампања на Универзитет ФОН и презентации пред учениците од средните училишта;
14. Носител на проект за мултиетничка интеграција финансирани од Американска амбасада и УСАИД - одржани обуки со ученици од различни култури во период од февруари 2017 до јуни 2018 г., со завршен производ претстава на традиција карактеристична за градот Струмица во ноември 2018 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на наведените факти во деталниот Извештај произлезени од доставената целосна и соодветна документација на пријавената кандидатка д-р Натка Јанкова Алаѓозовска и земајќи ја предвид целокупната досегашна активност која е изнесена во овој реферат, Рецензентската комисија констатира дека кандидатката д-р Натка Јанкова Алаѓозовска поседува квалитети и способности во наставно-образовната и научноистражувачката дејност и покажува темелна посветеност и залагање во извршувањето на работните и професионалните обврски и со своите наставни, научни, стручни и професионални квалитети ги исполнува условите предвидени со Законот за високо образование, како и Правилникот на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за да биде избрана во звање доцент.

Поради тоа, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип **да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката д-р Натка Јанкова Алаѓозовска во наставно-научното звање *доцент* за наставно-научната област *наука за книжевност и наука за јазикот 64004 англистика* на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Нина Даскаловска, вонреден професор, претседател, с.р.**

**Д-р Марија Кусевска, вонреден професор, член, с.р.**

**Д-р Билјана Ивановска, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **1.** | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | **ВКУПНО** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **4.** | Научен труд објавен во меѓународно научно списание | 7 x 9 = 63<br>1 x 6 = 6 | | | | **69** |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир | 2 | 2 | 7 | 3 | **25** |
| **9.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно) | 4 | 1 | 7 | 1,5 | **14,5** |
| **10.** | Одбранета докторска дисертација | 1 | 8 | | | **8** |
| **11.** | Одбранет магистерски труд | | | 1 | 4 | **4** |
| **14.** | Учесник во научен проект | 1 | 2 | | | **2** |
| **23.** | Студиски престој во странство | 1 | 8 | | | **8** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **130,5** |
| | | | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| **4.** | Стручна монографија | | | 1 | 10 | **10** |
| **6.** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | | | 1 | 3 | **3** |
| **28.** | Член на факултетски орган, комисија | 3 | 2 | | | **6** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **19** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **149,5** |

**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ИНСТИТУЦИИ НА ЕВРОПСКА УНИЈА” (СКРИПТА) ОД ДОЦ. Д-Р АНА НИКОДИНОВСКА-КРСТЕВСКА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-127/10 од 182. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 17.9.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јован Ананиев, редовен професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Дејан Маролов, вонреден професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ИНСТИТУЦИИ НА ЕВРОПСКА УНИЈА“ (скрипта) од доцент д-р Ана Никодиновска-Крстевска, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Учебното помагало – скрипта под наслов **„**Институции на Европска Унија“ од доцент **д-р Ана Никодиновска-**Крстевска ќе се користи како учебно помагало по предметот Институции на Европска Унија, предвиден во III семестар како изборен предмет на прв циклус на студиската програма Правни студии при Правниот факултет во Штип, како и на дисперзираната насока во Струмица и на Медиумски студии и односи со јавноста во Штип, со неделен фонд на часови 2+1+1, со 4 ЕКТС. Исто така ќе се користи како учебно помагало по предметот Европски институции, предвиден во VIII семестар како задолжителен предмет од првиот циклус на студиската програма Применета политика и дипломатија во Штип – модул Европско право и меѓународни односи, како и на студиската програма Новинарство и односи со јавноста во Штип и на дисперзиите во Скопје, со неделен фонд на часови 2+2+1, со 6 ЕКТС. Учебното помагало е во согласност со Наставната програма на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Ракописот содржи вкупно 64 страници компјутерски отчукан текст во А4 формат. Учебното помагало претставува систематизирана и конзистентна целина, која се состои од: предговор, содржина, скратеници, вовед, прва глава, втора глава, трета глава, четврта глава, петта глава, шеста глава, седма глава, осма глава, заклучок, библиографија.

По обем и содржина ракописот го задоволува бројот на часови предвидени за соодветниот предмет, како и соодветствува на критериумите утврдени во Правнилникот за единствените основи за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Учебното помагало претставува оригинален научен текст, кој според обемот и содржината предвидени за предметот Институции на Европска Унија, досега не е објавуван на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Учебното помагало е структурирано на начин што во посебни глави се опишуваат главните институции на Европската Унија и, главно, секоја од нив е систематски подредена во две потточки кои се однесуваат на 1. Организација и начин на работа и 2. Функции и надлежност на соодветните институции. Ова е направено со цел да се добие попрегледна, структурирана и лесно споредлива содржина на разните институции на Европската Унија.

Врз основа на тоа, во воведниот дел се дадени општи напомени за предметот на ова учебно помагало. Појдовната премиса се однесува на почетоците и создавањето на Европската Унија, кое започнува по Втората светска војна со воспоставувањето на првата Европска заедница за јаглен и челик во 1952 г., која заедно со Римските договори од 1957 г.

за Европска економска заедница и за Заедница од областа на атомската енергија, всушност, се поставуваат базите на современата Европска Унија. Во ова поглавје е претставен историјатот на европската интеграција и позначајните акти на нејзиното конституирање, како и се посочуваат карактеристиките што ја прават да биде уникатен *sui generis* субјект во меѓународните односи и заедница.

Тргнувајќи од тоа, во првата глава се разработува Европскиот парламент, како една од основните институции на ЕУ кои се дел од законодавниот процес на носење на легислативни акти во Унијата. Европскиот парламент како единствена институција која е директно избрана од европските граѓани се опишува низ призмата на неговиот начин на избор, претставување и делување на европските парламентарци, неговиот број, функции и надлежности, начин на донесување на одлуки и неговиот однос со другите институции.

Во втората глава се опишува Европски совет како највисокото тело на политичко одлучување во рамките на Европската Унија. Конкретно, се наведува праксата на неговото настанување и неговото институционализирање преку договорите, неговите функции во однос на определување на стратешките интереси на Унијата и начиниот на донесување на одлуки. Освен тоа, внимание се посветува и на фигурата на претседател на Европска Унија и неговите надлежностите на претставник на Унијата од областа на заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ.

Во третата глава е претставен Советот на Европската Унија како тело со типичен меѓувладин карактер во кое директно учествуваат земјите членки и кое е дел од законодавниот процес на донесување на акти во Европската Унија (заедно со Европскиот парламент). Во поглавјето подетално се опишува структурата на Советот (КОРЕПЕР I и КОРЕПЕР II), неговите различни формации во кои се состанува Советот, неговите надлежности, како и начинот на донесување на одлуки.

Во четвртата глава се разработува Европската комисија како едно од основните супранационални тела на Унијата, којашто го претставува општиот и заеднички интерес на Европската Унија и е независна во однос на земјите членки или која било друга институција. Во оваа глава се посветува внимание на изборот, составот и структурата на Комисијата, нејзините надлежности на законодавен иницијатор, на заштитник на договорите и на застапник на Унијата во надворешните односи.

Петтата глава е посветена на високиот претставник за Заедничка надоворешна и безбедносна политика (ЗНБП), како тело со „двојна капа“ бидејќи освен тоа што има постојана позиција на претседател на Советот за надворешни работи, исто така ја покрива функциијата на еден од замениците претседатели на Европската комисија. Тука се опишани неговите функции и надлежности во двете институционални фигури и се посветува внимание на Европската служба за надворешни работи, чиј раководител е токму високиот претставник за ЗНБП.

Во шестата глава се опишува Европскиот суд на правдата, кој врз основа на чл. 13 од Договорот за Европската Унија (ДЕУ) се квалификува како институција на Унијата, надлежен да обезбеди почитување на европското право преку негово толкување и преку примена на договорите. Во оваа глава се опишуваат различните структури и состави на Европскиот суд на правдата, неговите надлежности и постапките пред Судот.

Во седмата глава накратко се опишани европската централна банка и Ревизорскиот суд, како дел од основните институции на Европската Унија. Но, исто така е опишана и Европската инвестициска банка. Наведени се составот, надлежностите и функциите на Европската централна банка, како тело коешто има екслузивна надлежност да ја дефинира и спроведува монетарната политика на Унијата и, се разбира, опишани се надлежностите и функциите на Ревизорскиот суд којшто има надлежност да обезбеди финансиска контрола врз поединечните институции на Унијата.

Осмата глава е посветена на советодавните тела на Европската Унија и тоа Комитетот на регионите и Економско-социјален комитет. Во ова поглавје се опишани структурата, составот и организацијата на овие тела, нивните надлежности и советодавни функции.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебното помагало со наслов **„Институции на Европска** Унија“ (скрипта) претставува системско дело од областа на европските интеграции и правото на Европска Унија, што целосно одговара на потребите на студентите на прв циклус студии. Според содржината, обемот и структурата, авторката успеала да направи оригинално учебно помагало коешто ќе им придонесе на студентите да ја совладаат материјата на разбирлив и на лесен начин по предметот Институции на Европска Унија. Врз основа на наведеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип да го прифати позитивно рецензираниот извештај за ова учебно помагало со наслов „Институции на Европска Унија“ од доцент д-р Ана Никодиновска-Крстевска и да го одобри ракописот за објавување.

**Рецензенти**

**Д-р Јован Ананиев, редовен професор, с.р.**

**Д-р Дејан Маролов, вонреден професор, с.р.**

**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ
„ИНСТИТУЦИИ НА ЕВРОПСКА УНИЈА” (ПРАКТИКУМ)
ОД ДОЦ. Д-Р АНА НИКОДИНОВСКА-КРСТЕВСКА,
ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-127/20 од 182. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на ден 17.9.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Јован Ананиев, редовен професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- д-р Дејан Маролов, вонреден професор, Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „ИНСТИТУЦИИ НА ЕВРОПСКА УНИЈА“ (практикум) од доцент д-р Ана Никодиновска-Крстевска, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниот

**И З В Е Ш Т А Ј**

Учебното помагало (практикум) под наслов **„**Институции на Европска Унија“ од доцент д-р Ана Никодиновска**-**Крстевска ќе се користи како учебно помагало по предметот Институции на Европска Унија, предвиден во III семестар како изборен предмет на прв циклус на студиската програма Правни студии на Правниот факултет во Штип, како и на дисперзираната насока во Струмица и на Медиумски студии и односи со јавноста во Штип, со неделен фонд на часови 2+1+1, со 4 ЕКТС. Исто така, ќе се користи како учебно помагало по предметот Европски институции, предвиден во VIII семестар како задолжителен предмет на првиот циклус на студиската програма Применета политика и дипломатија во Штип – модул Европско право и меѓународни односи, како и на студиската програма Новинарство и односи со јавноста во Штип и на дисперзиите во Скопје, со неделен фонд на часови 2+2+1, со 6 ЕКТС. Учебното помагало е во согласност со Наставната програма на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Ракописот содржи вкупно 338 страници компјутерски отчукан текст во А4 формат. Практикумот претставува систематизирана и конзистентна целина, која се состои од: вовед, документ бр. 1. Правилник за работа на Европскиот парламент; документ бр. 2. Правилник за работа на Европскиот совет и Правилник за работа на Советот; документ бр. 3. Правилник за работа на комисијата; документ бр. 4. *Консолидирана верзија на Правилникот за работа на Судот на правдата од 25 септември 2012 г. и библиографија***.**

По обем и содржина, практикумот го задоволува бројот на часови предвидени за предметот Институции на Европска унија, како и соодветствува на критериумите утврдени во Правилникот за единствените основи за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Учебното помагало - практикум претставува збир на документи од обласа на европската интеграција и правото на Европската унија, кој според обемот и содржината предвидени за предметот Институции на Европска Унија досега не е објавуван на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип. Практикумот соодветствува на критериумите утврдени во Правилникот за единствените основи за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Во однос на содржината, во воведниот дел се дадени општи напомени за предметот на ова учебно помагало. Во документ бр. 1 е содржан Правилникот за работа на Европскиот парламент во кој се содржани процедуралните правила за работата на оваа институција.

Во документ бр. 2 се содржани Правилникот за работа на Европскиот совет и Правилникот за работа на Советот на ЕУ, во кои се содржани процедуралните правила на работата на овие две институции.

Во документ бр. 3 е содржан Правилникот за работа на Комисијата на Европската Унија, во кој се содржани процедуралните правила за работа на оваа институција.

Во документ бр. **4** е содржана Консолидираната верзија на Правилникот за работа на Судот на правдата од септември 2012 г., во кој се содржани процедуралните правила за работа на оваа институција.

**ЗАКЛУЧОК**

Учебното помагало со наслов „Институции на Европска Унија“ (практикум) претставува збирка на документи од областа на европските интеграции и правото на Европска Унија, што целосно им одговара на потребите на студентите на прв циклус студии. Според содржината, обемот и структурата, овој практикум ќе им послужи на студентите на лесен и разбирлив начин да ја совладаат и да ја владеат материјата по предметот Институции на Европска Унија. Врз основа на наведеното, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип да го прифати позитивно рецензираниот извештај за ова учебно помагало со наслов „Институции на Европска Унија“ (практикум) од доцент д-р Ана Никодиновска-Крстевска и да го одобри ракописот за објавување.

**Рецензенти**

**Д-р Јован Ананиев, редовен професор, с.р.**

**Д-р Дејан Маролов, вонреден професор, с.р**

**РЕЦЕНЗИЈА**

**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА“
ОД ПРОФ. Д-Р ЕЛИЗАБЕТА ЗИСОВСКА,
ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ,
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр. 2002-157/57 од 227. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на ден 27.8.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Соња Пеова, редовен професор, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје;
- д-р Милка Здравковска, редовен професор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА**” од **проф. д-р Елизабета Зисовска**, наменет за издавање на учебник за студентите на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Доставениот ракопис за издавање на учебникот со наслов „Педијатрија со нега“ е наменет за студентите на прв циклус на стручните студии од Студиската програма за медицински сестри/медицински техничари, по предметот Педијатрија со нега, кој се слуша во шести семестар, со неделен фонд на часови 3+2+1 и носи 6 кредити. Приложениот ракопис потполно е во согласност со наставната програма по истиот предмет и ја опфаќа наставната материја за наведената студиска програма.

**Податоци за обемот ракописот:** Ракописот содржи вкупно 248 страници и има 88 слики, 5 табели и 38 референци на користена литература. Форматот комплетно го задоволува обемот на наставната материја и содржината на истата според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип и е во согласност со барањата за издавање на учебник за студенти на прв циклус.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Одамна постои потреба за ваков сеопфатен учебник на студиската програма за медицински сестри/медицински техничари, затоа што постои потреба студентите да имаат еден основен учебник за задоволување на потребите на предметот Педијатрија со нега, а дополнителната литература да служи само за продлабочени знаења. Досега нема објавено интегриран учебник кој е во согласност со наставната програма и редоследниот распоред на темите кои се обработуваат во теоретската настава и практичната настава по овој предмет. Овој учебник за истоимениот предмет во целост ќе ги задоволи барањата на наставната материја, со што се задоволува потребата за објавување на поднесениот ракопис.

**Краток опис на содржината:** Овој ракопис содржи 17 поглавја кои логично се распоредени според содржината и наставната програма, кои се со различен обем, со што е опфатена целата наставна програма.

Во првото поглавје со наслов *Комуникација со детето како пациент* е опишан начинот на комуникација на медицинската сестра/медицинскиот техничар со родителите на детето, имајќи предвид дека во педијатријата анамнезата е хетероанамнеза и за добивање на соодветни податоци и обезбедување на услови за сериозен преглед, неопходни се извонредни комуникациски вештини за да се доближи здравствениот работник до детето. Ова поглавје е од огромно значење за пациентите, како за придружникот на детето, така и

за самото дете како пациент. Дискутирани се карактеристиките на децата како пациенти, квалитетите кои треба да ги има здравствениот работник, средината и влијанието на други фактори кои можат да ја попречуваат комуникацијата.

Во второто поглавје *Педијатриска пропедевтика* се опишани сите практичните аспекти на анамнеза, физикален преглед, основни иследувања за поставување на дијагноза. Во овој дел се интегрирани препораките за добра дијагностика, како за медицинската сестра/медицински техничар така и педијатарот, затоа што двата профила претставуваат неделив тим во ефикасното здравство. Обработени се сите елементи на педијатриската пропедевтика, со цел правилна дијагноза и соодветна терапија.

Третото поглавје има наслов „Педијатриски преглед" при што детално се опишани сите методи на физикален преглед каде што имаат заедничко, тимско учество докторот и сестрата со цел правилна дијагноза и терапија на детето. Има сосема доволно информации за улогата на медицинската сестра/медицински техничар во оваа сложена процедура. Особено е потенциран начинот на кој се мониторираат виталните функции каде што клучната улога ја има сестрата/техничарот, како и иследувањата каде што е целосно вклучена со своето знаење и вештини. Во овој преглед улогата на секој здравствен работник е од огромно значење при поставување на дијагнозата.

Во четвртото поглавје насловено *Раст и развој кај децата* се презентирани сите аспекти на нормалниот раст и развој. Опишани се сите елементи за следење на правилниот раст и развој и една нова димензија – раното препознавање на знаците за пореметување на овие параметри. Ова е од огромна важност, затоа што раното препознавање овозможува рана интервенција и спречување на посериозните последици од пречките во растот и развојот. Опфатени се сите старосни групи, од новородено до адолесценција, со што се заокружува целото поглавје.

Петтото поглавје има наслов *Новородено дете*, каде што детално се обработуваат проблемите кои се јавуваат кај новороденчињата, од аспект на адаптација на екстраутерина средина, присуство и проблеми од родилните повреди, проценка на виталноста на новороденото дете, примената на Апгар скорот и основните чекори во примарната реанимација, кои имаат огромна важност од причина што задоцнетата или неправилно спроведената примарна реанимација можат да доведат до смрт или трајни несакани последици кај детето во тек на неговиот развој. Редоследно, како што оди процесот по раѓањето, понатаму е презентирана анатомијата и изгледот на здраво доносено новородено дете, каде што се опишани главните карактеристики. Во ова поглавје добар дел е посветен на проценката на гестациската старост преку описот на морфолошките критериуми за груба проценка на гестациска старост. Не е запоставен и делот за секојдневна нега на новороденото дете, каде што се опишани сите рутински постапки кои треба да ги има совладано практично медицинската сестра која треба да ги владее вештините и да има теоретско знаење за да ја едуцира мајката во домашни услови да ја продолжи рутинската нега на своето дете. Дадени се основните потребни информации за исхраната на новороденчето, почнувајќи со првиот контакт кожа-на-кожа кај мајката и првиот подој за кој е најдобро ако се одвие уште во родилната сала. Дадени се и повеќе слики за положби при доење, што ја олеснува обуката на вклучените здравствени работници, но и помага да се инструира мајката за најповолна положба за доење. Опишан е и неонаталниот апстиненцијален синдром кој се почесто се среќава со оглед на негативните трендови во современото општество.

Шестото поглавје е со наслов „Избор и апликација на лекови кај педијатриски пациент" содржи детални и јасни препораки за фармакотерапија кај децата, која е специфична од секој аспект: возраст, облик на лек, дозирање, начин на апликација и останатите домени кои секоја медицинска сестра/медицински техничар треба да ги има во делот на своите компетенции. Особено треба да се обрне внимание на едукацијата на децата за самостојно земање на лекови, што е задача на овој здравствен профил.

Седмото поглавје *Инфекции во детската возраст* дава насоки како децата како пациенти да се заштитат од интрахоспитални инфекции, како да се препознаат инфекциите кај нив во раната фаза, да се иследуваат и третираат децата. Содржината е сосема приспособена на потребите на здравствениот профил медицинска сестра/медицински техничар и е согласно наставната програма. Дадени се и информации за иследување и

интерпретација на резултатите. Опишани се според време на појава и според возрастите. Потенцирани се постапки за почитување на клаузулите на антисепса во педијатриските одделенија.

Осмото поглавје ги обработува методите на *Грижа при неспецифичните знаци и симптоми кај детето*. Презентирани се методи за разладување при висока температура и третман на процедуралната болка. Оваа содржина е од огромно значење, затоа што малите деца и новороденчињата имаат рецептори за болка, имаат низок праг на болка, но презентацијата е различна. Затоа се прикажани знаците на болка во различни возрасти, и методите за намалување на болката при изведување на процедурите.

Деветтото поглавје, насловено *Алергиски заболувања кај децата* опишува една многу важна состојба која е многу честа и во дијагнозата и третманот на овие заболувања тимската работа на здравствените професионалци е од огромно значење, а за успешен третман на алергиските заболувања неопходно е добро теоретско и практично познавање на патологијата. Подетално се опишани постапките на алерголошко тестирање, методи на елиминација и методи на експозиција, како и минорните разлики кај одделни алергиски заболувања.

Десеттото поглавје со наслов *Грижа за дете со ендокрини заболувања* ги обработува постапките кои се спроведуваат во дијагнозата, терапијата и негата на децата со болестите на тироидната жлезда, кои се најчести, како и другите кои се среќаваат поретко во педијатриската возраст. Ендокрините заболувања често доведуваат и до психосоматски проблеми кај поголемите деца. Акцентиран е дијабетот кој кај овие деца секогаш бара лекување со инсулин, што упатува на потребата од едукација на поголемите деца за самоинјектирање на инсулин.

Единаесеттото поглавје насловено како *Грижа за дете со респираторни заболувања* поопширно обработува проблеми од респиратотрната патологија, како и постапките каде што медицинската сестра/медицински техничар е дел од тимот за згрижување на децата со респираторни заболувања, отстранување на страно тело, бронхоскопија.

Дванаесеттото поглавје го обработува делот *Грижа за дете со кардиоваскуларни заболувања*, особено се опишани постапките на изведување на иследувања во кардиолошката дијагноза. Тука медицинската сестра/медицински техничар има можност да се запознае со правилните принципи на поедноставните кардиолошки инвестигации, како поставување на електроди за ЕКГ, препознавање на алармантни знаци на кардиолошко страдање, постапки при акутни кардиоваскуларни заболувања.

Тринасеттото поглавје со наслов *Грижа за дете со гастроинтестинални заболувања* ги обработува најчестите постапки и манипулации во грижата за дете кое страда од дигестивно нарушување, одејќи систематски од устата до крајниот дел на ГИТ. Опишани се постапките кои сестрата/техничарот треба да ги спроведуваат во грижата за овие пациенти и во иследувањата и терапијата како дел од тимот кој води ваков пациент. Детално се обработени состојбите на нарушувања на ГИТ, со придружните знаци и идентификувани потреби. Внимание е посветено на дете кое повраќа, постапката на лаважа на желудникот, обработка на пациент кој има вродена аномалија на ГИТ.

Четиринаесеттото поглавје е насловено како *Грижа за дете со урогенитални заболувања* и многу детално се опишани процедурите на земање на примероци за испитување на урина и тоа за различни процедури, дали за седимент или уринарни инфекции-уринокултура, како и нега на болен со вакви заболувања. Овие деца имаат потреба од подолготрајно лекување, што бара посебен третман во болница и во амбулантите за понатамошно следење.

Петнаесеттото поглавје ги обработува аспектите на *Грижа за дете со хематолошки заболувања* и се опишани процедурите кои треба да ги познава овој профил на здравствени работници во работата со деца болни од хематолошки нарушувања. Овде е нагласена нивната улога во комуникацијата, негата и психолошкиот пристап. Во овие заболувања акцент е даден и на нарушувањата на коагулацијата, кои се обработени и од теоретски аспект, но и од практичен, пружање на прва помош при крвавења.

Шеснаесеттото поглавје има наслов *Грижа за дете со невролошки заболувања* и во овој дел од ракописот се опишани фебрилните конвулзии кои се најчести кај децата,

церебралната парализа и помошта која треба да им се даде на овие деца, но и продлабочени информации за причините на овие заболувања со цел подобро да се разберат. Презентирана е и епилепсијата како посебен ентитет и подготвеноста која треба да ја имаат за прва помош при напад.

Седумнаесеттото поглавје ги обработува проблемите *во Грижата за дете со ургентни и хируршки состојби*, при што мора да се нагласи дека овие заболувања се интердисцплинарни со детската токсикологија и детската хирургија, но грижата и во трите области е задача на медицинската сестра/медицинскиот техничар како во давање на помош при дијагнозата, така и во периодот на закрепнување. Прзентирани се најчестите ургентни состојби, како труења, напади на слепо црево, инкарцерирана херниjа.

И на крајот, внесена е и користената литература, наведени се 38 референци со информации за различни делови од содржината, од каде може да се види дека има голем број на извори на податоци базирани на докази, ажурирани информации, кои секако дека ќе допринесат за профилирање на медицинските сестри/медицински техничари како значаен фактор во правилното згрижување на педијатриските пациенти.

## ЗАКЛУЧОК

Со деталното читање на ракописот со наслов **„ПЕДИЈАТРИЈА СО НЕГА“ на авторката проф. д-р Елизабета Зисовска** се заклучи дека поседува високи квалитети во однос на следните карактеристики: лесно разбирлив, читлив, со вклучување на најважните информации базирани на докази и современа литература, опишани се многу практични вештини потребни за профилот на медицински сестри/медицински техничари гледано од повеќе аспекти, при што не се изоставени и комуникациски вештини кои за оваа област се од посебно значење. Со неговото публикување, овој учебник би бил надополнување на постоечката литература која постои во библиотека на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“. Со обемот и содржината ќе ги постигне своите цели, а тоа е да подготви наобразувани и практично квалификувани медицински сестри/медицински техничари кои ќе можат да одговорат на потребите во негата на децата како пациенти. Ракописот ги задоволува критериумите за објавување и затоа Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ да го усвои овој ракопис за издавање како учебник за во наставата на студентите од стручните студии на студиската програма Медицински сестри/медицински техничари.

**Рецензенти**

**Проф. д-р Соња Пеова, с.р.**

**Проф. д-р Милка Здравковска, с.р.**

## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ „ЕКОЛОШКИ И СОЦИО-ЕКОНОМСКИ АСПЕКТИ ЗА УПРАВУВАЊЕ НА ОПАСЕН ОТПАД НА ЛОКАЛНО НИВО“ ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р АГРОН АЛИЛИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука број 0206-617/3 од 10.9.2019 година, донесена на 43. седница, а одржана на 10.9.2019 год. на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 (биотехнички, техничко-технолошки и природно-математички науки) при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација под наслов „**Еколошки и социо-економски аспекти за управување на опасен отпад на локално ниво**“, пријавена и изработена од кандидатот м-р Агрон Алили, во состав:

- проф. д-р Зоран Десподов, претседател,
- проф. д-р Блажо Боев, член,
- проф. д-р Тодор Серафимовски, член,
- проф. д-р Борис Крстев, член, интерен ментор,
- проф. д-р Хазир Положани, член, екстерен ментор.

Комисијата во наведениот состав, по прегледувањето на докторската дисертацијата, го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Анализа на трудот***

Докторската дисертација е презентирана на 191 страници и ги содржи следниве делови: Вовед, Теоретски дел, Литературен преглед, Цели на истражувањето, Методи на истражувачката работа, Резултати и Дискусија, Заклучоци и Користена литература. На крајот е дадена листа на табели - вкупно 18 и листа на слики – вкупно 19, прилози – 4 и голем број на табеларни прикази.

***Предмет на докторскиот труд***

Искуствата од напредните западни системи говорат дека секоја локална заедница има потреба да организира и да формира стратегијата за опстанок и развој. Примената на интегрирани стратегии во процесите на управување со опасен отпад наоѓаат потполна смисла во фактот што тој процес ги подобрува и унапредува потенцијалите на заедницата и резултира со дефиниран стратешки правец на нивно делување. Поради тоа што стратешките аспекти на развојот на партиципативни решенија за управување со опасен отпад ги зајакнуваат потенцијалите на заедниците, а со тоа и нивниот настап при воспоставувањето на процесот на градење развојна стратегија на локално ниво може битно да ја подобри нивната успешност. Главна цел на градењето развојна стратегија е да укаже на процесот во функција на развојот на способноста за справување со предизвиците на денешницата претставени во соодветен третман на опасниот отпад на локално ниво.

Воведувањето регионално решавање во процесот на управување со опасен отпадот и особено децентрализацијата кај нас бара градење и развој на капацитети кои ќе бидат способни да одолеат на предизвиците на новото време. Прашањата поврзани со управувањето со опасниот отпад почнаа да предизвикуваат посериозно внимание во одделни општини, но нејзините ефекти бргу се пренесоа и на регионално ниво и истите бараат трансфер на концептите и процесите од општинско на регионално ниво, за да се овозможи рефлексија на национално ниво односно зголемена севкупна успешност во процесот со управување со отпадот на ниво на држава. Секоја општина која функционира во денешницата и кога го планира развојниот пат кон иднината треба да одговори на неколку основни прашања, како што се: Како треба општината да изгледа во иднина? Кои промени треба да се имплементираат? Како да ги одржиме позитивните промени?

Одговорот на овие прашања може да се даде само доколку се почитува девизата: Размислувајте однапред. Утврдете стратегија пред да имате потреба од неа. Ова ќе ви

помогне да ги спречите кризите и да ја надгледувате ситуацијата, како и да ги решавате проблемите пред да се појават.

Застапувањето, комуникацијата и социјалната мобилизација во процесот на управување со опасен отпад е предлог концепција за ефикасно управување со опасен отпад на локално ниво која вклучува инклузивен процес на сите заинтересирани субјекти низ сите операциони стратегии во процесот: стратегијата за истражување и развој, финансиската стратегија и стратегијата за управување со човечките ресурси.

Воведувањето политики на партиципативност како во процесот на носење одлуки така и при имплементацијата на општинско ниво кај нас е тренд кој опфаќа повеќе сектори. Имплементацијата на истите најчесто е поддржана од странски донатори. Со ваквите политики се оспособуваат заедниците ефикасно да ги користат своите ресурси и да продуцираат крајни производи или услуги што се конзистентни и релевантни со целите на заедницата и нејзините корисници. Воведувањето партнерство во процесот на управување со опасен отпад на локално ниво кај нас се случува на ниво на инцидент и тоа само во одредени општини, притоа истото најчесто не ги дава очекуваните резултати од причини што се изготвуваат стратегии низ повеќе формален отколку суштински пристап во процесот на градење на истите.

Искуствата и теоретските анализи покажуваат дека процесот на управување со опасен отпад на локално ниво треба да биде партиципативен. Партиципативноста се смета како еден од најбитните неопходни услови за успешно спроведување на планот, како и неговата одржливост. Се смета дека и најдобрите планови не може да се спроведат на начин на кои се планирани доколку истите не се резултат на учество на повеќе клучни и често спротивставени фактори. Плановите не треба да бидат дело на мал број на „квалитетни" вработени, туку истите треба да ги инкорпорираат ставовите на сите клучни интересенти, вклучувајќи ги тука и обичните граѓани кои се директни корисници на резултатите од начинот на третирање на отпадот во локалната средина.

Еколошките и социоекономските аспекти за управување со опасен отпад на локално ниво подразбираат токму партиципативност во рамките на заедницата кои ќе овозможат адекватна и специфична реализација на планираните активности. Тоа често значи формирање на работни групи кои ќе работат на подготовка на планирање, но и на спроведување на планираните активности, односно поединини аспекти на планот.

Имајќи го предвид гореискажаното може да се констатира дека изготвениот план за управување со опасен отпад е многу важен документ, но сепак мора да се истакне дека процесот со кој се доаѓа до конечниот план е подеднакво важен. Во тој контекст доколку постои одлука за спроведување на планирање за управување со опасен отпад на локално ниво потребно е да постои општа прифатеност за истото на сите нивоа, исто како и да се определи времетраењето за ангажираноста на луѓето и да се развие систем за мониторинг и одржливост на активностите.

***Цели и нивна разработка***

Научната оправданост на истражувањето е имлицитно поврзана со актуелните услови на загаденоста на средината, влијанието на интернационализацијата за современ третман на опасниот отпад и потребата да се изнајдат релевантни механизми за зајакнување на капацитетите на заедниците кои низ инклузивен процес ќе овозможат одржлив развој на истите. Со научниот опис на каузалноста меѓу начинот на планирање и делување и способноста за обезбедување одржливи позитивни резултати ќе се добие објективна и сеопфатна слика за состојбата во заедниците на локално ниво и ќе се добијат научни сознанија за неопходноста од интегрирана стратегија како средство за одржлив развој. Значи целта на овој истражувачки труд е да се развие и институционализира локална стратегија во општините за управување со опасен отпад и истата да е интегрирана во стратегијата на Република Македонија.

Методолошка цел на истражувањето е изготвување инструменти (модели) за воспоставување и одржливост на стратегија за управувањето со опасниот отпад во општините, како и нивна примена и проверка заснована на инклузија, комуникација и социјална мобилизација.

Практична цел на истражувањето е добиените научно засновани податоци да создадат основа за подобрување на постоечката ситуација при управувањето со отпадот во општините кај нас. Со расветлувањето на комплексноста на истражуваниот однос меѓу партиципативната стратегија и одржливоста и развојот ќе се создаде позитивна клима за имплементација и институционализација на стратешки планови за управување со опасниот отпад во општините. Со претходното ќе се утврди потребата од ново однесување на клучните донесувачи на одлуки на локално ниво со акцент на промена на статусот во двигател на меѓусебната координација на сите заинтересирани субјекти во процесот на носењето одлуки поврзани со управувањето на опасниот отпад на локално ниво.

***Методи на истражувањето***

Во однос на дизајнот, истражувањето од методолошки аспект претставува акционо истражување во кое со примена на каузална дескрипција и компаративна анализа ќе се опише придонесот на проектираниот модел на акционен план во подигнувањето на квалитетот на процесот со управување со опасен отпад на локално ниво.

***Дефинирање и имплементирање на Модел за планирање, имплемента-ција и одржливост на процесот на третирање и управување со опасен отпад на локално ниво*** е основен инструмент на ова истражување. Паралелно за дополнување и евалуација на продуктивноста на предвидениот модел се и формулар за квантитативна и квалитативна анализа на содржината и набљудување и скала на проценка.

***Скалите на проценка*** се во склоп на анкетниот прашалник и се со цел утврдување на степенот на задоволство кај партиципиентите од настанатата промена по завршување на процесот на имплементација. Притоа 6 е највисоката оценка, а 1 најниската.

Заради утврдување на оправданоста од ова истражување, извршено е предистражување со цел согледување на актуелната состојба во општини од различни плански региони во Република Македонија, преку утврдување на соодветен примерок, избор на техники и инструменти. Податоците се прибрани по случаен избор во неколку општини кои е планирано да бидат целосно истражени во овој труд.

Предистражувањето е изведено со 8 прашања од насочено интервју. Во нив испитаниците се изјаснуваат за нивната информираност за управувањето со опасниот отпад во нивната општина, за потребата од истото, дали имало обиди за нивно информирање и вклучување во процесот на одлучување. Повеќето одговориле дека немало обиди за имплементација на инклузивен пристап при управувањето со отпадот во нивните општини. Сите истакнале дека го сметаат за потребно нивното вклучување во услови на променето зголемување на опасниот отпад и со тоа зголемено загадувањето на животната средина.

Поисцрпно елаборирање на предистражувањето авторот на трудот смета дека не е потребно бидејќи истражувањето што следи ги третира овие прашања.

Со истражувањето ќе бидат опфатени 16 општини од различни плански региона во РС Македонија. Конкретно со истражувањето ќе бидат опфатени по 2 општини од секој плански регион. Притоа по една од сите општини од различни региони (вкупно 8) ќе бидат експерименталната група, додека преостанатите 8 ја сочинуваат контролната група во кои нема да се имплементира партиципативниот процес како фактор. Во првите ќе се спроведе обука на клучните донесувачи на одлуки за предложениот модел за планирање, имплементација и одржливост на процесот на третирање и управување со опасен отпад на локално ниво, а потоа стекнатите сознанија со поддршка на авторот на овој труд ќе ги дисеминираат низ мулти секторски пристап со вклучување на повеќе заинтересирани страни и ќе изготват стратегија за заедничко делување во процесот со управување со отпадот во нивните матични општини.

Планирано било во текот на март да се спроведе обука за клучните донесувачи на одлуки во секоја од предвидените општини. Времето на изготвување на стратешкиот документ е планирано да трае два месеца. По 1 година од имплементацијата на плановите ќе се доставуваат прашалниците за да се утврди успешноста на процесот. Со прибирањето на сите податоци предвидено е истите да се обработат по што ќе се изготви извештајот со предлог мерки за подобрување на постоечкта состојба и институционализација на проектираниот модел како сублимат на целото истражување.

Преку анкетирање ќе бидат опфатени по 20 вработени во установи задолжени за управување со отпад во секоја општина посебно или вкупно 320 вработени од установи задолжени за управување со отпад во сите општини и исто толку корисници на услугите на истите. Притоа предвидено е да бидат опфатени вработени од различни нивоа во хиерархиската структура на установите. Со интервјуто ќе бидат опфатени менаџерите на јавните претпријатија, вкупно 16. Вкупниот примерок ќе изнесува 688 испитаници.

Претходното наведува на заклучокот дека во истражувањето ќе бидат вклучени четири групи на испитаници:

- првата група ја сочинуваат клучните донесувачи на одлуки на локално ниво кои ќе бидат обучени за содржината и начинот на имплементација на предвидената рамка во матичните општини;
- втората група ја сочинуваат вработени во установи вклучени во активности за третирање и управување со опасен отпад;
- третата група ја сочинуваат претставници на корисниците на услугите. При изборот на репрезентите на клиентите ќе се настојува дел од избраните да бидат од различни подрачја во самите општини;
- менаџерите ја претставуваат четвртата група во ова истражување. Тоа се раководителите на јавни претпријатија задолжени за третман и управување со опасниот отпад на локално ниво. Истражувањата изведени преку анкетниот прашалник и хипотетската рамка е обработена со примена на статистички пакет за испитувања **SPSS – Amos (Statistical Packet for Social Science – Amos)** (корелации, конвергенции и сите други можности кои ги пружа софтверот), како и преку графика на испитувањата со **Amos (Statistical Packet for Social Science – Amos).**

***Формуларот за анализа на содржината*** е наменет за да се испита и потврди состојбата пред и по примената на моделот, односно да се утврди просечната годишна концентрација на опасен отпад пред и по примената на моделот, како и да се следи тенденцијата на зголемување или намалување на количините на отпад како резултат на партиципативниот пристап.

***Набљудувањето*** е помошна техника за следење и евалуирање на вклученоста на начинот на имлементација на процесот како подеднакво значаен фактор како и содржината на процесот.

***Преглед на досегашните научни достигнувања***

Анализирајќи и следејќи ја литературата кај нас проблемот поставен во ова истражување не е доволно третиран, поради што трудот е заснован на искуства од практични подготовки на **локални еколошки акциони планови.**

***Очекувани резултати и заклучок***

Резултатите и заклучоците кои ќе се добијат од истражувањето би нашле примена во практиката, а тоа се следните:

- да се изврши анализа и споредба на системот за третман и управување со опасен отпад во различни општини од различен регион во Република Македонија;
- дефинирање и имплементација на модел за инклузивна поставеност на стратегија за управување со опасен отпад во општините;
- определување насоки за примена на мерки и активности за подобрување на ефикасноста на општините во процесот со управување со опасниот отпад;
- иницирање, воведување, имплементирање и институционализација на интегриран систем на управување со опасен отпад на локално ниво;
- да се спречи создавањето на опасен отпад;
- да се намали количината на опасен отпад;
- да се спречи или да се намали негативното влијание врз животната средина од опасен отпад и да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина;
- да се постигне високо ниво на повторна употреба на опасен отпад;
- да се постигне високо ниво на рециклирањето и други видови на преработка на опасниот отпад;

- да се обезбедат услови за воспоставување на системи за враќање, селектирање, собирање, повторна употреба, преработка и рециклирање на опасен отпад;
- да се обезбедат услови за воспоставување и развој на пазар на преработка и рециклирање на опасен отпад и
- определување насоки за промена на внатрешните и надворешните односи на клучните носачи на одлуки на локално ниво со опкружувањето.

Согласно со предметот на истражувањето се очекува од резултатите на истражувањето да се добие материјал кој ќе покаже дека се обезбедени механизми за активно и партиципативно изготвување развојни политики и одржливост на предвидените стратегии за третман и управување со опасен отпад во општините во Република Македонија.

Генерално би можело да се заклучи дека добиените резултати во овој труд покрај научната ќе имаат и практична примена во заштитата на животната средина, што претставува појдовна основа за одржлив развој на здрава животна средина. Со иницирањето, воведувањето и институционализацијата на организирано дејствување во третманот и управувањето со опасен отпад во општините кај нас истите ќе се доближат до современите трендови на западните системи кои успешно функционираат токму врз принципот на организирано дејствување во опкружувањето како водич во успешното одржување здрава и чиста животна средина.

***Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот***

Кандидатот пред одбраната на докторската дисертација ги објавил следниве рецензирани истражувачки трудови.

- Agron, Alili et all. (2015) *The performance with data processing of chemical treatment with leaching and bio-leaching.* In: XIII National conference with international participati on of the open and underwater mining of minerals, 01-05 Sept 2015, Varna, Bulgaria.
- Alili, Agron et all. (2015) *The hazardous medical waste – treatment technologies, location and origin.* Natural Resources and Technologies, 9 (9). pp. 279-284. ISSN 185-6966
- Alili, Agron et all.(2015) *Disposed biomass as a new origin for heat power – possibilities and perspectives*. Natural Resources and Technologies, 9 (9). pp. 233-244. ISSN 185-6966,
- Alili, Agron et al. (2019) *Effective Teams for Sustainable Projects– Principles, Practice and Presentation.* In: ITRO 2019, Zrenjanin, Republic of Serbia.
- Alili, Agron et al. (2014) *Analysis of the current state of waste batteries in R. Macedonia.* In: Подекс – Повекс 14, 14-15 Nov 2014, Radovis, Macedonia.
- Alili, Agron et al. (2014) *POPs as hazardous waste and appearance in the industry.* In: Подекс – Повекс 14, 14-15 Nov 2014, Radovis, Macedonia.
- Alili Agron (2019) *Development strategy for development and appropriate treatment of hazardous waste at the local level*, International Journal Knowledge, ISSN 2545-4439, Vol. 32.3, pp. 379-383
- Alili Agron (2019) *Using SPSS for research and data analysis* International Journal Knowledge, ISSN 2545-4439, Vol. 32.3, pp. 363-369.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана на докторската дисертација „**Еколошки и социо-економски аспекти за управување на опасен отпад на локално ниво**“ пријавена и изработена од кандидатот м-р Агрон Алили донесе заклучок дека истата претставува **самостојна научна работа со оригинални научни истражувања и значајни резултати**.

Врз основа на анализата и проверката на докторската дисертација може да се заклучи дека проблематиката систематично е разработена и пристапено е кон реализација на сите поставени цели и истите се реализирани. Докторската дисертација е научен труд со оригинални сознанија, а врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторската дисертација.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да **му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 2 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација** со наслов **„Еколошки и социо-економски аспекти за управување на опасен отпад на локално ниво“**, изработена од **кандидатот м-р Агрон Алили** и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Десподов, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Блажо Боев, член, с.р.**

**Проф. д-р Тодор Серафимовски, член, с.р.**

**Проф. д-р Борис Крстев, член, интерен ментор, с.р.**

**Проф. д-р Хазир Положани, член, екстерен ментор, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
# НА РАКОПИСОТ „ПРАКТИКУМ ПО ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО” ОД ДОЦЕНТ Д-Р МАРИЈА АМПОВСКА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1102-119/18 од 181. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 3.9.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Гале Галев, редовен професор во пензија, Правен факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- д-р Михајло Цветковиќ, доцент на Правен факултет, Универзитет во Ниш

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Практикум по облигационо право”** од **доцент д-р Марија Амповска**, наменет за студентите на прв циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот насловен како „Практикум по облигационо право“ е наменет како учебно помагало – практикум кое ќе се користи при изведување на практичната настава, односно вежбите за предметот Облигационо право. Истиот е наменет за студентите од четврти семестар на студиската програма Правни студии во Штип и во Струмица, со фонд на часови 2+2+1 и број на кредити 6 на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, а содржината на ракописот во целост соодветствува со наставната програма за предметот Облигационо право содржана во интерната скрипта од истата авторка насловена како „Облигационо право - општ дел” и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот содржи 215 страници во А4 формат, напишани во фонт Arial големина 12. Содржината на ракописот е разнолика во обидот секоја од наставните материи да биде покриена со примери од практиката на најсоодветниот начин. Оттаму, ракописот вклучува изворно креирани вежби од авторката, вклучување на прилози во форма на законски одредби од специјалните закони, вклучување на прилози во форма на судски пресуди, обрасци на тужби и договори. Обемот на овој ракопис по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во македонската правна литература претходно е објавено следново издание „Облигационо право“ (практикум), книга I и II од авторите Гале Галев и Јадранка Дабовиќ-Анастасовска. Исто така, д-р Марија Амповска има објавено ракопис „Практикум по облигационо право“ согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, кој е достапен во е-библиотеката на УГД. Предложениот ракопис ја наоѓа својата оправданост во неговата целоста усогласеност со наставната материја по предметот Облигационо право, како и неговата конципираност да служи како учебно помагало за изведување на вежбите од страна на предметниот наставник, според наставната програма во рамки на наведените студиски програми. Усогласеноста се однесува на содржината, типот на вежбите, како и нивниот обем и тежина кои соодветствуваат со оптималното отоварување предвидено за студените во рамки на овој курс.

**Краток опис на содржината:** Ракописот содржи дванаесет поглавја кои се наречени *Вежби* и се поделени по недели, соодветно на поделбата на наставната материја во рамки на наставната програма. Првата вежба се однесува на Законот за облигационите односи како извор на облигационото право и е конципирана преку изделување на одредби од Законот кои авторот ги прави предмет на анализа и коментирање од страна на професорот и студентите. Акцентот на предметот на анализа е ставен на установување на знаењата за начелата на облигационото право, карактерот на нормите во Законот, разликувањето на императивните и диспозитивните норми, како и воочувањето на правните стандарди меѓу одредбите во Законот.

Втората вежба се однесува на останатите закони кои се извор на облигационото право, lex specialis. Авторката ја конципирала на тој начин што студентите во рамките на законски прописи (како што се Закон за наследување, Закон за градежно земјиште, Закон за меѓународно приватно право, Закон за работни односи и други) треба да ги препознаат и идентификуваат одредбите кои претставуваат извор на облигационото право и така да научат да ги разграничат облигационите односи од останатите приватно-правни односи.

Третата вежба *Настанување на облигационите односи - страни, предмет и облигационо-правни факти, содржина и дејство на облигациите* е збир на шест едноставни примери на облигациони односи од секојдневниот живот за кои студентите треба да ги дефинираат видот на односот, страните на односот, дејствијата кои се предмет на односот, содржината и траењето на истиот. Примерите се дополнети со примери и од судската практика – тужба за враќање на долг, на примерот на која студентите треба да определат колку облигациони односи се идентификуваат во пресудата на судот, да ги определат страните, предметот и облигационо-правниот факт на секој облигационен однос поединечно и да ги објаснат карактеристиките.

Како дополнителна вежба во рамките на оваа наставна единица е предвидена *Вежбата 3А* која се однесува на институтот побивање на должникови правни дејствија, како посебен случај на дејство на облигационите односи. Вежбата, од една страна, ги опфаќа анализата на одредбите за овој институт содржани во Законот за стечај, а од друга страна опфаќа анализа на пример за тужба за побивање должникови правни дејствија која по примерот во практикум студентите треба сами да ја изработат за време на вежбите.

Вежбата број четири е посветена на промените кои можат да настанат во облигационите односи, а составена е од пет примери. Првиот пример во оваа вежба се однесува на пример за законска цесија и законско преземање на долг од Закон за наследување и се реализира преку анализа на одредбите. Вториот пример е за законска цесија и законско преземање долг според одредбите од Законот за трговски друштва и задачата на студентите е анализа на одредбите. Третиот пример е образец на договор за цесија кој треба да послужи како основ за студентите сами да изработат пример на ваков договор според фактичка состојба зададена на вежбите. Четвртиот пример се однесува на договорно преземање на долг, преку анализа на првостепена судска одлука. Петтиот пример во оваа вежба се однесува на суброгацијата според примерот на Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и анализа на одредбите со цел да се воочат разликите меѓу овие институти – суброгација, цесија и преземање на долг.

Вежбата број 5 се однесува на престанок на облигационите односи и е составена од четири примери. Во пример еден е содржана анализа на пресуда за раскинување на договор за дар. Во пример два е даден пример на пресуда за враќање на долг, на кој студентите треба да го увидат постоењето на застареност и влијанието на застареноста врз односот и врз престанок на истиот. Во пример три е содржан договор за новација и вежбата се состои во обврската на студентите да определат што е новација и кои се условите за нејзино настанување, како и дали во анализираниот пример се исполнети условите за новација. Во четвртиот пример е изложено мислењето на Врховниот суд за застарување на регресно побарување на кој пример студентите треба да го научат разликувањето на роковите на застареност и улогата на судската практика при нивното утврдување.

Вежбите број 6 и 7 се споени поради нивната истородна содржина и природа, бидејќи и двете се однесуваат на материјата на општа теорија на договорното право и тука се

опфатени општите услови за настанување на договорите. Најпрво преку два примери авторката им поставува задача на студентите во рамките на конкретната судска пресуда да определат кои се општите услови за настанување на договорите. Во рамките на вториот дел од вежбата, преку примерот 3, студентите преминуваат на изработка на посебни видови договори според однапред дадени обрасци содржани во практикум, со цел да го потврдат своето знаење на теренот на општи услови за настанување на договорите, како и битните елементи за полноважност на одделни видови договори. Предмет на работа во рамки на оваа вежба се договорите за купопродажба, доживотна издршка, отстапување на имот за време на живот, дар на недвижен имот, заем на парични средства, закуп, дело. Во овој пример авторката направила промислен и внимателен избор на договорите со цел да го потенцира значењето на одредени услови за полноважност на договорите, како што е примерот на значењето на формата, како и согласноста на одредени лица и истото им го потенцира преку практични примери. Во наредниот пример од оваа вежба авторката го разработува институтот ништовност на договори преку анализа на начелно правно мислење на Врховниот суд на Македонија.

Вежбата број 8 се однесува на облигациони односи настанати со причинување на штета. Преку анализа на судска пресуда студентите треба да ги определат општите и посебните услови во конкретниот случај кои довеле до настанување на одговорноста.

Во вежбата број 9 се прави приказ на видовите на одговорност за причинета штета (субјективна одговорност, објективна одговорност, договорна одговорност, одговорност за друг, одговорност на правното лице и неговите органи за штета причинета на трето лице и останати случаи на одговорност за причинета штета). Ракописот содржи судски пресуди кои соодветствуваат на овие видови на одговорност, а задачата на студентите е да ги анализираат со помош на општата теорија на отштетното право, односно преку определување на страните, штетното дејствие, штетата, каузалитетот и основот на одговорност.

Во вежбата број 10 се разработени надоместот на материјална и нематеријална штета преку анализа на судски одлуки, од една страна, но и преку изработка на тужба за надомест на штета врз основа на зададена фактичка состојба.

Вежбата број 11 е посветена на стекнувањето без основ и истото практично се обработува преку изработка на тужба за стекнување без основ.

Вежбата број 12 ги опфаќа практичните примери за останатите облигациони односи. Најпрво тука се вклучени анализата на законските одредби кои го уредуваат работоводството без налог и хартиите од вредност. Вежбата, исто така, вклучува анализа на конкретен пример на јавно ветување на награда и судска пресуда за работодавство без налог.

## ЗАКЛУЧОК

Ракописот претставува еден богат збир на прилози и изворни вежби креирани од авторката кои ја следат систематиката и динамиката на наставната материја по предметот Облигационо право и се конципирани на начин што овозможува установување и потврдување на теоретските знаења стекнати на предавања, како и дообјаснување на одредени институти преку примери од општествената и од судската практика. Во материјалот внимателно се вклучени законски одредби од посебни закони, но и од Законот за облигационите односи со кои авторот ги насочува студентите на областите каде што треба да се посвети посебно внимание. Посебна предност на овој ракопис е можноста студентите да остварат практична работа во насока на изготвување на договори и тужби од областа на облигационото право, што претставува посебно практично збогатување на нивното образование во рамките на овој предмет, а со тоа и остварување на замислените цели при креирање на наставната програма за предавањата и вежбите во рамките на овој предмет. Методолошкиот пристап на авторката кон изработка на овој ракопис, како и јасниот и концизен начин на практично поткрепување на материјата, овозможува студентите да ги потврдат и усовршат веќе стекнатите знаења, а ракописот го прави релевантен и значаен за целокупната наставна материја.

Имајќи го предвид горенаведеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му предложи ракописот „Практикум по облигационо право" да биде објавен како електронски практикум на веб-страницата на е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Рецензенти**

**Д-р Гале Галев, редовен професор во пензија, с.р.**

**Д-р Михајло Цветковиќ, доцент, с.р.**

**РЕЦЕНЗИЈА**
**НА РАКОПИСОТ „ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО – ОПШТ ДЕЛ" (СКРИПТА) ОД ДОЦЕНТ Д-Р МАРИЈА АМПОВСКА, ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1102-119/19 од 181. редовна седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 5.9.2019 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Гале Галев, редовен професор во пензија, Правен факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје;
- д-р Михајло Цветковиќ, доцент на Правен факултет, Универзитет во Ниш

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис **„Облигационо право – општ дел" (скрипта) од доцент д-р Марија Амповска**, наменет за студентите на прв и на втор циклус студии на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

По прегледот на ракописот Комисијата до Наставно-научниот совет на Правен факултет го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

**Општи податоци за ракописот:** Ракописот доставен до Комисијата е со наслов „Облигационо право – општ дел" и поднаслов: второ изменето и дополнето издание и е изработен како интерна скрипта согласно со правилата за издавачката дејност на УГД. Истиот е наменет за студентите од четврти семестар на студиската програма Правни студии во Штип и во Струмица, со фонд на часови 2+2+1 и број на кредити 6 на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, а содржината на ракописот во целост соодветствува со наставната програма за предметот и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Ракописот опфаќа 121 страница, напишани во А4 формат, во фонт на букви Arial, големина 12 и според својот обемот и содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**: Како што нагласува авторката во предговорот на овој ракопис, постои учебник по облигационо право, како прв учебник на македонски јазик, создаден по осамостојувањето на Република Македонија. Учебникот „Облигационо право" од проф. д-р Гале Галев и проф. д-р Јадранка Дабовиќ-Анастасовска е издаден прв пат во 2008 година.

Исто така, во 2015 година авторката д-р Марија Амповска има објавено скрипта „Облигационо право" со ISBN 978-608-244-169-6, согласно со Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, која е достапна во е-библиотеката на УГД на следниов линк: http://e-lib.ugd.edu.mk/414.

Ракописот кој е доставен до Комисијата како предмет на рецензирање претставува второ издание на оваа скрипта кое ја задржува систематиката на содржината на првото издание, а е дополнето и изменето во поглед на инкорпорирање на новините во законодавството и во правната литература и содржи одредени дополнувања на веќе постојната материја за кои професорот сметал дека е потребно на студентите да им се понудат поопширни сознанија со цел дообјаснување на одредени облигационо-правни институти.

**Краток опис на содржината:** Содржината на материјалот е поделена во три дела: Прв дел – Поим, извори и начела на облигационите право; Втор дел – Општо учење за облигационите односи и Трет дел – Видови облигациони односи.

Во рамките на првиот дел се содржани три глави. Во првата глава се опфатени поимот на облигационото право и односот на облигационото право со другите гранки на правото. Во ракописот се прави разграничување најпрво во рамките на облигационото право на општ и посебни делови и се објаснува опфатот на сите нив. Потоа се прави разликување помеѓу облигационото право и останатите граѓанско-правни дисциплини, односно стварно право, наследно право. На крајот од оваа глава се прави разликување меѓу облигационото и трговското право. Во втората глава се зборува за изворите на облигационото право. Во оваа глава авторката ги опфатила следниве извори: Уставот, Законот за облигационите односи, правните стандарди, општите услови, обичајот, моралот и меѓународните извори на облигационото право. Покрај подеталната обработка на претходно наведените извори на правото авторката наведува и други закони кои како lex specialis претставуваат извори на облигационото право. Третата глава од првиот дел е посветена на начелата на облигационото право. Откако авторката дава општи напомени за значењето на начелата, потоа се осврнува на нивно образложување поткрепено со теоретски стојалишта од домашната и компаративната литература, како и со законска анализа на конкретните одредби од Законот за облигационите односи. На ваков начин се изложени начелото на слободно уредување, начелото на еднаквост и рамноправност, начелото на еквивалентност, начелото на забрана на злоупотреба на правото, начелото на совесност и чесност, начелото на справедливост и начелото за забрана на предизвикување на штета.

Вториот дел од ракописот содржи четири глави. Првата глава е насловена како *Поим, карактеристики и видови на облигациони односи* и содржи објаснување за потеклото на поимот облигации, потоа објаснување за карактеристиките на облигационите односи како правен однос, меѓу точно определени страни, со релативен карактер, кој има за предмет определено дејствие и имотен карактер, а на крајот од оваа глава се изложени критериумите за поделба на облигационите односи: правна уреденост, правен факт, страни на облигационите односи, вид на дејствие и содржина на облигационите односи и авторката дава кратки образложенија на поделбите познати во правната литература. Втората глава е насловена како *Настанување на облигационите односи* и содржи разработка на трите претпоставки во облигационото право – постоење на страни и правен субјективитет на истите, постоење на предмет и постоење на правен факт. Во третата глава се обработуваат три прашања: содржината, дејството и промените кои настануваат кај облигационите односи. Во рамките на промените посебно се изложени промената на доверителот, промената на должникот и промената на содржината кои се познати во компаративната правна литература и во позитивното законодавство на Република Северна Македонија. Четвртата глава носи наслов *Престанување на облигационите односи* и во посебни потточки ги обработува исполнувањето, пребивањето, отпуштањето на долг, новацијата, конфузијата, невозможноста за исполнување, истек на време, отказ и смрт на страните. Во рамките на оваа глава авторката по примерот на правната литература ја сместува и застареноста како начин на престанок само на правото принудно да се оствари одредено побарување.

Третиот дел од ракописот е посветен на видовите облигациони односи, а материјата е поделена во три глави. Првата глави се однесува на договорите, втората глава на облигационите односи настанати со причинување на штета и третата глава на останатите три облигациони односи, односно на стекнување без основ, работоводство без налог и еднострани изјави на волја. Во главата за договорите се обработуваат прашања што спаѓаат во рамките на општото учење за облигационите договори. Најпрво тоа се прашањата за поимот на облигационен договор и начелото на слобода на договарање, потоа прашањата за општи услови за настанување на договорите, толкување на договорите, дејство на договорите, класификација на договорите и начини на престанување на договорите. Во втората глава авторката ги обработува облигационите односи настанати со причинување на штета. Како што авторката напоменува овој дел е пообемен и посеопфатен од делот за

договорите, бидејќи согласно со наставната програма студентите ги изучуваат посебните облигациони договори во рамки на посебен предмет Договорно право, а предметот Отштетно право не е дел од новата студиска програма и оттаму потребата студентите да се запознаат со општото учење за отштетното право, но и со посебните видови на одговорност за надомест на штета. Општата теорија на отштетното право е обработена преку начелата на отштетното право, општите услови за настанување на облигационен однос со причинување на штета и институтот надомест на материјална и нематеријална штета. Од посебните видови на одговорност авторот, во оваа глава, ги обработува субјективната, објективната и договорната одговорност, одговорноста на работодавачот за штета причинета на трети лица од негов работник/орган и одговорноста за друг.

Во последната глава од овој ракопис се обработуваат стекнувањето без основ, работоводството без налог и едностраните изјави на волја. Истите се обработуваат преку условите за нивното настанување предвидени во законодавството, како и содржината на односот кој настанува, со истакнување на спецификите на секој од овие облигациони односи.

**ЗАКЛУЧОК**

При презентирање на материјата од облигационото право авторката се држела до една општоприфатена систематика на материјата во компаративната правна литература, а воедно ја усогласила и со наставната програма по предметот Облигационо право. Наставните единици се елаборирани јасно и концизно, со што овозможуваат студентите лесно и во континуитет да ја следат наставната материја, а нивното оптоварување да биде оптимално. Во исто време ракописот нуди доволно теоретски елаборирања од домашната и компаративната правна доктрина, како и релевантен приказ на позитивно-правната регулатива на облигационото право во Република Северна Македонија за да можат студентите да се стекнат со базични знаења за предметот кои ќе им послужат како основа за нивната натамошна надградба во полето на приватното право и во рамките на натамошниот тек на студиите од прв и втор циклус.

Имајќи го предвид горенаведеното, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му предложи ракописот „Облигационо право – општ дел" (скрипта) да биде објавен како електронска интерна скрипта на веб-страницата на е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

**Рецензенти**

**Д-р Гале Галев, редовен професор во пензија, с.р.**

**Д-р Михајло Цветковиќ, доцент, с.р.**

## П Р Е Г Л Е Д

**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

**Билтен 15.10.2019 година**

| | | |
|---|---|---|
| | **ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ** | |
| **1.** | ***Наслов на тема*** | Инциденца на ракот на дојката во периодот 2010-2018 година во Република Северна Македонија |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-179/51 од 30.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Милка Здравковска |
| | ***Кандидат*** | Јасмина Шаќири |
| **2.** | ***Наслов на тема*** | Епидемиолошки карактеристики на заболени од мали сипаници во Република Северна Македонија |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-179/52 од 30.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Милка Здравковска |
| | ***Кандидат*** | Наташа Колевска |
| **3.** | ***Наслов на тема*** | Рехабилитација на спортски повреди со методи на традиционална кинеска медицина |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-179/53 од 30.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Ленче Николовска |
| | ***Кандидат*** | Кристи Мале |
| **4.** | ***Наслов на тема*** | Состојба со кардиоваскуларните болести во Република Северна Македонија во 2018 година |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-179/54 од 30.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Милка Здравковска |
| | ***Кандидат*** | Весна Зафировска |
| **5.** | ***Наслов на тема*** | Рехабилитација на хемиплегични пациенти после мозочен удар |
| | ***Одлука бр.*** | 2002-166/40 од 13.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Доц. д-р Тоше Крстев |
| | ***Кандидат*** | Марија Митковска |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ** | | |
| **6.** | ***Наслов на тема*** | Примена на мултифункционален мебел во ентериер со неговите економски и еколошки аспекти |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-115/13 од 13.6.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Васка Сандева |
| | ***Кандидат*** | Ангелина Велкова |
| **7.** | ***Наслов на тема*** | Универзален дизајн за современи просторни концепти |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-115/14 од 13.6.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Катерина Деспот |
| | ***Кандидат*** | Ана Ичева |
| **8.** | ***Наслов на тема*** | Структурна комбинаторика и видување на мебелот и просторот |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-115/11 од 13.6.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Катерина Деспот |
| | ***Кандидат*** | Зорица Стојчева |

| | | |
|---|---|---|
| **9.** | ***Наслов на тема*** | Моделирање на податоците од истражувањата на рудоносниот локалитет Петрошница во функција на дефинирање на евентуален порфирски систем |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-146/34 од 4.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Горан Тасев |
| | ***Кандидат*** | Кристиан Јованов |
| **10.** | ***Наслов на тема*** | Современи аспекти во развојот на дизајнот на мебел |
| | ***Одлука бр.*** | 1702-30/30 од 15.12.2017 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Катерина Деспот |
| | ***Кандидат*** | Михаил Намичев |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | | |
| **11.** | ***Наслов на тема*** | Влијанието на алкохолизмот врз степенот на криминалитет во Источно-плански регион |
| | ***Одлука бр.*** | 1102-141/14 од 14.10.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Вон. проф. д-р Страшко Стојановски |
| | ***Кандидат*** | Емилија Галабовска Биљарска |
| **ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ** | | |
| **12.** | ***Наслов на тема*** | Варијабилност на приносот и компонентите на приносот кај некои сорти ориз |
| | ***Одлука бр.*** | 1302-152/17 од 3.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Верица Илиева |
| | ***Кандидат*** | Ката Ангелова |
| **13.** | ***Наслов на тема*** | Определување на филосферните и микроклиматските услови кај в. лоза врз развојот на сивото гниење (*Botrytis cinerea*) |
| | ***Одлука бр.*** | 1302-152/18 од 3.9.2019 г. |
| | ***Ментор*** | Проф. д-р Саша Митрев |
| | ***Кандидат*** | Глигорчо Бојков |

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на докторски трудови одобрени од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3**

**Билтен 15.10.2019 година**

| **Докторски студии – Кампус 3** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Меѓусебна корелација на несаканите ефекти во рамките на пост 5 алфа редуктаза инхибитори синдромот кај пациенти кои се на медикаментозен третман заради бенигна простатична хиперплазија<br>Mutual correlation of adverse effects in the framework of 5 alpha reductase inhibitors syndrome in patients who are on medicinal treatment for benign prostatic hyperplasia | 0206-683/4 од 14.10.2019 г. | Интерен ментор: проф. д-р Светлана Јовевска<br>Екстерен ментор: д-р Александар Ставридис | Маја Софрониевска Главинов |